# DISRUPTING HARM IN NORTH MACEDONIA

Докази за сексуалната експлоатација и злоупотребата на деца со помош на технологија



Funded by Safe Online

Implemented by ECPAT INTERPOL unicef for every child

**Предупредување во однос на содржината:**

Во овој извештај се зборува за сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца во Северна Македонија. Содржи искази за случаи на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца, опишани од стручни лица, деца и млади луѓе во Северна Македонија. Читателите се охрабруваат да ги следат своите реакции на содржината и да пристапат кон овој извештај само на начини што им одговараат.

**Предложено референцирање:**

ECPAT, INTERPOL и UNICEF. (2026). Disrupting Harm in North Macedonia:
Докази за сексуалната експлоатација и злоупотребата на деца со помош на технологија. Safe Online.

Авторски права © ECPAT, INTERPOL, Safe Online, UNICEF, 2026.

Употребата на оваа публикација е дозволена под услов да се наведе изворот и да не се користи за комерцијални цели.
Финансирањето од Safe Online не претставува одобрување.

# СОДРЖИНА


Резиме 2
Методи 6
Вовед 12
Употреба на интернет во Северна Македонија 13

**1. Сексуална експлоатација и злоупотреба на деца во Северна Македонија со помош на технологија 17**

1.1 Непосакувано изложување на сексуален материјал 20
1.2 Сексуална злоупотреба заснована на слики 22
1.3 Сексуална изнуда 27
1.4 Кој ја врши сексуалната експлоатација и злоупотребата со помош на технологија? 31
1.5 Улогата на онлајн платформите при олеснување на сексуалната експлоатација и злоупотребата на деца 36

**2. Откривање информации 40**

2.1 Откривање на информациите како последна опција 42
2.2 Кому му се доверуваат децата? 43
2.3 Пречки за откривање 46

**3. Пријавување 51**

3.1 Формални канали за пријавување 53
3.2 Пречки за пријавување 54

**4. Влијание врз децата и пристап до соодветна грижа 61**

4.1 Влијанието врз децата 63
4.2 Предизвици во процесот на обезбедување услуги 65
4.3 Пречки за пристап 68
4.4 Предизвици со соработката меѓу секторите во процесот на обезбедување услуги 69

**5. Пристап до правда и правни лекови 73**

5.1 Недостиг на стручни лица во правосудството 76
5.2 Системски предизвици 78
5.3 Фактори кои придонесуваат за повлекување од постапките 80
5.4 Форензички испрашувања 82
5.5 Пристап до паричен надоместок 85

**6. Напори и можности за превенција 87**

6.1 Политика и институционални иницијативи 89
6.2 Потреба од превенција од повеќе сектори која е приспособена на децата 90
6.3 Напори за превенција во училиштата 91

**7. Заклучок 94**

**8. Препораки 96**

**9. Признанија 108**

**10. Додаток: Дефиниција на клучните термини 109**

# РЕЗИМЕ

Финансирано од Safe Online, ECPAT International, INTERPOL и Канцеларијата за стратегија и докази на УНИЦЕФ – Innocenti (UNICEF Innocenti) – сите работеа партнерски за да го осмислат и спроведат истражувачкиот проект и методологијата за „Disrupting Harm“. Оригиналната идеја и концептуализација на проектот беа развиени од Safe Online, обезбедувајќи ја основата за овој заеднички труд.

Ова уникатно партнерство користи мултидисциплинарен пристап за да го подобри нашето колективно разбирање за сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца[1] со помош на технологија и националниот одговор на овие форми на насилство врз децата. Комбинираната инвестиција од 15 милиони американски долари овозможи истражувањето „Disrupting Harm“ да се спроведе во 13 земји низ Источна и Јужна Африка и Југоисточна Азија од 2019 до 2022 година и во уште 12 земји, вклучувајќи ја и Северна Македонија, од 2023 година па наваму.

Меѓу 2023 и 2025 година, ECPAT International, INTERPOL и UNICEF Innocenti спроведоа истражување во Северна Македонија за да ја разберат сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија од повеќе гледни точки. Податоците во Северна Македонија се собрани преку национална анкета на домаќинства со деца на возраст од 12 до 17 години и еден од нивните родители или старатели, интервјуа со работници со директен контакт, стручни лица од правосудството, млади луѓе подложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија пред да наполнат 18 години и органи за спроведување на законот, како и анализа на националното законодавство и политика.

## Што претставува сексуалната експлоатација и злоупотребата на деца со помош на технологија?

Проектот „Disrupting Harm“ го користи терминот „сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија“ за да посочи на секоја ситуација во која се користат дигитални, интернет и комуникациски технологии во одреден момент од текот на сексуалната експлоатација или злоупотребата на дете. Овој тип насилство понекогаш се нарекува „онлајн“ сексуална експлоатација и злоупотреба на деца. Сепак, терминот „со помош на технологија“ сега се претпочита[2] за да се пренесе дека ова насилство врз децата не се случува само во онлајн просторите; може да се случи целосно онлајн или преку комбинација од онлајн и лични интеракции меѓу сторителите и децата.

Повеќе информации за клучните дефиниции што се користат во овој извештај може да најдете во додатокот.

## Клучни сознанија

### Сексуална експлоатација и злоупотреба на деца во Северна Македонија со помош на технологија

- Според податоците од анкетата „Disrupting Harm“, 10 проценти од децата на возраст од 12 до 17 години коишто користат интернет во Северна Македонија биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија во годината пред да бидат анкетирани.
- Четириесет и осум проценти од овие деца биле изложени на повеќе од една од измерените форми на експлоатација и злоупотреба во годината пред да бидат анкетирани.
- Најчестата форма на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија меѓу измерените индикатори беше примањето несакани сексуални слики, при што 8 проценти од децата одговориле дека биле изложени на ова во годината пред да бидат анкетирани. Потоа следат 5 проценти од децата кои одговориле дека од нив било побарано да споделат слика или видео од нивните интимни делови без да сакаат.

1 Овој извештај ги користи термините „technology-facilitated“ и „tech-facilitated“ наизменично, а на македонски се преведени како „со помош на технологија).

2 Меѓуагенциска работна група за сексуална експлоатација на децата, *Терминолошки упатства за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба: второ издание*, ECPAT International, Бангкок, 2025 г.

- Анкетата не откри статистички значајни разлики во изложеноста на децата на сексуална експлоатација и злоупотреба според возраста, полот, локацијата (урбана наспроти рурална), дигиталните вештини или образованието на родителите. Иако момчињата и девојчињата се подеднакво засегнати, треба да се напомене дека ниту едно момче или млад маж не учествуваше во интервјуата и покрај обемните напори за регрутирање, со што имаме ограничени увиди во нивните искуства и импликации за превенција и реакција.
- Анализата на анкетата покажува дека децата кои биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија имале 12 пати поголема веројатност да пријават самоубиствени мисли или однесувања[3] и 11 пати поголема веројатност да пријават самоповредување во изминатата година, во споредба со децата кои не биле изложени на таква злоупотреба.[4]
- Податоците од анкетата покажаа дека 52 проценти од случаите на сексуална експлоатација или злоупотреба на деца со помош на технологија вклучуваат употреба на социјални мрежи, а 30 проценти се случиле преку онлајн игри.

### Сторители на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија

- Во 78 проценти од случаите на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија измерени со анкетата, сторителот бил некој што детето веќе го познавал. Само во 5 проценти од случаите, сексуалната експлоатација и злоупотреба била од страна на лице коешто детето не го познавало. Во 16 проценти од случаите, децата не можеле или не сакале да го идентификуваат сторителот/-те.
- Според податоците од анкетата, експлоатацијата и злоупотребата со помош на технологија од страна на возрасните била почеста (57 проценти од случаите) отколку експлоатацијата и злоупотребата од страна на врсниците (22 проценти од случаите). Сепак, квалитативните податоци дадоа увид во експлоатацијата и злоупотребата и во пријателските и во интимните врснички односи.
- Сексуалната експлоатација и злоупотреба со помош на технологија од страна на поранешен или сегашен интимен партнер или симпатија биле особено чести, сочинувајќи 39 проценти од случаите опфатени со анкетата.

### Криминализација на сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија

- Правната рамка на Северна Македонија за сексуална експлоатација и злоупотреба на деца обезбедува солидна основа за заштита, вклучувајќи ги кривичните дела поврзани со сексуално изнудување со помош на технологија и создавање, употреба или ширење на дигитално генерирани материјали со сексуално експлицитна содржина што прикажува дете. Сепак, законодавството би можело дополнително да се зајакне за подобро да се справи со ризиците коишто се развиваат онлајн.
- Правната заштита од несакано изложување на децата на сексуален материјал не го опфаќа однесувањето насочено кон деца на возраст од 14 до 17 години.
- Законодавството на Северна Македонија криминализира низа однесувања поврзани со материјалите што содржат сексуална злоупотреба на деца, вклучувајќи

3 За оваа анализа, релативните ризици за самоубиствени идеи и однесувања се прикажани за децата кои биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија во изминатата година и за оние кои не биле изложени на злоупотреба во овој период. Проценките се засновани на помали подгрупи и треба да се толкуваат со претпазливост поради поширoките интервали на доверба (2,56, 55,236).

4 За оваа анализа, релативните ризици за самоповредување се прикажани за децата кои биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија во изминатата година и за оние кои не биле изложени на злоупотреба во овој период. Проценките се засновани на помали подгрупи и треба да се толкуваат со претпазливост поради поширoките интервали на доверба (6,683, 65,691).

производство, ширење и поседување без намера за дистрибуција. Сепак, самиот пристап до таквите материјали не е криминализиран, создавајќи дупка во законот што им овозможува на поединците намерно да ги пребаруваат и да ги гледаат неказнето.

- Кривичниот законик ги дефинира материјалите што содржат сексуална злоупотреба на деца првенствено во однос на визуелните претстави, што остава простор за проширување на заштитата и опфаќање на невизуелните материјали, како што се содржините само со звук.
- Во законодавството на Северна Македонија сè уште се користи терминот *„детска порнографија“* кога се зборува за материјалите за сексуална злоупотреба на деца. Оваа застарена терминологија може да имплицира дека таквите слики или снимки се форма на порнографија, со што не се одразува нивната навредлива природа.
- Бидејќи возраста за кривична одговорност е утврдена на 14 години и не постојат исклучоци, децата на возраст од 14 до 17 години би можеле потенцијално да се соочат со кривично гонење за доброволно создавање или споделување сопствена сексуална содржина, и покрај тоа што таквите дела произлегуваат од сексуално истражување.
- Законот експлицитно не го криминализира преносот во живо на сексуална злоупотреба на деца, ниту појаснува дали кривичното дело со коешто детето се присилува да учествува во *„порнографски настапи“* го опфаќа таквото однесување.
- Иако законодавството на Северна Македонија го криминализира онлајн намамувањето на деца под 14 години за сексуални цели, кривичното дело зависи од остварување физичка средба, со што се исклучува однесувањето насочено кон деца на возраст од 14 до 17 години или кое довело исклучиво до експлоатација и/или злоупотреба што се случила целосно онлајн.

### Откривање и пријавување сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија

- Податоците од анкетите покажуваат дека во 88 проценти од случаите на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија што се случиле во претходната година, децата кажале некому за тоа. Спротивно на тоа, во 9 проценти од случаите, анкетираните деца не кажале никому.
- И покрај високата стапка на откривање информации, неколку правосудни стручни лица и работници со директен контакт зборуваа за случаи што ги поддржале, каде што откривањето било последна опција за детето откако влошувањето на заканите и злоупотребата станало неподносливо.
- Од анкетата и квалитативните податоци произлегоа неколку пречки за откривање информации, вклучувајќи стигма околу сексуалната злоупотреба, страв од осуда, табуа и молк околу сексот и сексуалноста, нормализација на некои форми на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија и минати ситуации во коишто децата не добиле поддршка од родителите или институциите.
- За децата коишто откриле информации, податоците од анкетата покажуваат дека најголема била веројатноста да разговараат со старателка, по што следуваат браќа и сестри и пријатели.
- Според податоците од анкетата, пријавувањето и барањето помош од формални служби било ретко кај децата кои биле експлоатирани и злоупотребени во претходната година. Децата пријавиле во полиција само во 1 процент од случаите. Слично на тоа, во 1 процент од случаите тие разговарале со социјален работник, а само во 0,2 проценти од случаите се јавиле на телефонска линија за помош.
- Некои од клучните пречки за пријавување утврдени преку анкетата и квалитативните податоци вклучуваат срам и стигма околу сексуалното насилство, непознавањето на процесите за пријавување, недостигот од доверба во институциите и задолжителното вклучување на родителите за да се продолжи со формалните процеси за пријавување.

### Пристап до услуги и правда за децата изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија

- Законодавството бара државата да спроведе специјални програми за да се помогне физичкото и физиолошкото закрепнување, рехабилитацијата, ресоцијализацијата и социјалната реинтеграција на децата што биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба (со помош на технологија).
- Стручните лица ги наведоа недостигот на ресурси, големиот обем на работа и системските тешкотии во координацијата и соработката меѓу секторите како пречки за ефективно обезбедување услуги за децата изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија.
- Квалитативните податоци дополнително укажуваат дека централизацијата на психосоцијалните услуги во урбаните центри, особено специјализираните услуги, може да создаде логистички и финансиски пречки за семејствата во пристапот до овие услуги.
- Законските одредби за застарување на кривичните дела кои се движат од 3 до 20 години може да го ограничат пристапот до правда во случаи на сексуална експлоатација и злоупотреба (со помош на технологија), бидејќи децата може да се чувствуваат подготвени да откријат информации дури откако ќе истече законскиот рок за гонење. Законските одредби за застарување овозможуваат сторителите да се заштитат од одговорност, а лицата изложени на сексуална експлоатација или злоупотреба во детството се лишуваат од правото да бараат правда.
- Законодавството на Северна Македонија вклучува низа заштитни мерки насочени кон заштита на децата жртви на криминал во текот на правосудните постапки, вклучувајќи ги правата на добивање информации соодветни на возраста, приватност, заштита од секундарна виктимизација, учество приспособено на децата и поддршка од меѓусекторски тимови за заштита.
- Постапките што вклучуваат деца жртви на криминал во Северна Македонија мора да ги водат стручни лица од правосудството со значително искуство. Бидејќи ограничувањето на бројот на вработени го отежнува развивањето на таква експертиза, стручните лица може да не бидат запознаени со заштитните мерки наменети за деца и сексуалната експлоатација и злоупотреба со помош на технологија.
- Системските ограничувања на ресурсите, вклучително и недоволниот број на вработени, големиот обем на работа и ограничената институционална поддршка придонесуваат за одложувања во судските постапки, што може да ја разниша довербата во правосудниот систем и да доведе до повлекување на некои семејства од процесот.
- Иако законодавството на Северна Македонија предвидува мерки за форензичко сослушување приспособени на децата, сепак постојат празнини во рамката и практиката околу нивното спроведување, вклучително и отсуството на барање испрашувањата да ги спроведуваат специјално обучени стручни лица, ограничени можности за обука, недостиг од стандардизирани протоколи за сослушување и случаи на деца кои биле испрашувани повеќепати пред да се одржи формално сведочење.
- Ефективниот и навремен пристап до паричен надоместок сè уште останува тешкотија и покрај достапноста на механизмите за негово побарување во текот на кривичната постапка. Иако постои шема за обештетување на жртвите финансирана од државата, износите што може да им бидат доделени на децата изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија се релативно ниски.

Овој извештај завршува со група препораки засновани на податоци, базирани на клучните сознанија од него. Тие вклучуваат активности што треба да ги преземат клучните учесници во владата, органите за спроведување на законот, правосудството и секторите за социјални услуги, заедниците, училиштата и семејствата, како и дигиталните платформи и давателите на услуги. Тие содржат премногу детали за да бидат прераскажани во ова резиме, но може да ги најдете на страница 96 од овој извештај.

# МЕТОДИ

Методологијата на „Disrupting Harm“ комбинира квантитативни и квалитативни методи на истражување за да обезбеди подобро разбирање на сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија во Северна Македонија. Квантитативните податоци овозможуваат разбирање на обемот на ова прашање кај децата во Северна Македонија. Анализата на националното законодавство и политиките, заедно со спроведените квалитативни интервјуа, даваат увид во формалните системи и процеси наменети за поддршка на децата кои се изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија. Исто така, нуди важен контекст за разбирање на сексуалната експлоатација и злоупотреба со која се соочуваат децата и како семејствата и заедниците реагираат на тоа.

Истите методи на истражување беа спроведени во сите 12 земји од тековниот истражувачки циклус и приспособени со локалните истражувачи за најдобро да одговараат на контекстот на земјата. Истражувањето беше дизајнирано и спроведено според строги заштитни и етички протоколи. Вкупно беа создадени шест одделни, но комплементарни истражувачки активности (коишто се опишани подетално подолу) со цел да се одговори на следниве прашања:

1. Со што се карактеризира сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија?
2. Кои фактори се поврзани со виктимизацијата и извршувањето?
3. Како децата се штитат, ја спречуваат и реагираат на сексуалната експлоатација и злоупотреба со помош на технологија?
4. Како семејствата, другарчињата и социјалните мрежи ја спречуваат и реагираат на сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија?
5. Како организациите (на пр. органите за спроведување на законот, правосудниот сектор, давателите на услуги, владата, наставниот кадар) заштитуваат, ја спречуваат и реагираат на сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија?
6. Како постојната политика и законодавството штитат, ја спречуваат и реагираат на сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија?

Подолу е претставено резиме на методите што беа користени за секоја од шесте истражувачки активности.

## Правна и политичка анализа

Анализата на националните законски и политички рамки имаше за цел да идентификува правни празнини, да ја процени усогласеноста со меѓународните обврски и да ги истакне силните и слабите страни во националните реакции во однос на сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија. Правната и политичката анализа беше развиена со помош на детален контролен список од над 140 ставки, со што се овозможи доследност кај анализираните земји. Алатката, заснована на меѓународни правни стандарди и најдобри практики, оценува области како што се правни дефиниции, криминализација, надлежност, правда приспособена на децата, одговорности на приватниот сектор и политики за заштита на децата.

За да ја спроведе анализата, ECPAT International зеде национални закони и политички документи во соработка со локалните партнери, уверувајќи се дека тие ги одразуваат тековните законски рамки. Потоа тие беа анализирани со помош на контролниот список за да се идентификуваат правните празнини и предизвиците во спроведувањето, поткрепени со судска пракса и извештаи за гонење каде што беа достапни.

Нацрт-анализата беше прегледана од страна на внатрешни и надворешни експерти, вклучително и од страна на организацијата членка на ECPAT и канцеларијата на УНИЦЕФ во земјата за да се обезбеди реална точност и релевантност.

Повеќе информации за овој метод на истражување може да најдете овде.

## Анкета во домаќинствата со деца на возраст од 12 до 17 години и нивните родители или старатели

Целта на анкетата беше директно да слушнеме од децата и нивните родители или старатели за нивните позитивни и негативни искуства онлајн. Прашалникот беше поделен на модули, од кои повеќето ги пополнуваше анкетарот. За личните прашања, вклучително и оние поврзани со сексуалното насилство, испитаниците ги внесуваа одговорите директно во таблетот за да се обезбеди нивната удобност и доверливост. Целната популација за анкетата беа корисници на интернет на возраст од 12 до 17 години кои живеат во приватно (или индивидуално) домаќинство. Покрај тоа, еден од нивните родители или старатели беше исто така интервјуиран, без оглед на тоа дали користел интернет. „Корисници на интернет" беше дефинирано како лица коишто користеле интернет три месеци пред анкетата во согласност со прагот утврден од Меѓународна унија за телекомуникации.[5]

За да се постигне национално репрезентативен случаен примерок од корисници на интернет на возраст од 12 до 17 години, во анкетата користевме случаен примерок за веројатност на национално ниво. Во Северна Македонија, покриеноста со теренска работа беше 99,2 проценти. Тешко пристапните и оддалечени делови од земјата – кои сочинуваат 0,8 проценти од населението – беа исклучени од теренската работа. „Покриеноста" се дефинира како дел од вкупното население кое имало шанса да биде вклучено во примерокот на анкетата – што значи дека теренската работа би ја опфатила областа каде што живеат ако се зема примерок. Собирањето на податоците се одвиваше од мај до октомври 2024 година.

Примерокот се земаше според методот на кластери со три фази на случајна веројатност. Стапката на одзив во Северна Македонија беше 51 процент, а добиениот примерок вклучуваше 1005 деца и 1005 нивни родители или старатели.

Поделбата на примерокот според возраста и полот е прикажана подолу:

Распределба на примерокот на деца според возраст и пол:

| | |
|---|---|
| **12 – 14 години** | 53% |
| **15 – 17 години** | 47% |
| **Девојчиња** | 50% |
| **Момчиња** | 50% |

Распределба на примерокот на родители/старатели според возраст и пол:

| | |
|---|---|
| **Под 40 години** | 25% |
| **Над 40 години** | 75% |
| **Жени** | 75% |
| **Мажи** | 24% |
| **Друго** | 1% |

Повеќе информации за овој метод на истражување, како и за заштитните протоколи и ограничувања, може да најдете овде.

## Интервјуа со деца и млади лица коишто биле изложени на сексуална експлоатација или злоупотреба со помош на технологија кога биле помлади од 18 години

Целта на оваа истражувачка активност беше да се слушнат гласовите на децата и младите лица (16–24 години) коишто биле изложени на сексуална експлоатација или злоупотреба со помош на технологија кога биле помлади од 18 години.[6] Децата и младите лица кои се вклучени во тековните судски постапки не беа вклучени во студијата. Истражувачките протоколи засновани на траума беа создадени и приспособени во консултација со партнерите за истражување и спроведување во Северна Македонија (видете во делот „Благодарност").

5 Меѓународна унија за телекомуникации, *Прирачник за мерење на пристапот до ИКТ и употребата од страна на домаќинствата и поединците, издание 2020 г.*, ITU, Женева, 2020. https://www.itu.int/en/ITU-D/Statistics/Documents/publications/manual/ITUManualHouseholds2020_E.pdf.

6 Во оваа студија се користат термините „деца и млади луѓе" кога се мисли на учесниците во оваа истражувачка активност. Децата се дефинираат како лица помлади од 18 години. Иако не постои универзално прифатена возрасна група за опишување на младите луѓе, студијата ја следи практиката на Обединетите нации да ги нарекуваат млади луѓе лицата на возраст од 15 до 24 години.

Развиени се три главни стратегии за вклучување за да се поврзат децата и младите луѓе со клиничкиот истражувач за да учествуваат во интервју:

1. Професионални мрежи: Од давателите на услуги беше побарано да споделат информации за студијата и можноста да се учествува во интервју за млади луѓе (на возраст од 16 до 24 години) во рамките на нивните мрежи. Во нив спаѓаат: центрите за социјална работа, училиштата – преку училишните психолози, психолозите и психотерапевтите од јавниот здравствен систем и од приватната пракса, како и организациите на граѓанското општество кои обезбедуваат правни и/или психосоцијални услуги.
2. Дигитални мрежи: Преку сметките на Facebook и Instagram од УНИЦЕФ Северна Македонија беа споделени објави на социјалните мрежи со информации за студијата и можноста младите луѓе (на возраст од 18 до 24 години) да учествуваат во интервју. Објавите содржеа врски до веб-локацијата на УНИЦЕФ Северна Македонија каде што можеа да се најдат повеќе информации за студијата, учеството, процесот на давање согласност и информации за контакт.
3. Истражувачкиот тим работеше заедно со Сојузот на извидници на Македонија за да допре до младите луѓе (на возраст од 18 до 24 години) со информации за студијата и можност да учествуваат во интервјуто. Објавите на социјалните мрежи беа споделувани преку сметките на Facebook и Instagram од Сојузот на извидници (достигнувајќи 27.000 прегледи на Instagram), како и преку сметките на Instagram од локалните извиднички одреди. Беа поставени постери во локалните извиднички одреди, на универзитетските кампуси и на неколку одбрани јавни места каде што се собираат млади луѓе во Скопје и Прилеп. Кратки презентации за проектот беа одржани и од страна на двајца обучени членови на извидниците пред млади луѓе во рамките на бараната возраст на извидничките настани. Информациите за студијата, вклучувајќи картички и постер на социјалните мрежи, беа споделени и со организациите во рамките на мрежата на Сојузот на извидници со цел тие организации да ги споделат понатаму.

Во информациите споделени за проектот беа вклучени детали за контакт од организации кои нудат услуги за секој што сака да побара поддршка.

Во октомври 2025 година беа спроведени интервјуа засновани на траума со пет млади жени од Скопје на возраст меѓу 18 и 24 години.

И покрај користењето на повеќе начини во текот на неколку месеци за информирање на младите луѓе за можноста да учествуваат во интервју, само пет млади жени се јавија да учествуваат во студијата. Можно е траумата и стигмата поврзани со сексуалното насилство, како и немањето доверба во доверливоста, да го одвратија учеството на младите лица. Напорите за регрутирање ги истакнаа општествените и системските предизвици за вклучување на младите луѓе изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба (со помош на технологија) во истражувањето.

Податоците во извештајот што потекнуваат од оваа истражувачка активност ќе бидат означени со (YP) на крајот од наводниците.

Повеќе информации за овој метод на истражување, како и за заштитните протоколи и ограничувања, може да најдете овде.

### Интервјуа со работниците со директен контакт

Со оваа истражувачка активност имавме за цел да разбереме како работниците со директен контакт во Северна Македонија ги поддржуваат децата изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија, како и да идентификуваме на кој начин системите можат подобро да ги спречат и да реагираат на овие форми на насилство. Со неа, исто така, имавме за цел да ги истражиме искуствата на работниците со директен контакт кои се справуваат со случаи на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија, како и нивните перцепции за добрите практики и предизвиците.

Популација од интерес за студијата беа работниците со директен контакт во Северна Македонија кои им обезбедуваат поддршка или основни услуги директно на лицата кои биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија. Работниците со директен контакт беа вклучени во студијата ако во нивните случаи или пациенти во последните 12 месеци било вклучено барем едно дете или младо лице кое било изложено на сексуална експлоатација или злоупотреба со помош на технологија кога било помладо од 18 години. Работниците со директен контакт беа поканети да учествуваат само ако беа во можност да разговараат со истражувачите за деидентификуван случај.

Обучени истражувачи спроведоа полуструктурирани интервјуа со 18 работници со директен контакт. Примерокот опфати психолози и психотерапевти од јавните служби и приватната пракса, социјални работници, училишни психолози и социјални работници и психотерапевти од организациите на граѓанското општество.

Пилот-проектот првично беше спроведен меѓу јули и септември 2024 година со четворица работници со директен контакт. Преостанатите интервјуа беа спроведени меѓу јули и септември 2025 година. Од 18-те интервјуирани работници со директен контакт, 15 беа жени, а 3 беа мажи. Учесниците беа од Кичево, Куманово, Скопје и Тетово.

Податоците во извештајот што потекнуваат од оваа истражувачка активност со работниците со директен контакт ќе бидат означени со (FW) на крајот од наводниците.

Повеќе информации за овој метод на истражување, како и за заштитните протоколи и ограничувања, може да најдете овде.

### Интервјуа со стручни лица од правосудството

Со оваа истражувачка активност имавме за цел да разбереме како правосудните механизми во Северна Македонија реагираат на децата изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија за да утврдиме како системите можат подобро да ги спречат и да реагираат на овие форми на насилство. Со истражувањето, исто така, имавме за цел да ги истражиме искуствата на стручните лица од правосудството кои се справуваат со случаи на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија, како и нивните перцепции за добрите практики и предизвиците.

Популација од интерес за студијата беа стручните лица од правосудството во Северна Македонија, како судии, обвинители и адвокати. Стручните лица од правосудството беа вклучени во студијата ако директно работеле на случај со сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија во последните пет години. Стручните лица од правосудството беа поканети да учествуваат само ако беа во можност да разговараат со истражувачите за деидентификуван случај. Тековните случаи беа исклучени за да се овозможи интегритет на случајот во правосудниот систем.

Обучени истражувачи спроведоа полуструктурирани интервјуа со 16 стручни лица од правосудството меѓу кои судии, обвинители и адвокати, како и адвокати, правни помошници и правни советници од организации на граѓанското општество.

Првично беше спроведен пилот-проект меѓу јули и септември 2024 година со четворица стручни лица од правосудството. Преостанатите интервјуа беа спроведени меѓу јули и септември 2025 година. Од 16-те интервјуирани стручни лица од правосудството, 12 беа жени, а 4 беа мажи. Учесниците беа од Битола, Кавадарци, Куманово, Прилеп, Скопје и Тетово.

Податоците во извештајот што потекнуваат од оваа истражувачка активност со стручните лица од правосудството ќе бидат означени со (JP) на крајот од наводниците.

Повеќе информации за овој метод на истражување, како и за заштитните протоколи и ограничувања, може да најдете овде.

## Интервјуа со националната единица за спроведување на законот

Единицата за злосторства против децата на INTERPOL спроведува теренски проценки во соработка со Националното централно биро на секоја земја членка. Тимот на INTERPOL директно соработуваше со националните агенции за спроведување на законот, како и со единиците за заштита на децата и со доверливи партнери од граѓанското општество и невладини организации (НВО). Целта беше да се разберат оперативните реалности на истражувањето и реагирањето на сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија. Интеракциите се фокусираа на идентификување практични предизвици: празнини во ресурсите, ограничувања во истражните капацитети и пречки за меѓународна соработка. Од сознанијата дознаваме за насочената поддршка што ја обезбедува INTERPOL што може да опфаќа пристап до специјализирана обука, аналитички алатки и координирана оперативна помош. Иако овој извештај содржи збирни, нечувствителни сознанија на INTERPOL, целиот обем на неговите забелешки и заклучоци (вклучувајќи ги деталните оперативни препораки и приспособените мерки за градење капацитети) се споделува исклучиво со националните органи на власта, со што се обезбедува интегритетот на тековните истраги.

Повеќе информации за овој метод на истражување може да најдете овде.

## Ограничувања и разбирање на податоците

За целосно да се разберат сознанијата од овој извештај, важно е да се земат предвид ограничувањата на истражувачките активности и нивното спроведување во Северна Македонија.

Анкетата во домаќинствата беше спроведена во приватни домаќинства со корисници на интернет на возраст од 12 до 17 години. Анкетата беше направена да биде национално репрезентативно само за оваа група деца, наспроти сите деца во Северна Македонија. Анкетата е напречна, а не лонгитудинална, што значи дека податоците опфаќаат еден единствен момент од животот на 1005 анкетирани деца. Иако податоците од „Disrupting Harm“ ги истакнуваат врските меѓу сексуалната експлоатација и злоупотреба и другите фактори во животот на децата, не е можно да се утврди причината и последицата само врз основа на податоците од оваа анкета.

Анкетата нема намера да ги измери сите можни начини на кои дигиталните технологии се користат за експлоатација или злоупотреба на деца. Некои форми на сексуална експлоатација и злоупотреба, како што намамувањето, се особено тешки за мерење бидејќи можат да вклучуваат сложени и континуирани интеракции меѓу децата и сторителите. Преносот во живо на сексуалната злоупотреба на деца, исто така, тешко може да се измери бидејќи децата може да не бидат свесни дека нивната злоупотреба се снима, а камоли дека се пренесува во живо.

Иако податоците од анкетата покажаа високи нивоа на откривање информации од страна на децата, како и кај другите студии за сексуално насилство, прикривањето е сè уште очекувано поради неколку фактори, вклучувајќи потенцијална непријатност при зборување за нешто многу лично и болно, стравови околу доверливоста и анонимноста, како и општествени норми и табуа околу сексуалното насилство, меѓу другото. Стручните лица и младите жени изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија наведоа дека општествените норми околу родот, сексуалноста и сексуалното насилство, заедно со ставовите на обвинување на жртвата има голема веројатност да придонесат за прикривање на делата. Ова значи дека презентираните податоци веројатно се потценети. Малите примероци, исто така, го ограничуваат видот на статистичка анализа што може да се спроведе врз податоците.

Со податоците од **интервјуата со работниците со директен контакт и стручните лица од правосудството** немаме за цел да обезбедиме мерка за формите или количината на насилство во Северна Македонија поради природата на овој метод на истражување. Во многу случаи, презентираните податоци ги

претставуваат перцепциите на учесниците. Сепак, овие податоци можат да помогнат во обезбедувањето контекст и значење за разбирање на овие форми на злоупотреба и како тие се случуваат. Исто така, важно е да се напомене дека случаите што добиваат формална поддршка или стигнуваат до правосудните системи претставуваат само мал дел од случаите на злоупотреба и може несразмерно да ги одразуваат формите на злоупотреба што се пошироко познати или признаени.

Како што опишавме погоре, и покрај обемните напори за вклучување **млади луѓе кои биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија кога биле помлади од 18 години**, само пет млади жени се пријавија да учествуваат во интервјуата. Не се пријави ниту едно момче или младо лице кое се идентификува како ЛГБТКИ+. Со ова се ограничува увидот во важните перспективи на оние кои се изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија и како овие форми на насилство можат различно да влијаат врз децата.

## Етичко одобрение

UNICEF Innocenti доби етичко одобрение за проектот „Disrupting Harm" од Health Media Lab, глобален одбор за институционална ревизија.

Не е најден соодветен национален одбор за етичка ревизија што би можел да ја ревидира студијата во Северна Македонија. Соодветни одбори за ревизија постоеја само во академски услови и беа достапни само за универзитетскиот наставен кадар и студентите. Како резултат на тоа, одобрението добиено од Health Media Lab беше разгледано и на национално ниво. Покрај тоа, UNICEF Innocenti соработуваше со УНИЦЕФ Северна Македонија за да се увери дека надлежните министерства се информирани за студијата и ја одобруваат.

## Национално советување

Во мај 2026 година се одржа национално советување со претставници од надлежните министерства, судството и граѓанското општество во Северна Македонија со цел да се добијат мислења за сознанијата и препораките од „Disrupting Harm" за да се зголеми нивната релевантност за националниот контекст.

# ВОВЕД

Проектот „Disrupting Harm" го користи терминот „сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија" за да посочи на *секоја* форма на сексуална експлоатација и злоупотреба на дете што вклучува употреба на технологија. Оваа широка дефиниција овозможува препознавање на разновидните и променливите начини на кои дигиталните алатки, платформи и содржини можат да се користат при сексуална експлоатација и злоупотреба на деца.

Технологијата во овој контекст вклучува, но не е ограничена на, интернет, социјални мрежи, апликации за пораки, платформи за онлајн игри и уреди што се користат за создавање или дистрибуција на слики, видеа или друга содржина. Дефиницијата не зависи од тоа кој е сторителот, како ја извршил злоупотребата или од свесноста на детето дека она што се случува е злоупотреба. Исто така, таа не зависи од постапките на детето пред, за време или по сексуалната експлоатација и злоупотреба.

Сексуалната експлоатација и злоупотреба со помош на технологија влијаат врз децата на различни начини. За некои, тоа може да биде еден инцидент; за други, тоа е дел од поширок модел на насилство во нивните животи. Инцидентите документирани во овој извештај би можеле да се поврзат со постојни насилни врски, трговија со луѓе, насилство во училиштето, домот или заедницата или други форми на насилство што се протегаат подалеку од она што е опфатено преку ова истражување.

Сторителите можат да користат дигитални платформи за да манипулираат или да им се закануваат на децата што веќе ги познаваат или да контактираат со деца што не ги познаат отпорано. Технологијата ја олеснува сексуалната експлоатација и злоупотреба на различни начини: во некои случаи – таа останува ограничена на дигиталната сфера; во други – таа ја проширува злоупотребата што веќе се случува во живо. А во други случаи, злоупотребата започнува онлајн и потоа преминува во физички контакт.

Сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија зависи од различни фактори и динамики кои е тешко да се опфатат. Во нив спаѓаат, но не се ограничени на нерамнотежа на моќ, социјални идентитети и социјални, родови, културни и религиски норми и вредности. Овие динамики не се секогаш директно видливи во податоците, но се од клучно значење за да се разбере како се случува сексуалната експлоатација и злоупотреба и како влијае врз децата.

Важно е да се биде свесен за овие нијанси кога се чита овој извештај. Постои ризик од претерано поедноставување на проблемот без да се земе предвид контекстот во кој се случува насилството. Ако ги земеме предвид само поединечните случаи или статистиката, може да дојде до занемарување на општествените сили што овозможуваат сексуална експлоатација и злоупотреба или нивно дозволување без да бидат откриени или пријавени. Тоа што децата го споделуваат во анкетите и интервјуата го претставува она што им било удобно да го откријат во тој момент, што значи дека целосниот обем на проблемот веројатно ќе биде поголем од оној што е опфатен во овој извештај.

Како и да е, сознанијата презентирани во овој извештај во голема мера придонесуваат за разјаснување на сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија во Северна Македонија. Тие овозможуваат да се разјаснат нијансите и разбирањето за овој проблем врз основа на искуствата на децата и младите луѓе и стручните лица што им пружаат поддршка.

# УПОТРЕБА НА ИНТЕРНЕТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Со проектот „Disrupting Harm", собравме клучни показатели за употребата на интернет од страна на децата преку анкетата во домаќинствата. Овие податоци се наменети да ги надополнат достапните студии и да обезбедат ажурирани национални податоци.

Информациите за тоа како децата пристапуваат до интернет, дали можат редовно да користат интернет или не, што прават онлајн и како родителите или старателите се вклучуваат во нивното користење на интернетот може да дадат увид во тоа како да се создаде дигитална средина што е побезбедна и попријатна за децата. Меѓутоа, превенцијата на сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца (со помош на технологија) не е првенствено за тоа што децата прават онлајн. Податоците од „Disrupting Harm" постојано покажуваат дека сторителите дејствуваат опортунистички, користејќи принуда и манипулација, а воедно ги искористуваат постојните социјални и родови нееднаквости, мизогинијата, недостигот од соодветни мрежи за поддршка и празнините во заштитните системи за да извршат злоупотреба врз децата онлајн и/или во живо.

Секој напор за превенција мора да оди подалеку од она што децата го прават онлајн; ако тоа не се прави често, ќе дојде до обвинување на жртвите или третирање на децата како соучесници во експлоатацијата и злоупотребата на којашто биле изложени, како што е потврдено во овој извештај. Наместо тоа, превенцијата бара повеќеслоен пристап кој се фокусира на создавање пречки за прекршоци, а истовремени се справува со нормите, вредностите и нееднаквостите што им овозможуваат на сторителите сексуално да експлоатираат и злоупотребуваат деца.

## СТАПКА НА УПОТРЕБА НА ИНТЕРНЕТ КАЈ ДЕЦАТА НА ВОЗРАСТ ОД 12 ДО 17 ГОДИНИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




**Основа:** 1055 домаќинства.

## НАЈПОПУЛАРНИ УРЕДИ ЗА ПРИСТАП ДО ИНТЕРНЕТ КАЈ ДЕЦАТА НА ВОЗРАСТ ОД 12 ДО 17 ГОДИНИ




**Основа:** 1005 деца корисници на интернет.

# УПОТРЕБА НА ИНТЕРНЕТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕЧКИ ЗА ПРИСТАП ДО ИНТЕРНЕТ КАЈ ДЕЦАТА НА ВОЗРАСТ ОД 12 ДО 17 ГОДИНИ ШТО КОРИСТАТ ИНТЕРНЕТ




**Основа:** 1005 деца корисници на интернет.

# УПОТРЕБА НА ИНТЕРНЕТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## АКТИВНОСТИ ШТО ДЕЦАТА ГИ ПРАВАТ ОНЛАЈН НАЈМАЛКУ ЕДНАШ НЕДЕЛНО

| | |
|---|---|
| Користев социјални мрежи или размена на инстант-пораки | 88% |
| Слушав музика онлајн | 84% |
| Гледав видеоклипови | 80% |
| Користев интернет за на училиште | 69% |
| Пребарував нови информации на интернет | 66% |
| Следев популарни или јавни личности на социјалните медиуми | 65% |
| Играв онлајн игри | 64% |
| Разговарав со семејството или пријателите што живеат далеку | 58% |
| Гледа вести онлајн | 32% |
| Учествував во веб-локација каде што со луѓето споделуваме исти интереси и хобија | 30% |
| Создадов свој сопствен видеозапис или музика | 26% |
| Користев интернет за да побарам емоционална поддршка | 24% |
| Барав здравствени информации за мене или за некого што го познавам | 21% |
| Гледав пренос во живо | 20% |
| Разговарав за политички или општествени проблеми со други луѓе онлајн | 15% |
| Користев уред за виртуелна реалност (VR) | 13% |

**Основа:** 1005 деца корисници на интернет.

## НАЈПОПУЛАРНИ МЕСТА ЗА КОРИСТЕЊЕ ИНТЕРНЕТ КАЈ ДЕЦАТА НА ВОЗРАСТ ОД 12 ДО 17 ГОДИНИ

| Дома | Училиште | Трговски центар | Интернет-кафуле | На друго место** |
|---|---|---|---|---|
| 99% | 82% | 68% | 62% | 67% |

**Основа:** 1005 деца корисници на интернет.
* Прашање со повеќе одговори.
** Вообичаените одговори вклучуваа користење интернет “насекаде”, во движење (на пр., пешачење, во автобус или во автомобил), во куќата на пријателите или роднините, во теретана или на јавни места, како што се кафулиња и паркови.

## ДИГИТАЛНИ ВЕШТИНИ НА ДЕЦАТА НА ВОЗРАСТ ОД 12 ДО 17 ГОДИНИ ШТО КОРИСТАТ ИНТЕРНЕТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Знам кога треба да ги отстранам луѓето од моите списоци со контакт | 93% |
| Знам кои мои слики и слики од пријателите можам да ги споделам онлајн | 91% |
| Знам како да блокирам непосакувани скок-пораки или реклами | 85% |
| Знам како да ги сменам поставките за приватност (на пр. да контролирам кој може да ги види работите што ги објавувам или кој може да разговара со мене онлајн или на социјалните мрежи) | 84% |
| Знам како да ги одберам најдобрите клучни зборови за пребарување онлајн | 84% |
| Знам повеќе за интернетот од мојот родител/старател/негувател | 77% |
| Знам како да пријавам штетна содржина на социјалните мрежи | 76% |
| Знам како да ги уредувам постојните дигитални слики, музички датотеки и видеозаписи | 75% |
| Знам како да проверам дали некоја веб-локација е доверлива | 73% |

**Основа:** 1005 деца корисници на интернет.
* Процент на деца коишто велат дека е “претежно” или “многу” точно дека можат да го направат ова.

## УПОТРЕБА НА ИНТЕРНЕТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### СТАПКА НА УПОТРЕБА НА ИНТЕРНЕТ КАЈ РОДИТЕЛИТЕ НА ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 12 ДО 17 ГОДИНИ ШТО КОРИСТАТ ИНТЕРНЕТ




**Основа:** 1005 родители/старатели на деца на возраст од 12 до 17 години што користат интернет.
* Жените го сочинуваа мнозинството од примерокот на родители (75 проценти), па затоа овие резултати.
** Само еден родител/старател од примерокот избра “друго” при пополнување на полот.

# 1. СЕКСУАЛНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА И ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ПОМОШ НА ТЕХНОЛОГИЈА

# 1. СЕКСУАЛНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА И ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ПОМОШ НА ТЕХНОЛОГИЈА

Врз основа на анкетата од домаќинствата, 10 проценти од анкетираните деца корисници на интернет во Северна Македонија биле изложени на барем една од овие форми на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија во годината пред да бидат анкетирани. Во однос на вкупната популација на деца на возраст од 12 до 17 години коишто користат интернет во Северна Македонија, тоа претставува околу 12.000 деца кои биле изложени на некоја од овие штетни појави во период од една година.

**Процент на анкетирани деца коишто рекле дека следниве работи им се случиле онлајн во изминатата година**




**Основа:** 1005 деца на возраст од 12 до 17 години коишто користат интернет во Северна Македонија.

## Разбирање на податоците

Десет проценти од анкетираните деца во Северна Македонија одговориле дека биле изложени барем на една од горенаведените форми на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија. **Тоа претставува 100 деца од анкетираниот примерок**. Од тие 100 деца, 48 проценти биле изложени на **повеќе од една** од горенаведените форми на експлоатација и злоупотреба во годината пред да бидат анкетирани. Накратко кажано, **овие 100 деца биле изложени на вкупно 366 случаи** на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија измерени со анкетата. **Овие 366 случаи на експлоатација и злоупотреба служат како основа за поголем дел од анализата на анкетата во овој извештај**.

Податоците од анкетата се прикажани во графикони низ извештајот, заедно со бројот на случаи на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија што се вклучени во анализата. Во некои случаи, прашањата од анкетата беа со повеќе одговори и затоа прикажаните проценти надминуваат 100.

Со анкетата во домаќинствата за „Disrupting Harm“ измеривме девет форми на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија (видете во *инфографикот*). Податоците од анкетата покажуваат дека, во годината пред да бидат анкетирани, 10 проценти од децата биле изложени барем на една од измерените форми на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија. Покрај тоа, за сите форми на сексуална експлоатација и злоупотреба измерени со анкетата, не се пронајдени статистички значајни разлики во процентот на засегнати деца во зависност од нивната возраст, пол, дали живеат во градски или селски делови од земјата, нивните дигитални вештини,[7] или нивото на образование на нивните родители. И покрај тоа што податоците од анкетата покажуваат дека еднаков процент на момчиња и девојчиња биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија, ниту едно момче или младо лице кое се идентификува како ЛГБТКИ+ не се пријави за да учествува во интервјуата. Како што споменавме во поглавјето за методи, ова го ограничува увидот во перспективите на децата изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија и импликациите на ова врз превенцијата и реакција.

Ова поглавје ги претставува некои од најчестите форми на експлоатација и злоупотреба со помош на технологија што произлегоа од сознанијата засновани на податоците од анкетата во домаќинствата со 1005 деца и 1005 од нивните родители или старатели, како и од интервјуата со работници со директен контакт, стручните лица од правосудството и младите жени кои биле сексуално експлоатирани и злоупотребени како деца. Во него се дискутира обемот и природата на сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија, како и траекториите, моделите и контекстите на овие форми на насилство. Исто така, во него се проценува дали неговите различни манифестации се соодветно криминализирани со законодавството во Северна Македонија.

7 Од децата беше побарано да се оценат себеси во однос на неколку дигитални вештини, вклучувајќи ја и способноста за промена на поставките за приватност, донесување одлуки околу тоа кои фотографии од нив или од нивните пријатели ќе ги објават онлајн и како да блокираат луѓе онлајн.

## 1.1 НЕПОСАКУВАНО ИЗЛОЖУВАЊЕ НА СЕКСУАЛЕН МАТЕРИЈАЛ

Непосакуваното изложување на сексуални слики беше најчестата форма на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија на која децата биле изложени во годината пред да бидат анкетирани (8 проценти од децата). Податоците дополнително го илустрираа широкиот спектар на околности кога тоа се случува. Освен што е несоодветно за возраста, таквото изложување може да го наруши правото на слободно одлучување и информиран избор на децата во однос на тоа дали и кога ќе наидат на таков материјал. Во некои случаи, тоа може да сигнализира и за обиди за десензибилизација на децата на сексуална содржина, вклучително и во контекст на намамување.

Споделените случаи биле извршени од непознати и од луѓе од општествениот круг на детето. Тие се движеа од еднократни инциденти до зачестено изложување што беше дел од поширок модел на насилство. На пример, една млада жена опиша дека добивала такви слики од непознати онлајн кога била дете:

*[...] има „барања“, некој пишува нешто, [...] Не сум пријателка со нив на Instagram затоа што лично никогаш не прифаќам луѓе што не ги познавам. И тие испраќаат некоја гола слика, нешто слично, мислам, сè е во ред, но е многу непријатно.* (YP)

Друга млада жена се потсети како се запознала со синот на нејзините соседи, 25-годишен маж, кога имала 10 или 11 години. Само што се запознале, почнале да играат Minecraft заедно и по некое време:

*[...] Почнав да добивам известувања за слики на Snapchat. Добро, ги отворам, сликани се во шума, [...], како професионални фотографии, добри слики, од скијање, од други работи... И во ред, продолжи да праќа слики, и одеднаш испрати слика од себе во огледало само во долна облека.* (YP)

Други искази покажаа како сексуалното насилство онлајн и личното насилство можат да бидат испреплетени. Една од младите жени опиша како била сексуално вознемирувана од момче додека била во автобус, и како истото момче подоцна ја пронашло и контактирало со неа онлајн:

*[...] подоцна, на крајот кога слегував [од автобусот] [...] се обидов да го тргнам, а тој само се приближи уште повеќе и ме притисна. [...] И потоа, не знам дали беше истиот ден или подоцна во текот на неделата, [...] ми пиша некој непознат. Видов дека е тој, и пишуваше некои глупости, [...] бараше да се сретнеме. И по некое време, ми прати слика со машки полов орган и веднаш го блокира.* (YP)

Овој пример покажува дека, иако дигиталните технологии не мора нужно да создаваат „нови“ форми на сексуална експлоатација и злоупотреба, тие можат да се користат за пронаоѓање и контактирање со децата и за проширување на контактот надвор од физичките простори.

Во своите интервјуа, младите жени се осврнаа на тоа дека стана нормално да се биде изложен на сексуална содржина онлајн. Тие раскажаа дека добивале непосакувани сексуални слики или пораки во неколку наврати за време на нивното детство и дека ова речиси станало очекуван дел од користењето на интернет меѓу нив и нивните пријатели. Една од нив рече:

*Во мојот ум, на некој начин прифатив дека многу мажи не се однесуваат правилно [...] и сега веќе дури изгледа нормално некој да испрати или напише нешто такво [пораки и фотографии со сексуална конотација].* (YP)

Иако тие ја опишаа оваа форма на насилство како нормализирана, тоа не имплицираше дека овие интеракции немале влијание врз нив кога биле деца. Тие раскажаа дека се чувствувале шокирано, непријатно, па дури и згрозено, и изјавија дека таквото однесување не било во ред и било несоодветно. Сепак, и покрај тоа што овие однесувања ги препознаа како несоодветни, младите жени не се однесуваа кон нив како нешто што бара надворешна интервенција или пријавување, можеби поради чувството на нормализираност. Тие најчесто реагирале со блокирање на лицето или игнорирање на пораките. Тие, исто така, кажаа дека би можеле да го споделат тоа со пријатели, како што посочи една од младите жени изложена на сексуална содржина од лице што го запознала преку онлајн игра „*Мислам дека го споделив тоа со пријателка, но повеќе беше како*“:

> ***Види, и мене ми се случи она што другите девојки кажуваа дека им се случило, мажи да им праќаат свои голи фотографии.*** **(YP)**

И покрај очигледната распространетост и фактот дека, според податоците од анкетите, изложеноста на сексуална содржина е подеднакво честа појава кај децата на возраст од 12 до 17 години, не сите деца се подеднакво заштитени од оваа форма на злоупотреба со законодавството во Северна Македонија. Кривичниот законик забранува прикажување или на друг начин ставање на располагање „*порнографски*“ слики, видеозаписи или други видови материјали, како и прикажување „*порнографски настапи*“ на деца помали од 14 години. Казните се движат од шест месеци до три години затвор, а казната се зголемува за три до пет години ако кривичното дело е сторено со употреба на медиуми.[8] Сепак, оваа заштита не се однесува на децата на возраст од 14 до 17 години. Оваа правна празнина има неколку последици. Од правна перспектива, тоа значи дека сите деца не се подеднакво заштитени и покрај тоа што се подеднакво изложени на ризик. Покрај тоа, ова може да придонесе за неизвесност околу тоа дали искуствата што ги чувствуваме како штетни појави се препознаваат како сериозни или вредни за интервенција.

Кога непосакуваните сексуални пораки, слики или интеракции се перципираат како рутински дел од користењето на интернетот, и кога законската заштита не се однесува подеднакво на сите деца, може да бидат помала веројатноста штетните искуства да бидат откриени, пријавени или решени. Оттука, се зголемува потребата од едукација и отворени дискусии за здрави врски, граници, секс и сексуалност, вклучително и достапност на доверливи возрасни лица коишто можат да ги поддржат децата без осудување или обвинување. Според податоците од анкетата, само 19 проценти од анкетираните деца на возраст од 12 до 17 години изјавиле дека добиле формално или неформално сексуално образование.[9] Како што е наведено понатаму, особено во делот 2.3, интервјуата со стручните лица и младите жени кои биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија во детството покажаа дека разговорите за сексот и сексуалноста се сметаат за табу и се избегнуваат.

8 Република Северна Македонија (1996). Кривичен законик, чл. 193 (1) и (2).
9 Овој термин се користи за да се отслика терминот што се користи во анкетата.

# 1.2 СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА ЗАСНОВАНА НА СЛИКИ

Сексуалната злоупотреба заснована на слики опфаќа различни насилни однесувања што вклучуваат сексуални слики. Ова вклучува правење, создавање и ширење сексуална содржина без дозвола од прикажаното лице или под закана.

Преку податоците од анкетата и интервјуата, во овој дел ги истражуваме различните околности под кои оваа содржина може да се добие, создаде и сподели, од намамување од страна на возрасни лица до првично консензуални интеракции со врсници. Од клучно значење е да се земат предвид различните начини на кои може да се случи злоупотреба заснована на слики, бидејќи тоа ќе влијае врз потребните интервенции и стратегии за превенција.

**Материјали за сексуална злоупотреба на деца во законодавството на Северна Македонија: дефиниција, празнини и терминологија**

Според законодавството на Северна Македонија, материјалите за сексуална злоупотреба на деца се дефинираат како секоја визуелна содржина, вклучително и реални слики, коишто прикажуваат дете, или лице коешто личи на дете, вклучено во експлицитни сексуални дејства или прикажано во експлицитна сексуална поза.[10] Кривичниот законик забранува широк спектар на дела поврзани со таквите материјали, вклучувајќи нивно производство за дистрибуција, пренесување, нудење, ставање на располагање, стекнување за себе или за трета страна и поседување.[11] Сторителите се соочуваат со затворска казна од најмалку осум години кога таквите кривични дела се извршени преку компјутерски систем или друго средство за масовна комуникација.[12] Истата казна важи и за присилување на дете да произведува такви материјали, зголемувајќи се на минимум 10 години затвор ако детето е под 14 години.[13] Меѓутоа, постојат правни празнини. Дефиницијата за материјалите за сексуална злоупотреба на деца ги исклучува невизуелните материјали, како што е содржината само со звук. Ова е поголемо ограничување во однос на меѓународните стандарди, како што е Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија, кој го опфаќа *„секое претставување, со какви било средства.“*[14]

Покрај тоа, со законодавството на Северна Македонија изречно не се криминализира самото пристапување или гледање на овие видови материјали. Со ова се создава потенцијална дупка во законот, со која поединците можат намерно да бараат и да гледаат ваков вид содржина онлајн без да се соочат со правни последици. Ваквите празнини ризикуваат да ги поткопаат напорите за намалување на побарувачката за овој материјал и за целосно повикување на одговорност на сторителите. Исто така, се поставуваат прашања за тоа дали сегашните закони целосно ја опфаќаат злоупотребата емитувана во живо, каде што не се зачувува или споделува никаков материјал. Иако преносот на материјали за сексуална злоупотреба на деца преку компјутерски систем е криминализиран,[15] ова може да биде недоволно за да се опфати преносот во живо на сексуална злоупотреба на деца каде што не се создаваат, преземаат или складираат вистински „материјали“.[16] Иако ваквите случаи, теоретски, би можеле да се гонат според одредбите со кои

10 Република Северна Македонија (1996). Кривичен законик, чл. 122 (24).
11 Исто, чл. 193-а (1), 193-а (2).
12 Исто, чл. 193-а (3).
13 Исто, чл. 193 (5), 193 (6).
14 Генерално собрание на Обединетите нации (2000 г.). Факултативен протокол кон Конвенцијата за правата на детето за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија, чл. 2 (в).
15 Република Северна Македонија (1996). Кривичен законик, чл. 193-а (1), 193-а (2), 193-а (3).
16 Исто, чл. 122 (24).

се криминализира присилувањето на детето да учествува или да присуствува на *„порнографски настапи“*,[17] воведувањето на конкретно кривично дело би било подобро за да се избегне двосмисленост во толкувањето и недоследни судски исходи.

На крај, Кривичниот законик продолжува да го користи застарениот термин *„детска порнографија“* кога се зборува за материјалите за сексуална злоупотреба на деца.[18] Иако сè уште е присутна во многу правни системи, оваа терминологија е несоодветна и погрешна, бидејќи имплицира дека сликите или снимките од сексуална злоупотреба на деца се форма на порнографија. Ова толкување ризикува да ја намали сериозноста на злоупотребата, банализирајќи ја штетата или имплицитно легитимирајќи ги дејствијата што претставуваат сексуална експлоатација и/или злоупотреба на деца. Наместо тоа, треба да се користи терминот „материјали за сексуална злоупотреба на деца“, бидејќи тој попрецизно ја одразува природата на штетата.[19] Оваа промена на терминологијата беше препорачана и од Комитетот на сите договорни страни на Конвенцијата од Ланзароте до Владата на Северна Македонија во 2023 година.[20]

## Непосакувани барања за сексуална содржина

Втората најчеста форма на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија измерена со анкетата беа непосакуваните барања до дете да споделува слики или видеа на кои се прикажани неговите интимни делови. Пет проценти од анкетираните деца одговориле дека ова им се случило во изминатата година. Интервјуираните стручни лица опишаа и неколку случаи во кои децата биле принудени или присилени да создаваат и споделуваат сексуална содржина.

Во интервјуата се покажа дека непосакуваните барања се јавуваат низ различните форми на односи – во интеракциите меѓу возрасните и децата што вклучува намамување, но и во рамките на односите меѓу врсниците (и пријателски и интимни). Исто така, се покажа дека овие барања имаат многу форми, вклучувајќи манипулација, лаги, лажна наклонетост и закани.

Една млада жена се присети на интеракцијата со маж што го запознала преку онлајн игра:

> ***[...] Често разговарав со него и...Се додадовме на Skype и разговаравме таму [...] често бараше да му испраќам мои [сексуализирани] фотографии.*** **(YP)**

Во друг случај, „барањето“ за сексуална содржина било придружено со присила и закани. Еден адвокат се осврна на случај каде што 16 или 17-годишно девојче споделило сексуална содржина со лице кое го познавало нејзиниот брат, бидејќи тој се заканил дека физички ќе го повреди нејзиниот брат ако таа не го стори тоа.

17 Исто, чл. 193 (3), 193 (4), 193 (5), 193 (6).

18 Република Северна Македонија (1996). Кривичен законик, чл. 122 (24), 193-а, 193-б.

19 Меѓуагенциска работна група за сексуална експлоатација на децата, *Терминолошки упатства за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба: второ издание*, ECPAT International, Бангкок, 2025 г.

20 Комитет на сите договорни страни на Конвенцијата од Ланзароте, Информативен лист – Северна Македонија: Извештај на Комитетот од Ланзароте за спроведување на „Заштитата на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба олеснета од информациски и комуникациски технологии (ИКТ): справување со предизвиците што ги наметнуваат самостојно создадените сексуални слики и/или видеа од деца (CSGSIV)“, стр. 6 (последно ажурирано во мај 2023 година), https://rm.coe.int/factsheet-serbia-the-protection-of-children-against-sexual-exploitatio/1680acdef1.

## 1.2 СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА ЗАСНОВАНА НА СЛИКИ

Податоците дополнително покажаа како барањата за сексуални слики може да бидат придружени со понуди за пари или подароци за да се манипулира со децата за да ги прифатат. Во годината пред да бидат анкетирани, 3 проценти од децата изјавиле дека им биле понудени пари или подароци за да споделат сексуални слики или видеа од себе.

### Дигитално создадена или изменета сексуална содржина

Дигиталните технологии сè повеќе го олеснуваат начинот на создавање сексуална содржина што прикажува деца. Овие форми на експлоатација и злоупотреба неодамна беа интензивирани со алатките за генеративна вештачка интелигенција кои се лесно достапни за јавноста и овозможуваат создавање изменета, но визуелно реалистична сексуална содржина со деца.

Податоците од „Disrupting Harm“ покажуваат дека овие форми на злоупотреба веќе влијаат врз децата во Северна Македонија. Според податоците од анкетата, 4 проценти од децата изјавиле дека вештачката интелигенција била користена за создавање сексуални слики од нив во годината пред да учествуваат во анкетата. Имајќи го предвид фактот дека децата можеби не се свесни дека материјалите се создадени и/или дали е употребена вештачка интелигенција, овој процент би можел да биде уште поголем.

Во интервјуата, стручните лица опишаа случаи каде што децата дигитално измениле фотографии за да создадат сексуална содржина од врсници. На пример, еден адвокат се осврна на случај кога две девојчиња создале дигитално изменета сексуална содржина од друго девојче по расправија, а потоа ја споделиле меѓу врсниците во училиштето. Слично на тоа, еден обвинител опиша случај каде што 13 и 14-годишни момчиња пристапиле до фотографии од девојчиња во нивното училиште преку социјалните мрежи и создале изменети слики:

> ***Ги фотографирале, а потоа во приватна група на Facebook или Instagram ги уредиле тие слики за да вклучат експлицитна содржина. […] Започнале да ги споделуваат тие слики меѓу себе, а потоа се прошириле и надвор од групата.*** **(JP)**

Овие сознанија покажуваат како менувањето на сликите овозможено со дигитална и вештачка интелигенција може да се користи во секојдневните интеракции и спорови меѓу врсниците, воведувајќи уште еден начин на кој меѓучовечкиот конфликт може да се влоши со сексуализирано повредување. Како што се изрази еден адвокат, фактот дека содржината била измислена не го намалило нејзиното влијание. Уверливоста и ширувањето на изменетите слики предизвикале вознемиреност и социјални последици кај детето. Овие случаи ги истакнуваат начините на кои новите технологии ги прошируваат постојните форми на сексуална злоупотреба, создавајќи нови предизвици на кои треба да одговорат законодавството, механизмите за заштита на децата и правосудните системи.

Сепак, неодамнешните законски реформи во Северна Македонија вклучуваат позитивни случувања во оваа област. Во јануари 2026 година, Кривичниот законик беше изменет за да се криминализира создавањето нови – или менувањето на постојните – визуелни, звучни или писмени материјали со сексуално експлицитна содржина поврзана со одредено лице преку користење на дигитални или други алатки, како и употребата или распространувањето на таквите материјали. Кога кривичното дело е насочено кон дете, сторителите се соочуваат со затворска казна од 3 до 10 години.[21] Сепак, формулацијата на одредбата укажува дека таа не се однесува на содржина што прикажува непостоечки деца. Со оглед на тоа што дигитално генерираните прикази на сексуална злоупотреба на деца во

21 Република Северна Македонија (2026). Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, чл. 6 (нов член 152-а).

кои се вклучени непостоечки деца можат да ја нормализираат или поттикнат побарувачката за материјали за сексуална злоупотреба на деца, експлицитното криминализирање на производството и распространувањето на таквата содржина дополнително би ја зајакнало правната рамка.

Иако правните одговори се од суштинско значење, горенаведените искази укажуваат на потребата од повеќеслоен пристап што вклучува иницијативи за едукација и подигање на свеста што ќе им помогнат на стручните лица, децата и пошироката заедница целосно да го разберат штетното влијание на овие видови дејствија. Она што може да се сфати како шега или нешто безопасно, може да предизвика вистинска штета, страдање и трајни последици.

## Споделување сексуална содржина со врсниците

Создавањето и размената на сексуални слики или видеозаписи може да биде дел и од консензуалните врснички односи каде што децата ги истражуваат своите врски и сексуалност. Во оваа дискусија, од клучно значење е внимателно да се направи разлика меѓу консензуалната и насилната динамика на врската за да се избегне ненамерно казнување или криминализирање на децата за консензуално споделување сексуална содржина. Во врска со ова, вреди да се напомене дека законските одредби за материјалите за сексуална злоупотреба на деца во Северна Македонија не го ослободуваат од кривична одговорност доброволното создавање или споделување самостојно генерирана сексуална содржина од страна на децата.[22] Ова ги остава децата кои ја достигнале возраста за кривична одговорност (14 или повеќе)[23] изложени на ризик од кривично гонење за незлонамерно однесување кое произлегува од сексуално истражување, доверба или интеракција со врсници. Во 2023 година, овој правен недостаток го наведе Комитетот на сите договорни страни на Конвенцијата од Ланзароте да побара од Северна Македонија да обезбеди нејзината законска рамка да ги заштити децата од гонење за поседување самостојно генерирани сексуални слики или видеозаписи од себе или од врсници, споделени консензуално или добиени пасивно без да ги бараат, како и за доброволно споделување на сопствениот самостојно генериран материјал со врсници за приватна употреба.[24]

Истовремено, со препознавање на консензуалното споделување слики меѓу врсниците не треба да се занемари фактот дека може да постои спектар на согласност и присилба и дека може да биде тешко тоа едноставно да се идентификува во пракса. Оваа нијанса е важна не за да се оправда криминализацијата на консензуалното однесување на децата, туку за да се овозможи напорите за превенција и реакција да бидат внимателни кон општествените очекувања и релациските притисоци што можат да ги обликуваат искуствата на децата. Барањата за сексуална содржина може да бидат придружени со притисок или емоционална манипулација, а децата може да доживеат и притисок во однос на она што мислат дека се очекува во врската, што им го отежнува одбивањето. Еден психолог истакна дека може да се побара сексуална содржина како доказ за доверба или љубов:

> ***Ќе рече, „Ако ме сакаш, ќе го направиш тоа“ [...] Еден вид на уцена.*** (FW)

22 Република Северна Македонија (1996). Кривичен законик, чл. 193-а.
23 Република Северна Македонија (1996). Кривичен законик. чл. 6-а (1).
24 Комитет на сите договорни страни на Конвенцијата од Ланзароте, Информативен лист – Северна Македонија: Извештај на Комитетот од Ланзароте за спроведување на „Заштитата на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба олеснета од информациски и комуникациски технологии (ИКТ): справување со предизвиците што ги наметнуваат самостојно создадените сексуални слики и/или видеа од деца (CSGSIV)“, стр. 5 (последно ажурирано во мај 2023 година), https://rm.coe.int/factsheet-serbia-the-protection-of-children-against-sexual-exploitatio/1680acdef1.

## 1.2 СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА ЗАСНОВАНА НА СЛИКИ

Еден адвокат понатаму се осврна на тоа дека не е лесно да се идентификуваат основните закани:

> ***Но, ако е доброволно, тоа не значи дека навистина е, зад сето тоа доброволно дејствување може да стои закана.*** **(JP)**

Затоа е важно да се земат предвид контекстот и релациската динамика под кои е создадена и споделена сексуална содржина.

Стручните лица опишаа случаи каде што фотографиите или видеозаписите првично создадени и споделени во рамките на она што детето го разбирало како доверлив однос подоцна биле споделени со други без дозвола на детето. Еден психолог го опиша ова во случај во којшто е вклучено 13-годишно девојче:

> ***Имало взаемна привлечност и девојчето било заљубено во момчето. Момчето потоа го искористило тоа, распределувајќи го материјалот, и на крајот сите во класот, па дури и сите одделенија, дознале за тоа. Тоа било најтешкиот дел со којшто девојчето требало да се справи.*** **(FW)**

Распределбата на приватната содржина во врсничките групи за разговор предизвикала значителна емоционална штета кај девојчето. Од правна перспектива, ваквиот вид ситуација би потпаднал под забраната за распространување материјали за сексуална злоупотреба на деца.[25] Исто така, тоа може да претставува кривично дело – злоупотреба на туѓи снимки, фотографии, аудиоснимки или писмени материјали што содржат сексуално експлицитна содржина, воведено во јануари 2026 година, што е казниво со затвор од 3 до 10 години кога е извршено врз дете.[26]

Освен што содржината се споделува без консензус, стручните лица разговараа и за повеќе случаи каде што сексуалната содржина создадена во контекст на интимни врски била искористена како средство за присилување, контрола и изнудување од децата, како што се осврна еден адвокат:

> ***[...] девојчето всушност сфаќа дека не сака да биде со него [...]. [Таа] била злоупотребена со закани, видеозаписи, слики испратени до нејзините роднини и најблиски, нејзините голи слики и видеозаписи од неа коишто тој ја натерал да ги направи.*** **(JP)**

Во друг случај опишан од стручно лице од Центарот за социјална работа, фотографии со сексуална содржина споделени од 14-годишно девојче со момче коешто го сметала за свој дечко биле искористени од него за да ѝ изнуди секс, што е пример за тоа како сексуалната содржина што еднаш е добиена (или консензуално или преку присилба и манипулација) може да премине во сексуална изнуда.

*Од клучно значење е да се земат предвид различните начини на кои може да се случи злоупотреба заснована на слики, бидејќи тоа ќе влијае врз потребните интервенции и стратегии за превенција.*

25 Република Северна Македонија (1996). Кривичен законик, чл. 193-а (1).
26 Република Северна Македонија (2026). Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, чл. 6 (нов член 152-а).

# 1.3 СЕКСУАЛНА ИЗНУДА

Сексуалната изнуда е форма на уцена каде што се користат закани за споделување сексуална содржина од детето за да се изнуди создавање понатамошен сексуален материјал, сексуални дејствија, пари или други придобивки.[27] Со податоците од анкетата се опфатени неколку примери на сексуална изнуда. Во годината пред да бидат анкетирани, 4 проценти од децата во Северна Македонија биле уценети или под закана *да споделат сексуална содржина* од себе. Дополнително, 3 проценти од децата рекле дека некој им се заканил или ги уценувал *да се вклучат во сексуални дејствија*. Сепак, децата може да бидат сексуално изнудувани во различни моменти за време на експлоатацијата и злоупотребата и во различни ситуации и контексти. Тоа опфаќа, меѓу другото, сексуално изнудување како еднократен случај онлајн, сексуално изнудување во врсничките односи или сексуално изнудување при намамување на детето.

Психолог од Центарот за социјална работа опиша случај каде што едно момче користело сексуална содржина од девојче за да ја принуди да има секс со него:

> ***[...]таа мислела дека тој ѝ е дечко, а тој ѝ рекол: „Испрати слики од цицките.“ [...] „Испрати слики од интимните делови.“ И таа му испратила.*** **(FW)**

Психологот објаснил дека момчето подоцна ја поканило девојката да се сретнат, а потоа ја заклучило во автомобилот, ѝ го соблекол горниот дел и ја фотографирал. Потоа, ги користело тие фотографии за да ја уценува девојката дополнително.

Еден психотерапевт опишал случај каде едно момче било изложено на изнуда од врсници од неговото училиште откако биле споделени негови интимни фотографии без негова согласност. Врсниците постојано му се заканувале и му вршеле притисок на детето дека ако не им го даде тоа што го бараат, тие ќе ги рашират фотографиите. Како што ситуацијата се влошувала, детето беше изложено на постојани закани, притисок и емоционална вознемиреност.

Квалитативните податоци, исто така, покажуваат како сторителите би можеле дополнително да ја засилат присилбата со вклучување луѓе во социјалната мрежа на детето. Еден адвокат опиша како возрасен сторител директно контактирал со мајката на детето за да ја одржи контролата и да изврши притисок врз девојчето да остане во врската:

> ***Мајката дознала за случајот од самиот сторител бидејќи тој веќе контактирал со неа. Сторителот кој ги имал видеозаписите и психички ја злоставувал нејзината ќерка веројатно не успеал и верувал дека ако стапи во контакт со мајката, ќе ја постигне својата цел. Тој контактирал со мајката и ѝ кажал дека поседува некои слики од нејзината ќерка и дека ќе ги објави во јавноста.*** **(JP)**

Случаите споделени погоре покажуваат дека сторителите ќе користат сексуална содржина од деца за да вршат изнуда за повеќе различни цели, без разлика дали станува збор за подароци, пари, друга сексуална содржина или за олеснување на физичката сексуална злоупотреба. Амандманите на Кривичниот законик усвоени во јануари 2026 година го препознаваат ова и ги криминализираат заканите кон друго лице за споделување сексуално експлицитни материјали што го прикажуваат него. Се применуваат отежнати затворски казни од 3 до 10 години кога кривичното дело е насочено кон дете.[28] Со ова се затвора претходната празнина во

27 Меѓуагенциска работна група за сексуална експлоатација на децата, *Терминолошки упатства за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба: второ издание*, ECPAT International, Бангкок, 2025 г., стр. 97.

28 Република Северна Македонија (2026), Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик. чл. 6 (нов член 152 а).

законодавството идентификувана од Комитетот на сите договорни страни на Конвенцијата од Ланзароте, кој побара од Северна Македонија да воведе конкретно кривично дело кое се однесува на ова однесување или, алтернативно, да го гони и поседувањето на сексуалната содржина од страна на сторителот и последователниот чин на изнуда.[29] Фокусирајќи се на заканата од откривање сексуална содржина, а не на која било конкретна цел, новите одредби овозможуваат целосно опфаќање на сексуалната изнуда од деца, без оглед на тоа што сторителот се обидува да го добие.

### Намамување на децата за сексуални цели

Многу од однесувањата опишани во ова поглавје може да се појават во контекст на намамување на децата, честопати опишано како „злосторство со намера“, каде што сторителите постепено градат врска со детето со цел сексуално да го експлоатираат или злоупотребат. Кога ги опишуваа случаите во коишто дале поддршка, работниците со директен контакт и стручните лица од правосудството честопати се осврнаа на намерните и шематските тактики што ги користат сторителите за да имитираат нежни или романтични интеракции, стекнувајќи ја довербата на детето и постепено воведувајќи присилба, експлоатација и злоупотреба.

Иако намамувањето може да биде долгорочен и суптилен процес и ќе изгледа различно во зависност од индивидуалниот случај, во интервјуата со професионалните лица генерално беа опишани неколку „фази“ во процесот на намамување кои се резимирани подолу:

**Првичен несексуализиран контакт со детето:** Стручните лица ги опишаа раните фази на намамувањето како намерно вообичаен и општествено прифатлив контакт со детето, вклучително и преку социјалните мрежи и онлајн игрите.

**Градење доверба:** Преку овие интеракции, сторителите постепено градат доверба со детето вклучувајќи се во заеднички интереси и активности, покажувајќи интерес за животот на детето и ангажирајќи се со него на грижлив и внимателен начин. Стручните лица опишаа дека откако ќе се воспостави почетната доверба, намамувањето честопати вклучува интензивно внимание и наклонетост, што едно стручно лице го опиша како „љубовно бомбардирање“. Овие однесувања можат да придонесат во градењето емоционална зависност и зајакнување на перцепцијата за „посебна поврзаност“ меѓу детето и сторителот. Стручните лица, исто така, опишаа некои случаи каде сторителите контактирале со децата преку лажни профили, претставувајќи се дека се нивни врсници за да го намалат отпорот на детето.

**Влошување:** Штом сторителот ја добие довербата на детето, интеракциите често стануваат посексуализирани, на пример преку изложување на детето на сексуална содржина или манипулирање со него за да се вклучи во сексуализирани однесувања. Во оваа фаза, интеракциите можат да станат поинтензивни и понасилни, при што сексуалната содржина на детето понекогаш се користи како средство за влошување на експлоатацијата и злоупотребата.

29 Комитет на сите договорни страни на Конвенцијата од Ланзароте, Информативен лист – Северна Македонија: Извештај на Комитетот од Ланзароте за спроведување на „Заштитата на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба олеснета од информациски и комуникациски технологии (ИКТ): справување со предизвиците што ги наметнуваат самостојно создадените сексуални слики и/или видеа од деца (CSGSIV)“, стр. 6 (последно ажурирано во мај 2023 година), https://rm.coe.int/factsheet-serbia-the-protection-of-children-against-sexual-exploitatio/1680acdef1.

Податоците од интервјуата ги обелоденија суптилните начини на кои може да функционира „градењето врска“ и како границите околу согласноста и здравата динамика на врските можат да се поместат и да станат нејасни. Една од младите жени се присети на настан кога запознала 20-годишен маж преку онлајн игра кога имала околу 11 години. Нејзиниот исказ покажува како сторителот изградил врска со неа во текот на неколку месеци, што таа го сфатила како пријателство фокусирано на заеднички интерес за играта. На крајот, човекот понуди да плати за придобивки во играта. Ваквите видови нудење подароци или пари можат да послужат за градење поблиски врски и создавање чувство на обврска или благодарност. Младата жена објаснила:

> ***[...] тоа е азиска игра, и во тие игри обично има систем на брак. Ако учествувате во тој систем, добивате некои придобивки во играта [...]. Но, обично тоа не мора да значи нешто романтично, тоа е само нешто што пријателите го прават за да можат да го продолжат тој дел од играта. [...] И јас се согласив бидејќи сакав, бев возбудена да дознам повеќе за тоа, и не го гледав тоа како нешто сериозно.*** **(YP)**

Кога сторителот потоа во комуникацијата вклучил сексуален разговор, таа кажала дека тоа целосно ја изненадило:

> ***[...] беше непријатно. И во тој момент се чувствував како да сум предадена, бидејќи навистина мислев дека имам добар онлајн пријател... и бев среќна што имам пријател, и одеднаш се почувствував како да се случило предавство, како да се случило нешто лошо. Тоа целосно ми ја уништи сликата за таа личност.*** **(YP)**

Динамиката околу границите и согласноста може дополнително да се искомплицира со употребата на дигитални технологии од страна на сторителите за создавање лажни профили и сокривање на фактот дека се возрасни за да ја добијат довербата на детето. Затоа, децата се оставени сами да се справат со тоа што е вистинско, а што е лажно, и да препознаат кога некоја интеракција ќе стане штетна или насилна. Со ова се поставува прашањето како може децата најдобро да бидат поддржани на политичко, социјално и меѓучовечко ниво за да ги идентификуваат насилните обрасци во нивните секојдневни интеракции и да се чувствуваат слободни да побараат помош од доверливи возрасни лица кога е потребно.

## 1.3 СЕКСУАЛНА ИЗНУДА

Од правна перспектива, треба да се напомене дека постојните кривични одредби за намамување во Северна Македонија не го земаат предвид сложениот процес на градење доверба и емоционална манипулација што е карактеристичен за намамувањето. Кривичниот законик забранува употреба на дигитална комуникација за намамување дете помало од 14 години да се вклучи во сексуални дејствија или во производство на материјали за сексуална злоупотреба на деца. Затворски казни се движат од една до пет години. Сепак, за кривично дело е потребно да се оствари физичка средба помеѓу детето и сторителот.30 Ова значи дека намамувањето што резултира со експлоатација и/или злоупотреба што се случува целосно онлајн (на пример, присилување на детето да создава и споделува сексуална содржина онлајн) спаѓа надвор од опсегот на оваа одредба. Покрај тоа, децата на возраст од 14 до 17 години се исклучени од правната заштита против онлајн намамување и покрај тоа што се подеднакво изложени на ризик според податоците од анкетата „Disrupting Harm“.

Овој пристап не е во согласност со Конвенцијата на Обединетите нации против компјутерски криминал, усвоена во декември 2024 година, која го признава намамувањето како кривично дело со намера насочено кон сексуална злоупотреба и/или експлоатација што може да се оствари целосно онлајн или да вклучува елементи на контакт во живо, и обезбедува еднаква заштита за сите деца без оглед на возраста. Бидејќи ова пошироко разбирање на намамувањето се појавува како нов меѓународен стандард, тоа нуди важни насоки за усогласување на законската рамка во Северна Македонија со најдобрите меѓународни развојни практики.

30 Република Северна Македонија (1996). Кривичен законик, чл. 193-б.

# 1.4 КОЈ ЈА ВРШИ СЕКСУАЛНАТА ЕКСПЛОАТАЦИЈА И ЗЛОУПОТРЕБАТА СО ПОМОШ НА ТЕХНОЛОГИЈА?

Податоците од „Disrupting Harm“ покажуваат дека сексуалната експлоатација и злоупотреба со помош на технологија во Северна Македонија ја вршат различни луѓе со коишто се среќаваат децата, од семејство и пријатели до непознати лица. Податоците од анкетата покажуваат дека повеќето инциденти на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија – 78 проценти – биле извршени од некој што веќе го познавал детето. Тука спаѓаат членови на семејството, романтични интереси и пријатели и познаници, како што е прикажано во графиконот 1 подолу. Само во 5 проценти од случаите, сексуалната експлоатација и злоупотреба била од страна на лице коешто детето не го познавало. Во 16 проценти од случаите, децата не можеле или не сакале да го идентификуваат сторителот.

Разбирањето на релациската динамика и контекстите во кои се случуваат експлоатацијата и злоупотребата игра важна улога за идентификување на соодветните стратегии за откривање, превенција и одговор, како што е понатаму наведено во овој дел.

### Графикон 1: Кој ја врши сексуалната експлоатација и злоупотребата на деца со помош на технологија според односот со детето и возраста




**Основа:** 367 случаи на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија.

## Интимни врски

Како што е прикажано во графиконот 1 погоре, сексуалната експлоатација и злоупотреба со помош на технологија во контекст на интимни врски (поранешен или сегашен партнер или симпатии) беше особено честа појава во Северна Македонија, со 39 проценти од случаите. Според податоците од анкетата, почесто овие случаи биле извршувани од лице на возраст од 18 години и постаро, отколку од друго дете.

Ова може да биде показател за намамување од страна на возрасни лица, каде што сторителот успева да изгради врска со детето којашто тоа не ја препознава како злоупотреба, како што е објаснето во страница 28. Оваа динамика може да ги комплицира напорите за детекција и откривање, особено ако децата сметаат дека се во интимна, а не насилна врска со лицето кое ги намамува и се емоционално зависни од сторителот. Ова ја истакнува важноста од подигање на свеста на национално и локално ниво за различните форми на сексуална експлоатација и злоупотреба, вклучително и намамување, штетите предизвикани од возрасните коишто постапуваат со децата на ваков начин, како и важноста од создавање безбедни канали за децата да бараат совети за врските и поддршка од доверливи возрасни и од квалификувани стручни лица, особено ако детето не се чувствува пријатно или безбедно да разговара со другите возрасни во неговиот живот.

Како што истражувме претходно во ова поглавје, стручните лица опишаа и случаи каде што децата биле сексуално експлоатирани или злоупотребени од врсници во контекст на интимна врска.

Еден психолог раскажа случај каде што 14-годишно девојче било снимено без согласност од нејзиното момче. Психологот се осврна на тоа како штетните родови норми дошле до израз во овој случај:

## 1.4 КОЈ ЈА ВРШИ СЕКСУАЛНАТА ЕКСПЛОАТАЦИЈА И ЗЛОУПОТРЕБАТА СО ПОМОШ НА ТЕХНОЛОГИЈА?

> *Јас фотографирал [девојката] […] И ги споделил сликите за да рече „Еве, бев со неа“. За да се фали, како трофеј или нешто слично во таа смисла.* (FW)

Слично размислување имаше и друг психотерапевт кој ѝ дал поддршка на девојка чии интимни фотографии биле споделени без согласност од момче за кое таа била романтично заинтересирана:

> *Дури и таа рече дека нему важно му било само да им се пофали на другарите.* (FW)

Овие примери покажуваат како ригидните и штетните родови норми можат да ја поттикнат сексуалната експлоатација и злоупотреба во контекст на интимните врски. Во овие случаи, штетните родови норми околу машкоста се чини дека поттикнуваат однесувања во кои девојчињата се третираат како објекти на статус или достигнување, при што споделувањето интимни слики без согласност се користи како средство за добивање признание или одобрување од врсниците. Иако во интервјуата се опфатени искуствата на некои девојчиња, важно е да се испита како штетните родови динамики и очекувања влијаат врз сите деца и како општествените и родовите норми можат да ја обликуваат сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија. Овие норми влијаат врз околностите, однесувањата и реакциите на децата од сите полови на различни начини. Како и да е, овие сознанија дополнително ја истакнуваат потребата од доследно и родово трансформативно образование, вклучително и во однос на согласноста, границите, телесната автономија и здравите врски.

### Членови на семејството

Сексуалната експлоатација или злоупотреба од страна на членови на семејството сочинувала 27 проценти од случаите од анкетата и почесто вклучувала возрасен член на семејството отколку дете. Сексуалното насилство со помош на технологија од страна на родителите не беше силно застапено во квалитативните податоци и само еден обвинител разговараше за случај каде што детето било сексуално злоупотребено од неговиот родител. Во овој случај, комбинацијата од релациска блискост и многу младата возраст на детето (4 години) значително ги зголемија пречките за откривање информации.

Ограничените квалитативни податоци од студијата не се доволни за извлекување заклучоци за контекстите и факторите поврзани со извршувањето насилство од страна на членовите на семејството и треба дополнително да се истражат во идните истражувања. Сепак, голема е веројатноста дека ќе биде потребен сеопфатен пристап кон јавното здравје за справување со овој вид на кривично дело и решавање на можните двигатели. Во семеен контекст, ова може да вклучува зајакнување на отпорноста на семејството, намалување на економскиот стрес и промовирање позитивни родителски вештини и практики. Покрај тоа, децата треба да имаат пристап до повеќе безбедни и достапни механизми за откривање информации и поддршка надвор од семејството, меѓу другото и во рамките на нивната заедница и преку обучени стручни лица. Дополнително, можеби ќе треба да се фокусираме на иницијативи во заедницата за подигање на свеста за знаците на сексуално насилство врз децата, имајќи ги предвид предизвиците со коишто се соочуваме кога станува збор за откривање и пријавување сексуално насилство во рамките на семејството.

### Пријатели и познаници

Категоријата на пријатели и познаници беше најмалку застапената категорија на сторители според податоците од анкетата, но сепак

учествуваше со 15 проценти во случаите на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија. Сепак, сексуалното насилство од страна на врсници беше силно застапено во интервјуата со стручните лица и младите жени изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија. Податоците од „Disrupting Harm“ не објаснуваат зошто децата можат сексуално да злоупотребуваат или експлоатираат други, ниту кои фактори ја зголемуваат веројатноста за штетно сексуално однесување. Квалитативните сознанија покажуваат како може да се одвива злоупотребата и нејзината динамика, укажувајќи на можни стратегии за превенција и реакција. Сепак, од суштинско значење е да разбереме зошто децата во Северна Македонија се впуштаат во такви штетни појави за да имаме поцелосна слика. Квалитативните податоци покажаа дека насилните однесувања – особено меѓу врсниците – понекогаш биле минимизирани или карактеризирани како шега, задевање, флертување или недоразбирање.

Една од младите жени се потсети на случај кога едно момче во нејзиниот клас зјапало и упатувало сексуализирани коментари кон неа и нејзините врснички, а тие тоа првично го протолкувале како шега или типично задевање во рамките на „забавната“ култура на класот. Ова придонесло ситуацијата на почетокот да биде потценета, сè додека личните коментари не се влошиле со зачестено контактирање онлајн, непосакувани пораки и изложеност на сексуална содржина. Во овој момент тие повеќе не биле перципирани како шега и на крајот биле пријавени. Сепак, отфрлањето на вознемирувачките коментари или закани и нејасните општествени граници може да ги наведат децата да се сомневаат дека некоја ситуација е насилна, што може да го одложи нивното пријавување на штетните сексуални однесувања.

Стручните лица, исто така, истакнаа случаи каде што децата коишто покажувале штетно сексуално однесување не ја разбирале целосно штетата што ја предизвикуваат со своите постапки или дека она што го сториле било незаконско. Осврнувајќи се на случај што вклучува споделување сексуална содржина без согласност од страна на момче, еден судија објасни:

> ***Момчето разбра. Но не сум сигурен дека сфати дека тоа е кривично дело; само ме праша: „Зошто? Не смеев да го направам ова“? (ЈР)***

Ова може да укажува на тоа дека насилното однесување меѓу врсниците може да произлегува од недостиг од разбирање и насоки околу потенцијалните последици, како и од недостиг од согласност, граници и здрави односи во комбинација со врсничката и општествената динамика.

Имајќи ги предвид неколкуте случаи на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија од страна на врсници, за коишто разговаравме во интервјуата, релевантно е да се разгледа како реагираат правните и правосудните системи. Возраста за кривична одговорност во Северна Македонија изнесува 14 години.[31] Постапките што вклучуваат деца помали од 18 години, осомничени за кривични дела, мора да ги водат специјализирани оддели за малолетничка правда,[32] со специјално обучени судии, обвинители и адвокати.[33] Системот вклучува заштитни мерки како што се забрзани постапки,[34] бесплатно правно застапување ако е потребно,[35] затворени рочишта,[36] право да

31 Република Северна Македонија (1996). Кривичен законик, чл. 6-а (1).
32 Република Северна Македонија (2024). Закон за правда за децата, чл. 107 (1).
33 Исто, чл. 107 (3).
34 Исто, чл. 13, 92 (2).
35 Исто, чл. 94 (1), 94 (4), 94 (5).
36 Исто, чл. 95 (2).

бидат информирани за своите права на јасен начин[37] и заштита на приватноста на детето и неговото семејство.[38]

Системот е замислен да се фокусира на воспитување и рехабилитација, а не на казнување. Законот предвидува дека санкциите треба да придонесат за превоспитување и правилен развој на децата, помагајќи им да го разберат влијанието на нивните постапки и да преземат одговорност.[39] Како што објасни еден судија, целта не е да се криминализираат децата, туку да се поттикне одговорност, превенција и рехабилитација.

Децата на возраст од 14 до 15 години можат да добијат само воспитни мерки, како што се опомени, засилен надзор од родители/старатели, згрижувачко семејство или социјални служби и да бидат упатени во детски центар или образовна институција. Судот може да го упати детето во воспитно-поправен дом кога тоа го налага сериозноста на делото и конкретните околности, и тоа не подолго од пет години.[40] Сепак, во пракса, децата се сместуваат во воспитно-поправен дом, кој е затворена установа за притвор, дури и за помалку сериозни кривични дела.[41]

За децата на возраст од 16 до 17 години, затворската казна е можна, но останува исклучок и се применува само за кривични дела кои се казнуваат со најмалку пет години затвор.[42] Во зависност од околностите на случајот, судиите можат да се одлучат и за алтернативи на притворот, вклучувајќи условни казни со заштитен надзор, општествено корисна работа или условно запирање на постапката.[43] Еден судија посочи дека судовите обично се потпираат на интервенции во рамките на семејството и заедницата во случаи што вклучуваат деца кои извршиле кривични дела, при што центарот за социјална работа игра централна улога во текот на целиот процес на интервенција:

> ***Работеа на надминување на адолесцентната фаза, промена на однесувањето, зајакнување на самодовербата, разговори со детето и родителите, подигнување на свеста, поставување критериуми за избор на пријатели, очекувани резултати за конструктивно користење на слободното време, академски успех, однесување на училиште, воспитување, стилови на родителство и педагошка поддршка. Тоа беше во соработка со цел тим: социјален работник, педагог и психолог.*** **(ЈР)**

Сепак, интервјуираните стручни лица од правосудството, исто така, посочија на структурни ограничувања во достапноста и ефикасноста на порестриктивните мерки што не се затворски. Тие го напоменаа отсуството на соодветно функционални центри каде што децата ќе можат да го поминуваат денот и изразија загриженост за ефикасноста на поправните установи, кои генерално се користат само како последно средство по повеќе неуспешни интервенции. Ова е во согласност со достапните докази што укажуваат дека употребата на алтернативни мерки во пракса останува ограничена. Постарите извештаи покажуваат дека, и покрај законските напори за промовирање алтернативи на притворот, релативно малку деца имале корист од ваквите мерки, а изразена е и загриженост во врска со соодветноста на воспитната, стручната и психолошката поддршка достапна во затворските и поправните установи.[44]

Овие сознанија укажуваат дека иако законската рамка силно ја нагласува потребата од рехабилитација и превоспитување, празнините

37 Исто, чл. 97 (1), 97 (2), 97 (3).
38 Исто, чл. 95 (1).
39 Исто, чл. 37.
40 Исто, чл. 36 (1), 48.
41 УНИЦЕФ Северна Македонија (2026). Лична комуникација.
42 Република Северна Македонија (2024). Закон за правда за децата, чл. 36 (3), 38, 53.
43 Исто, чл. 62.
44 UNICEF (2025). Анализа на состојбата на децата и адолесцентите во Северна Македонија 2024, стр. 60 – 61.

во достапните услуги за поддршка можат да ја ограничат ефикасноста на долгорочните напори за реинтеграција. Се чини дека овие празнини дополнително придонесуваат за прогресивно влошување на реакциите, при што децата кои не реагираат на помалку рестриктивни мерки на крајот се упатуваат во поправни установи, како што напомена истиот судија:

> ***Сега, има случаи кога немаме друг избор освен да го испратиме детето во поправен дом за целосно да го отстраниме од неговата околина. Ова се деца на коишто им се дадени многу шанси, прво преку нивните родители, а потоа преку Центарот и тие постојано го повторуваат истото штетно однесување. Во тој момент, немаме друг избор освен да го испратиме детето во поправен дом. Лично, не верувам дека тие установи даваат добри резултати.*** **(ЈР)**

### Непознати лица

И покрај поголемата преваленца на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија од страна на лица познати на детето, сепак е важно да се препознае дека овие форми на експлоатација и злоупотреба ги вршат и непознати лица, како и импликациите на ова врз откривањето, превенцијата и реакцијата.

Во неколку случаи спомената за време на интервјуата со стручните лица и младите жени, сторителите првично биле непознати за детето и стапиле во контакт преку платформите на социјалните мрежи, онлајн игрите или апликациите за пораки. Во други случаи, тие имале краток личен контакт со детето и потоа продолжиле да контактираат онлајн. Како што може да се види погоре, некои интеракции вклучувале кратки, непосакувани сексуализирани пораки или слики кои биле перципирани како вознемирувачки, но завршиле во тој момент, на пример, така што детето ги игнорирало пораките или го блокирало испраќачот. Стручните лица почесто опишуваа случаи во кои возрасни лица кои не му биле познати на детето активно се обидувале да воспостават постојан контакт. Дигиталната комуникација овозможила зачестена интеракција, персонализирано внимание и постепено градење блискост, замаглувајќи ја границата меѓу непознато лице и познаник. Како што е опишано во деловите погоре, оваа динамика би можела да го олесни и преминот кон состаноци во живо.

Во зависност од контекстот и односот на детето со сторителот, стратегиите за превенција ќе треба да се фокусираат на управување со односите и подигање на свеста, како и на создавање пречки за сторителите преку воспоставување физички и дигитални заштитни мерки во средините каде што престојуваат децата.

Генерално, податоците презентирани во овој дел покажуваат дека сексуалната експлоатација и злоупотреба најчесто се случуваат во врски коишто се карактеризираат со блискост, доверба и/или секојдневен контакт – без разлика дали се работи за врсници, интимни партнери, познаници или членови на семејството. Без оглед на контекстот и нивната поврзаност со детето, сторителите ја искористиле релациската близина, довербата, нормите и ставовите што дозволуваат насилство и дигиталните алатки за да обезбедат почитување, молчење или континуирана комуникација со децата. Овие сознанија ја нагласуваат важната улога на динамиката во врските, вклучувајќи ја и динамиката меѓу врсниците, и празнините во разбирањето на согласноста и границите во однос на тоа како се појавува штетната појава, дали е оправдана или оспорена и ја нагласуваат потребата од стратегии за превенција и интервенција што ги опфаќаат овие општествени нормативни димензии, наместо да се фокусираат само на индивидуалните прекршоци.

# 1.5 УЛОГАТА НА ОНЛАЈН ПЛАТФОРМИТЕ ПРИ ОЛЕСНУВАЊЕ НА СЕКСУАЛНАТА ЕКСПЛОАТАЦИЈА И ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДЕЦА

Како што беше истакнато низ целиот овој извештај, онлајн и личната сексуална експлоатација и злоупотреба се тесно поврзани, при што сторителите се движат меѓу дигиталниот и физичкиот простор за да добијат пристап и контрола. Технологијата и онлајн платформите можат да го олеснат контактот со децата и начинот на создавање материјали за сексуална злоупотреба на деца, како и да овозможат постојана експлоатација и злоупотреба.

Сознанијата ја истакнуваат важната улога на социјалните мрежи, апликациите за пораки, онлајн игрите и алатките за уредување слики во процесот на олеснување на експлоатацијата и злоупотребата во Северна Македонија. Податоците од анкетата покажаа дека 52 проценти од случаите на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија се случиле на социјалните мрежи, при што 30 проценти од случаите се случиле преку онлајн игри. Во случаите во коишто децата биле сексуално експлоатирани и злоупотребени на социјалните мрежи, петте најголеми платформи каде што децата биле цел на напади биле Instagram, Snapchat, TikTok, WhatsApp, Facebook, YouTube и X (порано Twitter) како што е прикажано во Графикон 2.

Повеќето од платформите прикажани во Графикон 2 се, исто така, најпопуларни меѓу корисниците на интернет на возраст од 12 до 17 години во Северна Македонија (види Графикон 3), што би можело да објасни зошто на нив отпаѓа најголемиот број на случаи на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија. Сепак, забележани се некои исклучоци; иако YouTube се издвојува како најпопуларна платформа кај децата, на него има релативно малку случаи на сексуална експлоатација и злоупотреба во споредба со други платформи кои се помалку популарни. Од друга страна, платформи како X, кои ги користат само 7 проценти од анкетираните деца, се најдоа меѓу првите најпопуларни платформи каде што децата се цел на напади за експлоатација и злоупотреба. Ова укажува дека дизајнот, модерирањето и политиките на платформата играат важна улога.

Графикон 2: Првите најпопуларни платформи на социјалните мрежи каде што децата биле цел на напади за експлоатација и злоупотреба




**Основа:** 191 случај на експлоатација и злоупотреба со помош на технологија што се случил на социјалните мрежи.

Графикон 3: Првите пет најпопуларни платформи меѓу корисниците на интернет на возраст 12 – 17 години




**Основа:** 1005 корисници на интернет на возраст 12–17 години.

Овие сознанија покажаа дека технолошките платформи имаат централната улога во заштитата на децата (онлајн) и ја нагласија потребата од појасна и посеопфатна регулаторна рамка за спречување злоупотреба и повикување на платформите на одговорност кога ќе се случи штета. Моменталната законска рамка во Северна Македонија наметнува малку обврски за заштита на децата на онлајн платформите. *Законот за електронска трговија* гласи дека *„услугите на информатичкото општество“* (термин што ги опфаќа и давателите на интернет-услуги и онлајн платформите) мора да пријават сомнителна незаконска активност на корисниците до надлежните органи или ќе се соочат со казни.[45] Сепак, тие не се обврзани да ги следат податоците што се складирани, пренесени или ставени на располагање, ниту да истражуваат околности што може да укажуваат на тоа дека се одвива незаконска активност.[46] Ова може значително да го отежни раното откривање на сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија, дозволувајќи материјалите за сексуална злоупотреба на деца да се шират и нелегалното однесување да продолжи неконтролирано сè додека не се пријави.

Покрај тоа, *Законот за електронска трговија* ги ослободува услугите на информатичкото општество од одговорност за содржината од трети страни пренесена преку нивните услуги под услов тие да не го отпочнат преносот, да не го изберат примателот или да не ги изменат податоците.[47] Исто така, тие можат да бидат одговорни за незаконските податоци складирани или достапни преку хиперврски ставени на располагање преку нивните услуги само ако не ги отстранат или оневозможат пристап до таквите податоци откако ќе дознаат за нивната незаконска природа.[48] Дополнително, од услугите на информатичкото општество не се бара да воспостават јасни механизми за пријавување незаконска содржина или однесување, кои ќе бидат достапни и лесни за користење. Според тоа, достапноста на таквите алатки зависи од политиките на секоја платформа, што може да ги остави обичните корисници, вклучително и децата, без јасни насоки за тоа како да активираат отстранување на содржините или како да пријават насилно однесување.

Дополнително отежнувајќи ги овие проблеми, законодавството на Северна Македонија не наметнува обврски за вградена безбедност – како на пр. ограничување на интеракциите меѓу децата и возрасните корисници или стандардно зајакнати поставки за приватност – ниту пак бара од платформите редовно да ги проценуваат и ублажуваат ризиците на коишто се изложени децата преку нивните услуги. Воведувањето појасни стандарди

45 Република Северна Македонија (2007). Закон за електронска трговија, чл. 20 (2), 22-а (1).
46 Исто, чл. 20 (1).
47 Исто, чл. 15 (1).
48 Исто, чл. 17 (1), 18.

# 1.5 УЛОГАТА НА ОНЛАЈН ПЛАТФОРМИТЕ ПРИ ОЛЕСНУВАЊЕ НА СЕКСУАЛНАТА ЕКСПЛОАТАЦИЈА И ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДЕЦА

во овие области би можело да помогне во поттикнувањето на подоследни превентивни практики низ сите платформи и зајакнување на механизмите за одговорност. Посеопфатен регулаторен пристап, во комбинација со проактивна соработка од технолошките компании, би можел да придонесе за побезбедна и попријатна дигитална средина за децата.

### Соработка со технолошките компании

Со оглед на горенаведените сознанија, ефективната размена на информации и соработка меѓу националните чинители и давателите на технолошки услуги (како глобалните, така и националните) е од суштинско значење за раното откривање и реагирање. Податоците од Националниот центар за исчезнати и експлоатирани деца (NCMEC) се еден пример за вклученост и размена на информации меѓу давателите на електронски услуги (т.е. технолошките компании) и органите за спроведување на законот во Северна Македонија.

Законодавството на Соединетите Американски Држави бара од давателите на електронски услуги, кои се лоцирани таму, да пријавуваат сомнителни случаи на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца до NCMEC, кој потоа ги проследува до органите за спроведување на законот преку извештај CyberTip. Во 2024 година, во Северна Македонија биле испратени 6162 пријави CyberTip, што е намалување во споредба со 12.310 испратени пријави CyberTip во 2023 година. Не е јасно зошто бројот на пријави CyberTip се намалил за половина. Сепак, придонес во тоа би можело да има воведувањето на „систем на групирање“ од страна на NCMEC. Додека претходно со секое поединечно споделување на одредена незаконска датотека можеше да се активира посебна пријава, со новиот систем, давателите на електронски услуги можат да групираат илјадници поврзани случаи во една „групирана“ пријава. Иако со пријавите во NCMEC добиваме важен увид во бројот на поднесени пријави, потребни се повеќе истражувања за да се разбере како технолошките платформи и чинителите, како што се органите за спроведување на законот во Северна Македонија, соработуваат во пракса. За ова е потребно длабинско собирање податоци во соработка со органите за спроведување на законот, регулаторите и давателите на услуги.

Иако со доказите презентирани овде добиваме само еден дел од целокупната слика, интервјуата со стручните лица од правосудството дадоа увид во некои практични ограничувања со кои се соочуваат во случаите на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца. Тие посочија на процедурални пречки при добивање податоци од меѓународните даватели на технолошки услуги, опишувајќи ја формалната патека како долга и процедурална, што го одложува пристапот до процесот на собирање докази и градење случај. Како што објасни еден обвинител:

> ***[...] формалниот начин за добивање [дигитални докази] е пред сѐ преку профилите на Google и Facebook [...]. Ова треба да се движи по строго формална патека преку Министерството за правда, па сѐ до судските институции пред сѐ во Америка. Сето ова може да трае со години. Постапувањето по такви кривични дела по сите тие години едноставно ја губи смислата.* (JP)**

Друг обвинител се осврна на процесот на добивање дигитални докази од Мета, велејќи:

> ***Ако барате дигитални докази од Facebook, тоа мора да помине преку јавниот обвинител, потоа до Министерството за надворешни работи, потоа од нив до Министерството за надворешни работи на земјата каде што се наоѓа Facebook, преку нивното обвинителство, и потоа до Facebook. Може да замислите колку долго би траел тој процес.* (JP)**

Ова укажува дека доцнењата може да произлезат не само од одговорите на платформите, туку и од сложеноста на механизмите за меѓународна правна соработка и отсуството на поедноставени процедури за пристап до дигитални докази од други земји, вклучително и, на пример, преку директна врска меѓу властите и платформите.

Некои стручни лица од областа на правосудството, исто така, изјавија дека, според нивното искуство, технолошките платформи можат да им дадат приоритет на најтешките категории на штетна содржина, како што е сексуална содржина што вклучува експлоатација или материјали поврзани со тероризам, додека за случаите што се сметаат за помалку сериозни или не се поврзани со организиран криминал – на пример сексуална содржина што вклучува голотија – може да добијат одложен одговор или воопшто да нема одговор. Само од овие искази не е јасно до кој степен се случуваат овие одложувања или недобивања на одговори, но како што објасни еден обвинител:

> ***Ако е тероризам, ќе соработуваат, а и за порнографски материјали, исто така. [...] За други барања, понекогаш воопшто не одговараат, или им требаат минимум шест месеци [...].* (JP)**

Адвокат кој работи на случај со споделување фотографии со сексуална содржина без согласност во групи за разговор, дополнително се осврна на тоа дека зависноста на институциите од одговорите на платформите може да влијае врз пристапот до правда:

> ***Единствениот чекор што требаше да го направат беше да испратат едно барање до Facebook. И тоа го истакнува вториот проблем со тоа како Обвинителството постапи во случајот. Дури и кога тврдат дека дејствуваат итно, целиот процес на контактирање со Facebook или други платформи на социјалните мрежи преку меѓународни правни канали и чекањето на нивните одговори ја забавуваат целата постапка. Тоа ја поткопува ефикасноста и брзината со којашто нашите институции може да реагираат.* (JP)**

Овие сознанија укажуваат на важноста од зајакнување не само на соработката со платформите, туку и на институционалниот капацитет и обезбедување јасни процедурални рамки за добивање и користење дигитални докази. Справувањето со сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија бара партнерски пристап во кој владите, агенциите за спроведување на законот, технолошките компании и граѓанското општество ќе работат како партнери, при што платформите ќе поседуваат значајна експертиза, инфраструктура и алатки што можат да помогнат во напорите за превенција, откривање и реагирање.

# 2. ОТКРИВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ

## 2. ОТКРИВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ

Проектот „Disrupting Harm“ го дефинира откривањето информации како пренесување или обид на дете да пренесе информации дека е или било сексуално експлоатирано или злоупотребено. Начинот на откривање на информациите може да има многу форми: некои деца може експлицитно да зборуваат за тоа што се случило, додека други може да се изразат индиректно преку промени во однесувањето, говорот на телото или други невербални знаци. Откривањето на информациите не е секогаш намерно; може да биде случајно, делумно или нејасно и не е секогаш еднократен настан. Може да се одвива постепено, одразувајќи го развојот на чувството на безбедност, доверба и подготвеност на детето, или може да биде последна опција за децата откако ќе се исцрпат сите други заштитни и одбранбени механизми.

Според податоците од анкетите, децата кажале некому за тоа што им се случило во 88 проценти од случаите на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија што се случиле во претходната година. Ова е релативно висока стапка на откривање информации во споредба со другите земји каде што е спроведено истражувањето „Disrupting Harm“.[49] Во мал број случаи (9 проценти), анкетираните деца не кажале никому.

Причините за оваа релативно висока стапка на откривање информации не се јасни од достапните податоци и ова е област каде што се потребни дополнителни истражувања во Северна Македонија. Низа фактори може потенцијално да придонесуваат за тоа, вклучувајќи: нивоата на доверба во членовите на семејството, врсниците и стручните лица, иницијативите за превенција и подигање на свеста, заштитните механизми во училиштата и пошироките социјални и културни норми околу барањето помош и дискусијата за сексуална експлоатација и злоупотреба. Со истражувањето не може да се донесат заклучоци за поединечното влијание на овие фактори.

Меѓутоа, како што може да се види понатаму во следните делови, патот до откривање на информациите може да биде исполнет со страв и неизвесност. И покрај високата стапка на откривање, споделувањето информации за тоа дека биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба сè уште може да биде исклучително тешко за децата. Квалитативните податоци откриваат дека откривањето информации може да биде последна опција за децата и може да бара надминување на низа пречки по обидите самостојно да ја контролираат ситуацијата.

49 UNICEF Innocenti. Податочен увид 2: Откривање сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија (во подготовка). Safe Online.

## 2.1 ОТКРИВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ КАКО ПОСЛЕДНА ОПЦИЈА

Стручните лица опишаа неколку случаи кога откривањето било „последна опција“ на што му претходело влошување на заканите, изнуда или страв од понатамошно повредување. Како што злоупотребата се интензивирала или продолжила со текот на времето, обидите на децата да се справат со ситуацијата пропаднале, ограничувајќи ги нивните опции и на крајот дошло до откривање на информациите.

Ова беше демонстрирано во еден случај опишан од адвокат, каде што 15-годишна девојка била изложена на изнуда од нејзиното 17-годишно момче кога таа ја прекинала врската. Момчето се заканило дека ќе ги рашири нејзините сексуални слики ако таа не му даде пари. Откако нашла начини да му плати двапати, таа конечно ѝ кажала на мајка си кога по трет пат се обидел да ѝ изнуди пари. Адвокатот објаснил:

> ***По, не сум баш сигурен… еден месец постојано ментално и физичко малтретирање и закани, и на некој начин, ова е класична закана… дека нејзините голи фотографии ќе бидат објавени и испратени до нејзините пријатели во училиште, и дека ќе бидат споделени јавно. По едномесечна борба со себе, таа ѝ се доверила [на мајка си] и така мајката дознала.*** **(JP)**

Во други случаи, децата може да не откриваат информации активно, но промените во нивното однесување може да предизвикаат загриженост кај оние околу нив. Еден работник со директен контакт опиша како родителите на едно девојче одлучиле да побараат стручна помош откако тоа престанало да сака да оди на училиште и се повлекло во себе. За време на сесиите со професионалното лице, девојчето откри како била малтретирана и на крајот дека била изложена на онлајн сексуална содржина од маж кој продавал храна во училишниот двор:

> ***Девојката се отвори по две години. Значи, на свој начин, таа го обработува тоа, се справува… и на крајот, нејзината психолошка сила, нејзините одбранбени механизми почнуваат да се распаѓаат. На крајот вели „Не сакам да одам на училиште“ […] Нешто се случува. Зошто не сака да оди на училиште? Зошто е повлечена, не се дружи повеќе, го губи контактот […] Нејзиното однесување се промени, и тогаш тие [нејзините родители] почнаа да бараат помош.*** **(FW)**

Како што може да се види во овие случаи, откривањето на информациите може да се случи постепено, кога стратегиите за самозаштита ќе пропаднат, заканите ќе станат неподносливи или кога самостојното справување повеќе не е изводливо. Иако податоците од анкетата покажуваат дека мнозинството деца на крајот откриле злоупотреба од изминатата година, квалитативните податоци покажуваат некои од пречките и сомнежите со кои децата може да се соочат пред и за време на откривањето. Се ова се поставува прашањето зошто за некои деца, откривањето и барањето помош од возрасните не секогаш се доживува како остварлива можност и дали имаат доволно безбедни простори и отворена комуникација со родителите и другите доверливи возрасни лица за да побараат совет и помош кога е потребно.

# 2.2 КОМУ МУ СЕ ДОВЕРУВААТ ДЕЦАТА?

Иако откривањето на информациите не е секогаш моментално, податоците од анкетата откриваат дека кога децата одлучуваат да кажат, мајките и старателките се оние на кои најчесто им се доверуваат. Веднаш по нив следуваат пријателите и браќата и сестрите, како што е прикажано во Графикон 4. Улогата на мајките и врсниците беше очигледна и во анкетата и во квалитативните податоци, а подетално е разгледана и подолу.

Графикон 4: Кому му се доверуваат децата?




**Основа:** 460 случаи на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија на кои биле изложени децата една година пред да бидат анкетирани.

### Улогата на родителите

Важната улога на мајките и негувателките беше нагласена и во исказите на стручните лица. На пример, еден психотерапевт опиша случај каде што 14-годишно момче споделило приватни слики од 13-годишно девојче со кое било во врска. Од перспектива на ова стручно лице, блискиот однос на девојчето со нејзината мајка бил клучен за нејзиното откривање:

> ***Тие сè уште имаат некаков вид поблизок однос, бидејќи мајката е единствениот старател [...] па, секако, како и секоја мајка која сака да го одгледа своето дете, тие имаат одредена блискост. И тоа беше предноста во нивната врска, што кога ѝ беше тешко, таа ќе ѝ се обратеше на мајка си.*** (FW)

Во исто време, податоците од анкетата покажуваат дека откривањето на злоупотребата на татковците во годината по злоупотребата се случило поретко. Во согласност со ова, некои стручни лица се осврнаа на тоа дека често забележуваат родова поделба на управувањето со врските и емоционалниот труд во семејствата – при што таквите одговорности паѓаат повеќе врз старателките – вклучително и во случаи на сексуална експлоатација и злоупотреба. Ова укажува дека може да има потреба од понатамошна поддршка на татковците за да бидат достапни како доверливи извори на поддршка за децата, вклучително и во врска со тешки или чувствителни прашања, на пример преку програми за родители и образовни иницијативи.

Иако и стручните лица и младите жени ги идентификуваа родителите и старателите како централни чинители во справувањето со сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца, некои исто така забележаа дека родителските пристапи понекогаш можат да ги зајакнат штетните родови норми и ставовите на обвинување на жртвите или да имаат премногу рестриктивен пристап кон превенцијата.

Една од младите жени која била изложена на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија во детството објасни дека ги сметала родителските ограничувања за бескорисни и неефикасни:

## 2.2 КОМУ МУ СЕ ДОВЕРУВААТ ДЕЦАТА?

***Во моментов, родителите велат работи како што се: ‘Биди внимателна, има секакви луѓе на интернет’, но тоа е премногу излитена фраза. Или: ‘Забрането е’, или велат: ‘Биди внимателна, ама не знам што правиш онлајн.’*** (YP)

Наместо тоа, таа нагласи колку е важно родителите да покажат интерес за користењето на интернет од страна на нивните деца и тие да се чувствуваат поддржани за да ги споделат своите онлајн искуства. Слично на тоа, кога ја прашале каква поддршка би сакала кога добивала непосакувана сексуална содржина како дете, друга од младите жени споделила:

***[...] да почувствувам во себе: „Мајка ми и татко ми ми рекоа дека секогаш ќе ме поддржуваат. Што и да се случи, можам веднаш да им се јавам.*** (YP)

Овие размислувања на интервјуираните млади жени содржат некои увиди за тоа што децата и младите луѓе можеби сакаат и што им треба за да се чувствуваат поддржано. Сепак, за подобро да ги оспособиме родителите да ги поддржуваат децата, потребно е подлабоко разбирање на предизвиците и ограничувањата со кои се соочуваат родителите и старателите. Понатамошни истражувања што се фокусираат на искуствата на мајките, татковците, другите старатели и пошироките семејни искуства се од суштинско значење за подобро разбирање на каналите за спречување, откривање и реагирање на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија.

### Улогата на врсниците

Во податоците од анкетата и во интервјуата со стручните лица и младите жени се покажа дека, освен мајките, и врсниците имаат централно место при откривањето на информациите. Иако откривањето на информациите пред врсниците може да биде најинтуитивниот и најпристапниот начин на дејствување за некои, тоа може да им даде одговорност на децата што ги примаат информациите да знаат како да реагираат на безбеден и чувствителен начин, особено ако тоа не е надополнето со силна мрежа од доверливи возрасни лица кои можат дополнително да ги поддржат вклучените деца и да им помогнат да побараат специјализирана поддршка.

Некои од младите жени кои биле експлоатирани и злоупотребени во детството ги опишале врсниците како прва линија на поддршка, не само за откривање информации, туку и како извор на емоционална поддршка или за заштита. Таков бил случајот на една млада жена која, како дете, добила повеќе онлајн пораки од непознато лице. Во еден момент, додека била во автобус, непознатото лице коментирало за фустанот што го носела, укажувајќи дека ја набљудуваат. Потсетувајќи се на оваа ситуација, таа го опиша стравот од тоа дека морала сама да оди пеш од автобуската станица до нејзината куќа и како зависела од поддршката на своите пријатели:

***Кога се случи тој конкретен инцидент, веднаш стапив во контакт со моите пријатели и тие ме испратија дома, ме чекаа, ме однесоа некаде. Вистинско пријателство.*** (YP)

Друга млада жена раскажа како таа и нејзините соученици првично се обиделе да се справат со момче во класот кое сексуално ја вознемирувало неа и другите девојчиња во училиштето и ги изложувало на сексуална содржина. Таа објасни како некои од момчињата во класот дознале и интервенирале, обидувајќи се да го исплашат момчето да престане. Осврнувајќи се на тоа, таа ги истакна ограничувањата на овој пристап, како и изоставувањето на возрасните:

***[Тоа беше] детско размислување, не кажавме никому, ниту на одделенската раководителка, ниту на некое возрасно лице – бидејќи мислевме, можеби ако сите момчиња се соочат со него [момчето што ги малтретира своите соученички], тој ќе се исплаши [...].*** (YP)

Таа понатаму објасни дека момчето продолжило со вознемирувањето откако едно од момчињата што му кажало да престане не било присутно.

Интервјуата со стручните лица се осврнаа на двојната улога што врсниците можат да ја играат и во олеснувањето и во ограничувањето на процесот на откривање информации и барање помош. На пример, еден училиштен психолог опиша случај во кој врсниците изразиле загриженост пред училишниот персонал во врска со една соученичка. Девојчето имало интелектуална попреченост и примало закани и било присилувано од постаро дете да споделува сексуални фотографии. Како што нагласи стручното лице, фактот што го известиле училишниот психолог овозможил навремена реакција.

> ***И дури пријатно се изненадив што децата сами забележаа. Девојчињата ни кажаа дека нешто се случува. Значи, ова беше конкретно. Ако децата не го посочеа тоа, немаше да имаме шанса да дознаеме. И можеби тоа дете ќе беше злоупотребено затоа што ѝ се јавувало.*** **(FW)**

Девојчето на крајот му открила информации на училишниот психолог и објаснила дека момчето се заканувало дека ќе дојде во нејзиното училиште, ќе рашири нејзини фотографии и ќе им каже на луѓето дека имале секс. Сепак, истиот училиштен психолог откри друг случај каде што врсниците го ограничиле откривањето со тоа што ги задржале информациите:

> ***Една ученичка се пожали дека во групата на Viber од нејзиниот клас, каде што не бил одделенскиот раководител, ја исмејувале. Како: „Што се случува, како е?“ но не сакаше да каже, плачеше. Подоцна ги повикавме другите деца од класот, но и тие не сакаа да откријат ништо. Претседателот на класот ни кажа, бидејќи веќе избришале дел од пораките. [...] Тој ни кажа дека двајца ученици од класот на некој начин, „флертувале“ со неа преку групата на Viber.*** **(FW)**

Исказите на младите жени кои биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија како деца, како и од стручните лица, покажаа како децата можат да откријат информации и да зависат од врсниците за поддршка и заштита, или во други случаи, да бидат сведоци на злоупотреба, но да не сакаат да им кажат на возрасните. Овие начини на дејствување треба да се земат предвид во однос на нормализацијата на некои форми на злоупотреба, како што спомнавме погоре, како и пречките со кои се соочуваат децата во однос на откривањето, од кои некои се разгледани понатаму во ова поглавје. Да се разбере како безбедно и одговорно да се реагира кога ќе ви откријат информации за злоупотреба може да биде тешко, дури и за возрасните. Затоа е многу важно возрасните да создадат доволно доверба и сигурност за да ги охрабрат децата да зборуваат за сексуалното насилство врз нив или врз други деца. Истовремено, не треба да се занемари важната и очигледна улога на врсниците во процесот на доверување. Од клучно значење е да се разбере дека на децата може да им се обезбедат знаења, алатки и мрежи за поддршка во случај некој да им се довери, а притоа да не им се стави преголем товар за поддршка на другите во случаи кога е потребна специјализирана поддршка од обучено стручно лице. Потребно е понатамошно истражување со децата на коишто некој им се доверил за подобро да се разбере каков вид информации, ресурси и поддршка им се потребни. Во меѓувреме, возрасните мора да ги оспособат децата со соодветно знаење за сексуалното насилство и различните контексти во кои се случува, соодветно на нивната возраст и култура. На децата треба да им се обезбедат и алатки за безбедно справување со откриените информации – вклучително и кога и како да побараат помош од возрасни или служби за поддршка.

# 2.3 ПРЕЧКИ ЗА ОТКРИВАЊЕ

Иако податоците од анкетата покажаа дека многу деца се довериле некому, квалитативните интервјуа идентификуваа повеќе значајни пречки што можат да го одложат процесот на откривање информации или да ги спречат децата да проговорат. Размислувањата на младите жени кои биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија во детството и на анкетираните деца беа особено важни за разбирање на клучните пречки за откривање информации. Овие пречки честопати беа испреплетени и дополнително се преклопуваа со пречките за пријавување во полиција или социјалните служби, како што ќе биде разгледано во Поглавје 3.

Графикон 5: Пречки за откривање информации и пријавување




**Основа:** 65 валидни случаи на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија каде што детето не кажало никому за тоа што се случило.

### Срам и непријатност

Срамот и непријатноста се појавија како клучни пречки за откривање информации од страна на децата, врз основа на анкетата и квалитативните податоци. Чувството на срам беше најчестата пречка за откривање информации кај анкетираните деца, сочинувајќи 20 проценти од случаите каде што децата не откриле сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија што се случила во претходната година (види Графикон 5). Во другите одговори што би можеле да бидат поврзани со срам и самообвинување спаѓаат „не сака никој да знае“ (12 проценти) и „чувство дека направило нешто погрешно“ (9 проценти).

Слично на тоа, интервјуираните млади жени зборуваа за срам и непријатност, вклучително и желба да се дистанцираат од она што се случило. Една од младите жени која била изложена на сексуална содржина од возрасно лице кога имала 11 години опиша дека срамот и непријатноста ја обликувале нејзината тишина:

> ***Тогаш... на таа возраст, не чувствував дека е соодветно да зборувам за нешто такво со пријателите. И сега не сакам да ги натерам да се чувствуваат засрамено ако некој спомне нешто такво... А истото е и со моите родители. Ми беше премногу срам за да кажам дека ми се случило нешто такво. (YP)***

Тука, срамот околу сексот одиграл улога во неоткривањето на информациите. Сепак, исказот на оваа млада жена, исто така, се чини дека укажува на тоа дека како дете, таа го усвоила сфаќањето дека сексуалната злоупотреба е нешто за кое е несоодветно да се дискутира, а не кривично дело кое треба да се пријави и да се реши.

Податоците дополнително покажаа дека самообвинувањето играло улога во молчењето на децата. Еден социјален работник се осврна на случај каде што едно девојче било изложено на сексуален материјал од страна на маж и објасни како самообвинувањето го зајакнало молчењето:

***Таа размислува: „Зошто јас? Зошто мораше да ми се случи мене? Бев таму, останав и одговорив на неговата покана да ми покаже нешто.“ Мислам дека ова чувство на вина за одговорност, заедно со недостигот од прифаќање и осудување од другите околу нив, е она што ги тера луѓето да молчат.*** **(FW)**

Во овој случај, самообвинувањето и стравот од осуда беа испреплетени со одлуката на детето да не открие информации. Стравот од вина и осуда се истакнаа како главни пречки за откривање информации, како што е разгледано подолу.

### Табуа поврзани со сексот

Квалитативните податоци сугерираат дека срамот и самообвинувањето биле дополнително усложнети од табуата и тишината околу сексот и сексуалноста, особено во однос на децата. Во нивните интервјуа, младите жени кои биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија како деца, честопати ја опишувале непријатноста поврзана со сексуалните теми како нешто што претходело на самата експлоатација и злоупотреба. Ова придонело откривањето на информациите да се доживува како нешто несоодветно или срамно, и покрај тоа што детето било повредено.

Поврзано со ова, некои стручни лица се осврнаа на недостигот од образование за сексуалноста и врските, што дополнително придонесува за ограничени дискусии на овие теми и насоки за децата. Еден психолог наведе:

***И можеби главниот проблем е тоа што училиштата не обезбедуваат никакво образованите за овие теми, ниту за насилство, ниту за романтични врски, ниту за сексуалност. Ништо од ова не е опфатено.*** **(FW)**

Слично на ова, еден друг психолог напомена:

***Во однос на сексуалното образование. Гледам табу теми за кои не се разговара [...] Гледам традиционален начин на воспитување...Гледам и притисок од врсниците. Ова повторно се поврзува со нашата култура – она што ние, како култура и општество, го толерираме.*** **(FW)**

Стручните лица, исто така, разговараа за тоа како тишината околу темите поврзани со сексот и сексуалноста се манифестираат во семејствата. Тие разговраат и за тоа дека недостигот од простор за отворени дискусии, особено во семејните односи, може да влијае и врз способноста на децата да ја обработуваат или артикулираат сексуалната злоупотреба. Еден социјален работник ја опиша реакцијата на едно семејство на материјал за сексуална злоупотреба на деца на кој е прикажано 13-годишно девојче, кој се ширел онлајн. Социјалниот работник нагласи дека недостасува отворена комуникација во семејството околу работите што се случуваат во животот на детето, вклучително и разговорите за врските и сексуалноста. Размислувајќи за своите разговори со мајката, таа се сети:

***И потоа таа рече, дома, не зборуваме за такви работи. Зборуваме за натпревари, пијано, семинари во Франција, докторати, природни науки.*** **(FW)**

Овие размислувања укажуваат на недостиг од формални и неформални насоки за децата околу сексот, врските, здравите граници и согласноста.

### Ограничена свесност и нормализација на некои форми на сексуално насилство

Стручните лица посочија на ограниченото препознавање на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија и на

## 2.3 ПРЕЧКИ ЗА ОТКРИВАЊЕ

нормализирањето на насилното однесување, особено во односите со врсници, како што е разгледано во Поглавје 1. Ова има импликации врз откривањето на информациите; еден адвокат објасни дека дури и кога детето може да почувствува дека нешто не е во ред во врска со интеракцијата, можеби нема да го разбере кривичното значење на она што му се случило:

> ***Многу често, кога ќе дојде жртвата, дури и ако не е дете, само врз основа на она што го доживеале, тие знаат дека се случило нешто лошо. Но, тие не препознаваат дека тоа е сериозно кривично дело, дека е експлоатација. Тие се чувствуваат вознемирени или повредени, но правно кажано.*** **(JP)**

Сознанијата од податоците во анкетата би можеле да укажуваат и на нормализација или ограничена свесност за овие форми на злоупотреба. „Не мисли дека тоа што се случило било доволно сериозно“ беше четвртата најчеста пречка за откривање информации кај анкетираните деца (11 проценти од случаите), како што е прикажано во Графикон 5. Во 3 проценти од случаите, децата не кажале никому затоа што не им било „доволно грижа“ за да го сторат тоа. Сепак, од овој податок не е јасно дали ова одразува вистинска амбивалентност кон она што се случило, недостиг од разбирање дека она на што детето било изложено претставува злоупотреба или дали тоа е едноставно одраз на нормализирање на некои форми на насилство врз децата.

Накратко кажано, ова укажува на потреба од понатамошна поддршка од возрасните на семејно, училишно, општествено и системско ниво, така што децата и лицата кои имаат должност за грижа се свесни за правата на децата (вклучувајќи ги и нивните законски права), знаат што е сексуална експлоатација и злоупотреба (со помош на технологија) и ги разбираат многуте начини на кои се манифестира овој вид насилство. Некои стручни лица ги споделија своите перспективи за она што го сметаат за позитивна интервенција во овој поглед. Училишниот психолог се осврна на работилниците што ги организирала и некои заблуди што биле разгледани на нејзините сесии со децата:

> ***И сега, учениците го поврзаа тој претходен час со оваа ситуација, велејќи дека во овој случај немало допири па затоа не било нешто од што треба да се плашиме. [...] Да, така го разбираа тоа — иако веќе беа во деветто одделение. Па, овде, се обидовме малку да им ги демистифицираме работите. Злоупотреба не е само кога некој ќе те удри, и не е само кога некој ќе те допре. На пример, ќе речеа: „Како може ова да биде сексуална злоупотреба?“ Тие мислат дека сексуалната злоупотреба значи само силување. Сето друго, тие всушност не го препознаваат како злоупотреба. И потоа разговаравме и насамо со девојките, дека кога ќе кажеш не, тоа значи не. Во секоја врска. И романтична и пријателска.*** **(FW)**

Овој цитат укажува на важноста од обезбедување соодветни насоки за децата, не само за тоа што претставува сексуална експлоатација и злоупотреба, туку и за односите воопшто и како да се препознае и да се реагира на вознемирувачко или насилно однесување. Исто така, децата мора да знаат дека имаат сигурни и безбедни простори каде што можат да побараат совет, да откријат информации или да побараат помош од доверливи возрасни лица.

### Страв од осуда

Стравот од осудување, особено од родителите, беше особено истакнат во квалитативните податоци. Неколку од младите жени опишаа дека не ја откриле злоупотребата на која биле изложени поради очекување на негативни реакции од нивните родители. Една од младите жени опиша дека очекувала критики од нејзината мајка:

*[...] веднаш знаев како ќе реагира мајка ми. Ќе рече: „Зошто воопшто објавуваш слики? Секако дека луѓето ќе ти пишуваат, има секакви луѓе на светот“ или нешто слично. И во тој случај, ќе ми се јавеше чувство на вина.* (YP)

Стручните лица, исто така, забележаа дека стравот од негативните родителски реакции може да го обликува молчењето кај децата. Еден адвокат сподели дека:

*Ова е веројатно една од причините зошто девојките во слични ситуации честопати не сакаат да им се доверуваат на своите родители. Веќе знаат каква ќе биде реакцијата. [...] За нив, полесно е да живеат секој ден во страв, прашувајќи се: „Дали ќе ја објави [сексуалната содржина] или не? Ќе се обелодени или не?“ отколку да се соочат со нивните родители.* (JP)

Еден работник со директен контакт, кој му давал поддршка на момче коешто добило сексуализирана онлајн комуникација од возрасно лице, која се развила во добивање постојани пораки и барања за лична средба, се потсети на тоа колку силен може да биде стравот од родителските реакции и осуда и неговото влијание врз откривањето информации или барањето помош:

*[...] главен проблем беше родителот. „Ако дознае мајка ми, ќе ме убие.“ [...]. Првото нешто беше стравот од осуда и казна од мајката. Тоа беше главната причина да не се поднесе пријава. [...] можеби треба да размислиме колку е голем тој страв кога не ти е важно дали ќе бидеш повреден, туку те интересира само да не бидеш осуден од родителот. Ужасно!* (FW)

Квалитативните податоци покажаа дека стравот од осуда се проширил и кај врсниците и во заедницата. Тука спаѓа и тоа како детето ќе биде перцепирано од другите и како ќе реагираат пријателите и врсниците, вклучувајќи го и стравот од отфрлање. Еден психотерапевт кој ѝ пружал поддршка на девојка чии интимни фотографии биле споделени во врсничка група за разговор го долови интензитетот на овие грижи:

*Мислеше дека животот ѝ завршил. „Што ќе биде сега со мене?“ „Обележана сум засекогаш.“ [...] Да, беше убедена дека нема да може да стекне нови пријатели или да има друго момче. Се плашеше дека луѓето ќе продолжат да го спомнуваат тоа, дека тоа ќе ја следи каде и да оди.* (FW)

Како што напомена психотерапевтот, стравот од тоа што би можеле да мислат другите функционираше како моќна пречка за откривање.

Интервјуата со стручните лица дополнително покажаа дека стравот од осуда од заедницата може да биде особено изразен во мали или тесно поврзани заедници, при што децата се плашат од озборувања, јавно осудување, етикетирање и социјално исклучување, особено ако сторителот е познат и поврзан со таа заедница. Едно стручно лице од правосудството разговараше за прераспределба на интимни слики од две девојчиња, години откако тие првично биле споделени во врснички врски. Таа наведе:

*Кога станува збор за мало место, третманот [кон лицето кое е жртва на злоупотреба] е многу различен“. Всушност е уште полошо. Секој го знае сторителот. Тој е пријател, братучед, сосед [...].* (JP)

## 2.3 ПРЕЧКИ ЗА ОТКРИВАЊЕ

### Минати ситуации кога не е добиена позитивна реакција

Без оглед на тоа зошто децата добиваат негативни реакции кога откриваат информации, квалитативните податоци од стручните лица и младите жени покажаа дека претходните негативни искуства, на пример со родителите, другите доверливи возрасни лица како што се училишниот персонал или институциите, можат да ја поткопаат довербата и подготвеноста на детето да открива информации. На пример, психолог во Центарот за социјална работа опиша случај во кој претходно откриените информации од страна на едно девојче биле примени со неверување:

> ***[Таа] претходно била силувана од возрасно лице, случај за кој таа тврдеше дека не е обработен, и ние навистина го немаме случајот. Таа ги откри тие информации сега. Дури и тоа дека нејзините родители знаеле за тоа, особено нејзиниот татко, дека бил пријател со лицето што ја силувало, но дека никој не ја сфаќал сериозно.* (FW)**

Подоцна, кога девојчето било снимено за време на сексуален чин без нејзино знаење и овој материјал бил раширен онлајн преку разговори меѓу врсници, таа не им го открила тоа на своите родители. Овој случај покажува дека реакциите што ја отфрлаат или минимизираат експлоатацијата и злоупотребата на дете може да го зајакнат верувањето дека откривањето информации е залудно и неоправдано.

Дополнително, еден адвокат напомена дека за време на долготрајна злоупотреба, системските неуспеси би можеле дополнително да ја зајакнат перцепцијата дека барањето помош е неефикасно. Размислувајќи за случај што започнал со сексуална изнуда и се претворил во зачестена сексуална злоупотреба во живо, еден адвокат напомена:

> ***Дури и како малолетна, таа точно знаеше во какво општество живее, бидејќи го виде тоа од прва рака. Таа виде што се случува околу неа и дека никој никогаш не беше повикан на одговорност.* (JP)**

Затоа, процесот на барање помош и откривање информации се покажа како сложен за децата. Интервјуата со стручните лица и младите жени ја истакнаа важноста на возрасните лица кои се проактивни и даваат поддршка, при што мајките особено се појавија како централни фигури на коишто децата им се доверуваат и во анкетата и во квалитативните податоци. Иако податоците од анкетата покажуваат дека во повеќето случаи децата откриле експлоатација и злоупотреба на која биле изложени во претходната година, квалитативните податоци уште еднаш потврдија дека децата мора да се чувствуваат слушнати, заштитени и ослободени од осуда за да откријат. Интервјуата, исто така, покажаа дека, дури и ако децата откријат, ова може да биде само „последна опција“ откако заштитните стратегии ќе пропаднат или во моменти на влошување и неподнослив притисок. Дури и тогаш, процесот на барање помош може да се одвива постепено. Срамот и стигмата, заедно со табуата околу сексот, особено во однос на децата, исто така се сметаат за фактори што го одложуваат или спречуваат процесот на откривање. Овие модели нагласуваат дека подготвеноста на децата да откријат зависи не само од индивидуалната свест или желба, туку и од пошироките социјални, семејни и институционални средини кои одредуваат дали откривањето ќе биде пресретнато со заштита, осуда или неактивност.

# 3. ПРИЈАВУВАЊЕ

# 3. ПРИЈАВУВАЊЕ

Иако повеќето анкетирани деца изјавиле дека ја откриле злоупотребата некому, податоците од анкетата покажуваат дека малку деца формално пријавиле злоупотреба на која биле изложени во периодот од една година пред да бидат анкетирани. Според овие податоци, само 1 процент од децата одговориле дека пријавиле во полиција за тоа што го доживеале. Дополнително, само 1 процент од случаите разговарале со социјален работник, а 0,2 проценти се јавиле на телефонска линија за помош.

Како и со самиот процес на откривање, така, низа пречки може да го одложат и да влијаат врз тоа дали децата и семејствата ќе пријават или ќе побараат помош од стручни лица, од кои некои се разгледани подолу. Дополнителни причини за ниските бројки во анкетата би можеле да бидат „формите“ на експлоатација и злоупотреба опфатени во анкетата или фактот дека експлоатацијата и злоупотребата измерени во анкетата се случиле во претходната година. Разбирањето на факторите што влијаат врз децата и семејствата и потенцијалните пречки е од суштинско значење за обезбедување пристап до професионални услуги и правда.

Доцнењето на процесот на откривање и пријавување може да има длабоки импликации врз пристапот до правда. Во Северна Македонија, законските одредби за застарување – периодот по кој повеќе не може да се покрене правна постапка за кривично дело – вообичаено се движат од три до 20 години за кривични дела поврзани со сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија, во зависност од пропишаната казна.[50] Важно е да се напомене дека ова време се смета од моментот кога детето ќе наполни 18 години,[51] позитивна одредба што ги признава тешкотиите при процесот на откривање во текот на детството. Сепак, со самото постоење на законските одредби за застарување се ризикува да се овозможи сторителите да се заштитат од одговорност: до моментот кога лицето кое е изложено на злоупотреба или експлоатација е подготвено да го пријави тоа, периодот за гонење можеби веќе изминал. За вистинска заштита на децата и почитување на нивното право на правда, треба да се укинат законските одредби за застарување на сите сексуални престапи против деца.

Треба да се напомене дека квалитативните податоци во ова поглавје во голема мера се засноваат на перспективите на работниците со директен контакт и стручните лица во правосудството, бидејќи ниту една од младите жени кои учествуваа во интервјуата не ја пријави злоупотребата преку формалните канали измерени во истражувањето, оставајќи празнина во однос на директните гласови на децата.

50 Република Северна Македонија (1996). Кривичен законик, чл. 107.
51 Исто, чл. 108 (1).

# 3.1 ФОРМАЛНИ КАНАЛИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

Според законодавството на Северна Македонија, кривичните дела поврзани со сексуална експлоатација и злоупотреба на деца (со помош на технологија) може да се гонат дури и без формална жалба од страна на детето.[52] Кривичните пријави сè уште можат да се поднесат преку различни канали, вклучително и директно до јавен обвинител [53] или до полицијата, кои потоа се должни веднаш да ги упатат до надлежниот обвинител.[54]

Случаите на злоупотреба на деца и незаконска онлајн содржина може да се пријават и преку полицискиот портал „Црвено копче“, кој постојано се следи.[55] Сепак, интервјуата со органите за спроведување на законот покажаа дека платформата не е многу користена, делумно затоа што е недоволно позната во јавноста.

Откако ќе се појават основи за сомневање дека е сторено кривично дело, јавниот обвинител мора да отвори случај[56] и да спроведе истрага со поддршка од судската полиција.[57] Обвинителите имаат три месеци да донесат одлука дали треба да се покренат кривични пријави.[58]Доколку пријавата е отфрлена или истрагата е затворена – на пример, затоа што делото не е предмет на јавно гонење или затоа што нема доволно докази, жртвата на кривичното дело мора да биде информирана за одлуката и дека има осум дена да поднесе жалба до виш јавен обвинител. Потоа, одлука по жалбата мора да се донесе во рок од 30 дена, или со потврдување на одлуката или со наредба до обвинителот да ја продолжи постапката.[59]

И покрај постоењето на оваа рамка – која има за цел да го олесни пријавувањето – еден адвокат укажа дека може да се појават предизвици при покренување судски постапки. Тој опиша дека полицијата применила неточна правна класификација, која потоа не била разгледана од обвинителот во случај на сексуална изнуда врз дете. Како резултат на тоа, случајот првично беше отфрлен врз основа на тоа дека кривичното дело не се смета за предмет на гонење по службена должност. Иако Вишото обвинителство подоцна нареди нова истрага по поднесената жалба, адвокатот посочи дека не биле преземени дополнителни дејства една година подоцна.

Иако од оваа студија се достапни ограничени податоци, ова област може да биде поле на понатамошно истражување за да се овозможи правилно спроведување на класификацијата на случаите и спроведување на постојните рокови што го регулираат донесувањето одлуки од страна на обвинителството, со цел да се обезбеди систематско и ефикасно поведување кривични постапки што вклучуваат сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија.

52 Исто, чл. 193, 193-а, 193-б; Република Северна Македонија (2026). Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, чл. 6 (нов член 152 а).
53 Република Северна Македонија (2010). Закон за кривична постапка, чл. 274.
54 Исто, чл. 282.
55 Видете Полиција на Северна Македонија (пристапено на 31 март 2026 година). Црвено копче, Злоупотреба на деца.
56 Република Северна Македонија (2010). Закон за кривична постапка, чл. 18.
57 Исто, чл. 291 (2).
58 Исто, чл. 275.
59 Исто, чл. 288, 304.

# 3.2 ПРЕЧКИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

Анкетираните децата, кои не пријавиле преку формални канали, полиција, социјален работник или телефонска линија за помош, биле прашани зошто не го сториле тоа. Како што е прикажано во Графикон 6 подолу, главните одговори биле „пријателите го обесхрабриле детето да пријави“ (29 проценти) и „добивање закани од страна на сторителот“ (28 проценти). Поглавје 2 ја нагласува клучната улога на врсниците во поддршката на децата кои се жртви на сексуална експлоатација и злоупотреба. Врсниците не само што можат да обезбедат непосредна помош, туку можат и да охрабрат да се побара дополнителна помош. Овие сознанија за пречките за пријавување покажуваат дека е од суштинско значење сите деца да им веруваат на правосудните системи и службите за поддршка и да ги сметаат за одговорни. Не е доволно само да постојат услуги; тие мора да се сметаат и за одржливи опции, овозможувајќи децата да се чувствуваат сигурно во пријавувањето и да не ги обесхрабруваат врсниците кои сакаат да го сторат тоа.

Графикон 6: Пречки за формално пријавување и барање помош




**Основа:** 260 случаи на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија на кои биле изложени децата една година пред да бидат анкетирани.

Другите пречки истакнати од анкетата со деца ги одразуваат пречките идентификувани и разгледани во однос на процесот на откривање информации. Тие вклучуваа: „не мисли дека било доволно сериозно“, причини што би можеле да бидат поврзани со недостиг од доверба во институциите; стравови околу доверливоста, недоверба во овие места, „не мисли дека нешто ќе се направи“ и страв од запаѓање во неволја. Заедничката природа на овие пречки и врските меѓу процесот на донесување одлуки околу откривањето и пријавувањето ја нагласуваат важноста на напорите за откривање и превенција ако овие пречки се решат ефикасно.

Родителите, исто така, може да се соочат со страв, двоумење и други пречки. Како што е прикажано во Графикон 6, родителите што ги обесхрабруваат своите деца да пријават се третата најчеста пречка што ја споделија анкетираните деца.

Во интервјуата, некои стручни лица се осврнаа на своите искуства во работата со семејства во врска со пријавувањето. Еден училишен психолог го опиша упорното заговарање што било потребно за да се увери дека случај на сексуална изнуда од страна на врсник ќе биде пријавен кај органите за спроведување на законот:

> ***Бевме многу упорни во поттикнувањето на родителите да преземат мерки и продолживме да ги притискаме сè додека конечно не отидоа и не го пријавија случајот во полиција – во Единицата за компјутерски криминал“. Бидејќи полицијата мора да се вклучи во овие случаи.*** **(FW)**

Според ова стручно лице, таквата упорност честопати била неопходна поради двоумењето на родителите, стравот или несигурноста во врска со процедурите за пријавување. Сепак, овој случај покренува потенцијално прашање зошто училиштето не го пријавило проблемот директно.

Податоците од анкетата со родителите дополнително откриваат некои од пречките и грижите со кои родителите и старателите би можеле да се соочат. Родителите беа прашани што би направиле ако нивното дете биде сексуално вознемирувано, експлоатирано или злоупотребено. Како што е прикажано во Графикон 7, повеќето родители одговориле дека би дејствувале, додека малцинството (3 проценти или 28 родители) би го задржале тоа за себе. Меѓу 28-те родители кои одговориле дека ќе го задржат тоа за себе, најчестите пречки биле стравот од одмазда и лошо однесување.

### Графикон 7: Што рекоа родителите дека ќе направат ако нивното дете е сексуално вознемирувано, експлоатирано или злоупотребено




**Основа:** 1000 анкетирани родители.

### Стигма и срам

Според стручните лица, срамот и стигмата останале централни пречки за децата, одразувајќи ги моделите што се веќе забележани во однос на размислувањата на децата околу откривањето информации. Една социјална работничка опиша дека одбивањето на 17-годишно момче да пријави обид за сексуален напад од возрасно лице што го запознало онлајн го сметала за поврзано со тоа што момчето не сакало формално да биде идентификувано како жртва на злоупотреба:

> *Исто така, мислам дека детето не сакаше да се вмеша во нешто каде што неговото име ќе биде споменато и напишано во документи во кои се наведува дека било сексуално вознемирувано итн.“. Мислам дека сакаше да започне живот надвор од земјата, без да се вклучува во такви истраги [...].* (FW)

Стравот од тоа другите да дознаат за злоупотребата и загриженоста за нејзините последици, како што се обвинувањето и пошироките општествени последици, исто така придонесле за неподготвеноста за пријавување, според интервјуата со стручни лица. Еден адвокат напомена дека стигмата од заедницата и обвинувањето на жртвата можат да го одвратат пријавувањето:

> *Жртвите се стигматизирани и дополнително маргинализирани затоа што луѓето не разбираат како се случува овој вид насилство, ниту пак се свесни дека воопшто постои. [...] постои претпоставка дека „нешто мора да се случило“ за да се случи тоа. [...] Исто така, постои и овој наметнат срам врз самото семејство [...] Слушате работи како: „Каде детето видело нешто такво за да биде сексуално злоставувано“? или „Што правеле родителите“?* (JP)

Слично на ова, еден психотерапевт го опиша двоумењето на родителите да пријават, осврнувајќи се на тоа дека ги одмерувале грижите околу тоа кои би биле последиците ако другите дознаат за злоупотребата и дали пријавувањето воопшто би довело до позитивен исход:

> *Дали да поднесеме пријава? Или да не поднесуваме пријава? Дури и да поднесеме, во повеќето од случаите ништо не се презема. Немаме докази. Добро, некои имаат докази. [...] Но што ако не направат ништо со тоа? Луѓето едноставно ќе знаат дека ова или она му се случило на моето девојче. Дека си го барала“ или како што велат, „мавтала со опашката“ и така натаму.* (FW)

### Грижи околу процесот на пријавување и недостиг на доверба во институциите

Како што е наведено во цитатот погоре, одлуките за пријавување и барање стручна помош може да зависат и од грижите поврзани со процесот и неговите исходи.

Квалитативните податоци од стручните лица и младите жени, кои биле изложени на сексуална злоупотреба или експлоатација со помош на технологија како деца, идентификуваа загриженост околу тоа што би опфаќал процесот на пријавување и што би се случило потоа, особено за децата. Еден работник со директен контакт опиша дека 15-годишно момче, кое било намамено од маж, одбило да го пријави тоа во полиција. Во овој случај, професионалното лице напомена дека стравот и неизвесноста, заедно со ограниченото знаење за тоа што би значело пријавувањето, го попречиле пријавувањето:

*Проблемот беше што детето во моментот одбиваше, што е нормално, да пријави кај мајката и во полиција бидејќи се плашеше дека ќе биде дискриминирано. [...] Тоа не беше спремно, ќе кажам повторно, бидејќи имаше голема недоверба. Не знаеше какви беа протоколот и процедурите. Многу се засрами од фактот дека ќе се читаат разговорите и дека може ќе го обвинат него... „Што ќе ми направат?* (FW)

Работникот со директен контакт ја истакна потребата од подолготрајна работа со децата и нивно уверување во однос на доверливоста, заштитата и процедуралните гаранции, за тие да се чувствуваат пријатно да пријават.

Слично на тоа, размислувајќи за случај што започнал преку онлајн контакт и продолжил со повеќекратна физичка злоупотреба, еден адвокат напомена:

*За неа, откривањето беше голема траума бидејќи не го сакаше тоа. Колку и да беше лоша нејзината ситуација, бидејќи постојано беше експлоатирана, таа не сакаше да оди во полиција, немаше храброст, немаше поим како да се справи со она што ќе следи.* (JP)

Истакнувајќи ја неизвесноста околу последиците од процесот на пријавување како длабоки пречки за тоа.

Нејасните исходи од процесот на пријавување може да ја одвратат подготвеноста на децата и семејствата да откријат и пријават. Една млада жена се осврна на оваа несигурност:

*Дури и да пријавевме, не знам што можеше да се направи.* (YP)

Ова може да биде показател дека кога децата не се сигурни дали пријавувањето во полиција ќе доведе до значајно дејствување, постои помала веројатност тие да пријават.

Квалитативните податоци покажаа и дека родителите можат да го обесхрабрат пријавувањето. Еден адвокат од организација на граѓанското општество напомена дека некои родители го обесхрабруваат пријавувањето за да ги заштитат децата од очекувана секундарна виктимизација:

*[семејствата] понекогаш избираат да не пријавуваат одредени работи, бидејќи веруваат дека тоа ќе предизвика дополнителна виктимизација, за која, за жал, не можеме да гарантираме дека нема да се случи.* (JP)

Стручните лица, исто така, разговараа за тоа дека родителите може да се двоумат да пријават поради недостиг од доверба во институциите. Ова може да се должи на неверување дека случајот ќе биде правилно обработен или дека ќе резултира со правда, или дека ќе биде заштитена анонимноста на детето.

Покрај тоа, некои стручни лица споделија информации дека семејствата и децата може да немаат информации за тоа како да пристапат до механизмите за пријавување, особено специјализираните единици, како што се одделенијата за компјутерски криминал. Еден психотерапевт кој му давал поддршка на девојче што било сексуално изнудувано од момче, објасни:

*Мислам дека не одат во полиција, туку разговараат со пријател којшто работи во тој оддел...[...] Дали познавате некого што знае нешто, што може да ви даде информации, некој од тој оддел [...].* (FW)

Оваа празнина во разбирањето може да ги наведе и родителите и младите луѓе да бараат неформален совет, наместо да се вклучат преку формални канали.

### Задолжителна вклученост на родителите во процесот на пријавување

Квалитативните податоци, исто така, идентификуваа практични пречки за процесот на пријавување за децата, особено задолжителното вклучување на родителите. Според Законот за кривична постапка, кога жртвата на кривичното дело е дете, неговиот законски застапник е овластен да ги дава сите изјави и да ги презема сите процесни дејства во негово име;[60] што значи дека детето не може да дејствува самостојно во такви случаи. Во друг случај, законскиот застапник може да назначи полномошник да дејствува во име на детето.[61]

Еден училишен психолог опиша случај кога способноста на девојчето да побара помош од полицијата била попречена поради фактот што таа отишла во полициска станица без родител или старател. Психологот опиша дека девојчето кажало дека се плаши оти нејзиниот татко ќе употреби физичко насилство врз момчето кое сексуално ја изнудувало. Додека психологот контактирал со мајката на девојчето, девојчето одлучило да го напушти училиштето и да оди во полиција, во придружба на другарка. Психологот објасни:

> ***Добивам повик од полициската станица во [скопската област], од инспекторката. (...) И еве што ми рече таа: „Им објаснив дека без родители не можам да ги примам и ги вратив на училиште.*** (FW)

Во други случаи, со податоците од интервјуата се истакна дека овој процедурален услов може да ги одврати децата од пријавување во полиција поради тоа што не сакаат нивните родители да знаат за експлоатацијата и злоупотребата на која биле изложени. Една од младите жени опиша како ова влијаело врз нејзината одлука да не пријави:

> ***Па, не, одамна знам [...] како функционира, дека не можам сама да одам во [полициската] станица, мора да одам со родител или старател. Ќе кажам пак, тогаш... Не бев толку блиска со мајка ми за да споделувам вакви работи. Не дека не бевме блиски, туку знаев како ќе реагира. Значи, се плашев и знаев дека ќе има расправии и не сакав да го споделам тоа со неа.*** (YP)

Еден адвокат од организација на граѓанското општество напомена дека децата што бараат помош понекогаш се двоумат или се повлекуваат кога ќе им се каже дека за полициската истрага да напредува ќе треба да се вклучат родителите.

### Прикривање сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија од страна на момчињата

Стручните лица наведоа дека *пријавените* случаи на сексуална експлоатација и злоупотреба, вклучително и оние што вклучуваат дигитални технологии, претежно вклучуваат девојчиња и жени. Притоа, тие споделија дека ова може да се должи на одредени пречки за момчињата и да значи потценување на штетата што им се прави на момчињата. Фактот дека податоците од анкетата не покажуваат статистички значајна разлика во стапките на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија врз момчињата и девојчињата оди во прилог на ова гледиште.

Неколку стручни лица посочија дека момчињата можеби имаат помала веројатност да откријат и пријават злоупотреба поради општествените

60 Исто, чл. 66.
61 Исто, чл. 67.

норми околу машкоста, срамот и стравот од тоа да бидат перципирани како ранливи. Еден психолог наведе:

> ***Кај момчињата, речиси и да нема дискусија за тоа колку од нив се жртви“. А се жртви. [...] Момчињата се, исто така, жртви на насилство преку технологијата, но ние немаме статистика, ниту пак водиме евиденција.*** **(FW)**

Таа понатаму ја поврза оваа забелешка со пошироките општествени норми кои можат да го обесхрабрат препознавањето или пријавувањето на сексуалното насилство врз момчињата.

Слично на тоа, еден обвинител кој работел на случај со материјал за сексуална злоупотреба на деца генериран преку вештачка интелигенција, исто така, заклучи дека родовата динамика има улога во пријавувањето:

> ***Имаше случаи во кои беа вклучени и момчиња, но некако тие повеќе се срамат да го признаат тоа. Не знам, тие ретко се одлучуваат да прозборат. Ретко пријавуваат.*** **(JP)**

Важно е да се нагласи дека овие податоци не укажуваат дека формалните канали за пријавување не биле достапни за момчињата. Наместо тоа, во своите размислувања, стручните лица посочија на родовите и општествените норми како потенцијални пречки за пријавување од страна на момчињата и дека постои потреба од достапни, безбедни и анонимни патишта што ќе ги премостат овие пречки. Прв и најважен чекор е да се разбере реалноста и загриженоста на момчињата околу пријавувањето и да се приспособат тековните механизми и пристапи за пријавување за да се земат предвид нивните конкретни потреби. Меѓутоа, додека не се адресираат суштинските фактори кои влијаат момчињата да не поднесуваат пријави и сексуалното насилство врз нив да остане незабележано, се чини дека овие измени сами по себе нема да бидат доволни.

**Генерално, процесот на пријавување сексуална злоупотреба со помош на технологија е ранлив и зависи од нивото на доверба, капацитетите и реакцијата на институциите. Кога механизмите за пријавување се перципираат како недостапни, небезбедни или неефикасни, тие престануваат да функционираат како заштитни канали и наместо тоа, стануваат дополнителни извори на ризик и товар. Затоа, зајакнувањето на процесот на пријавување бара не само појасни процедури и алтернативни канали приспособени на децата, туку и доследно институционално дејствување, пракса заснована на траумата и видлива одговорност, така што пријавувањето ќе се доживува како значајно, предвидливо и подносливо за децата и нивните семејства.**

Една од младите жени разговараше за тоа што, според неа, би можело да го направи процесот на пријавување полесен и попријатен за младите луѓе:

> ***Па... можеби треба да постои некаков систем, онлајн, каде што можете да испраќате докази или да го запишувате вашето искуство, да поставувате докази, [...] па потоа тоа да се истражи [...]. Систем каде, на пример, не мора лично да одите во полиција и да се соочувате со целата анксиозност и страв околу тоа. Нешто попријатно, за да можете да го направите тоа без... без никакво осудување за тоа што се случило.*** **(YP)**

## 3.2 ПРЕЧКИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

Во овој контекст, очекуваното воведување на Европската телефонска линија за помош на деца 116 111 во Северна Македонија би претставувало чекор напред кон зајакнување на достапните канали за поддршка и пријавување за децата и младите луѓе. Ова се надоврзува на долгогодишното искуство на „Меѓаши“ во работењето со телефонската линија за деца и млади „Ало Бушавко“ повеќе од 30 години.[62] Иако телефонската линија за помош не ја заменува целосно потребата од посебни алатки за онлајн пријавување злоупотреба со помош на технологија, таа може да обезбеди повидлива, подостапна и попријатна влезна точка за децата кои бараат поддршка, советување или упатување.

Освен пречките што го обесхрабруваат пријавувањето, некои стручни лица опишаа и дека пријавените случаи може да не успеат да напредуваат низ следните фази од правосудниот процес, како што е подетално објаснето во Поглавје 5. Како што објасни едно стручно лице:

> ***Имавме случаи каде, на пример, жртвата се јавува и вели: „Веќе ја повикав полицијата, ми рекоа дека немам случај и дека дури и да пријавам, ништо нема да се промени“.*** **(JP)**

Ова укажува на пошироката загриженост околу довербата во институционалните реакции кога станува збор за пријавување сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија.

62 Подобар интернет за децата, Македонија достигнува пресвртница во заштитата на децата: бројот на телефонската линија за помош за деца 116 111 е доделен на телефонската линија за помош „Ало Бушавко“ од „Меѓаши“, Европска Унија, 12 јануари 2026 година.

# 4. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ДЕЦАТА И ПРИСТАП ДО СООДВЕТНА ГРИЖА

# 4. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ДЕЦАТА И ПРИСТАП ДО СООДВЕТНА ГРИЖА

Податоците од „Disrupting Harm“ истакнуваат неколку последици врз децата кои биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија. Во нив спаѓаат: анксиозност, самоповредување и самоубиствени идеи или обиди. Затоа, пристапот до специјализирани услуги за грижа, како што е психосоцијалната поддршка, е од суштинско значење за да им се помогне на децата да се справат со последиците од сексуалната експлоатација и злоупотреба и да го преработат насилството на кое биле изложени. Во ова поглавје ќе се разгледаат некои од последиците по менталното здравје на децата што произлегоа од податоците, пред да се опишат перспективите и искуствата на стручните лица за обезбедување услуги.

*Стручните лица дополнително ги истакнаа сериозните и долгорочни последици по менталното здравје на децата, вклучувајќи анксиозност, самоповредување и самоубиство. Тие опишаа дека ова често било поврзано со постојани или засилени закани, присилба и исчекување (или реалност) од сторителот кој ја ширел нивната сексуална содржина.*

# 4.1 ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ДЕЦАТА

Влијанието на сексуалната експлоатација и злоупотреба со помош на технологија – вклучително и злоупотребата заснована на слики – беше често спомнувана тема од страна на стручните лица, особено во случаи кога сексуалните слики од детето беа споделувани онлајн.

Беше кажано дека децата се обвинуваат себеси за злоупотребата, усвојувајќи ги општествените норми и ставовите на обвинување на жртвата. Еден психотерапевт ги раскажа реакциите на едно девојче чија сексуална содржина била раширена онлајн од момче врсник и го опиша големото влијание што тоа го имало врз неа. Девојката доживеала постојан стрес и анксиозност во врска со фактот дека оваа содржина ќе остане трајно онлајн и влијанието што тоа ќе го има врз нејзината иднина:

***Сите зјапаа во неа во училишниот ходник. Беше понижена“. Потоа продолжи: „Да, се плашеше дека луѓето ќе продолжат да го спомнуваат тоа, дека тоа ќе ја следи каде и да оди. Таа дури помисли да избега во друг град. [...] Постојано ѝ се повторуваа истите мисли.* (FW)**

Стручните лица дополнително ги истакнаа сериозните и долгорочни последици по менталното здравје на децата, вклучувајќи анксиозност, самоповредување и самоубиство. Тие опишаа дека ова често било поврзано со постојани или засилени закани, присилба и исчекување (или реалност) од сторителот кој ја ширел нивната сексуална содржина. Стручните лица го опишаа интензивниот срам и чувството на губење на контролата што го чувствуваат децата по споделување на нивната сексуална содржина без согласност или по континуирана злоупотреба.

Еден социјален работник се присети на случај на сексуална изнуда, каде што сторителот користел постојани закани и манипулација за сексуално да експлоатира девојче. Социјалниот работник опиша како чувството дека е заробена без можност за бегство довело до губење на сонот и до самоубиствени мисли. Во друг случај, еден психотерапевт пружил поддршка на 13-годишно девојче кое се обидело да се самоубие откако било сексуално изнудено и сторителот направил голи слики од неа против нејзина волја.

Податоците од анкетата ги поддржуваат овие сознанија, покажувајќи дека сексуалната експлоатација и злоупотреба со помош на технологија е поврзана со показатели за влошување на менталното здравје. Податоците покажуваат дека децата кои биле изложени на каква било форма на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија пријавиле значително повисоки нивоа на анксиозност. Во просек, нивните резултати за анксиозност беа за околу 21 процентен поен повисоки од оние на децата кои не биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија во изминатата година.[63]

Покрај тоа, податоците од анкетата укажуваат на зголемен ризик од самоповредување, самоубиствени идеи и обиди за самоубиство. Децата кои биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија имале 11 пати поголема веројатност да пријават самоповредување[64] и 12 пати поголема веројатност да пријават самоубиствени мисли и однесувања во споредба со децата кои не биле изложени на овие форми на сексуална експлоатација и злоупотреба.[65]

63 Проценките се засновани на помали подгрупи и треба да се толкуваат со претпазливост поради пошироките интервали на доверба. Пријавени се просечните разлики во однос на анксиозноста. Резултатите за анксиозност се движат од 0 до 1, при што повисоките резултати укажуваат на почести или поинтензивни симптоми.

64 За оваа анализа, релативните ризици за самоубиствени идеи и однесувања се прикажани за децата кои биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија во изминатата година и за оние кои не биле изложени на злоупотреба во овој период. Проценките се засновани на помали подгрупи и треба да се толкуваат со претпазливост поради пошироките интервали на доверба (2,56, 55,236).

65 За оваа анализа, релативните ризици за самоповредување се прикажани за децата кои биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија во изминатата година и за оние кои не биле изложени на злоупотреба во овој период. Проценките се засновани на помали подгрупи и треба да се толкуваат со претпазливост поради пошироките интервали на доверба (6,683, 65,691).

## 4.1 ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ДЕЦАТА

Последиците можат да бидат трајни и да продолжат да влијаат врз децата во нови средини или долго откако се случила експлоатацијата или злоупотребата. Една адвокатка се осврна на влијанието врз две возрасни жени чија сексуална содржина од кога биле деца била споделена во онлајн групи:

> ***Тие имаат семејства сега – едната дури има и деца – но сè уште живее во срам.* (JP)**

Таа кажа дека ова предизвикало една од жените да се обиде да се самоубие.

Имајќи го предвид влијанието што сексуалната експлоатација и злоупотреба го имаат врз децата и потребата да им се обезбеди поддршка, Законот за правда за децата го утврдува правото на децата жртви на криминал да добијат информации за тоа како да пристапат до достапна медицинска, психолошка и друга стручна помош од надлежните органи, институции и организации пред, за време и по кривичната постапка, како и да пристапат до услугите за поддршка на жртвите што ги обезбедуваат тие.[66] Покрај тоа, Законот за заштита на децата наложува државата да спроведе специјални програми за да се помогне физичкото и физиолошкото закрепнување, рехабилитација, ресоцијализација и социјална реинтеграција на децата што биле изложени на експлоатација и злоупотреба.[67]

Во ова поглавје се разгледува начинот на кој овие права се заштитени во пракса во однос на оваа законска рамка. Во него извлекуваме податоци од искуствата на стручните лица кои обезбедуваат грижа за децата изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија и нивните перспективи во однос на аспектите на обезбедување услуги во Северна Македонија. Оваа анализа не е наменета да биде исцрпна или да даде целосна слика за услугите што се обезбедуваат во Северна Македонија; поради полуструктурираната природа на интервјуата, учесниците имаа слобода да разговараат за аспектите на обезбедување услуги што се најрелевантни за нив. Поради тоа, во повеќето од исказите беа наведени празнините во обезбедувањето ефикасни услуги наспроти силните страни. При читањето на ова поглавје, треба да се напомене и дека ниту една од младите жени кои биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија како деца не зборуваше за пристап до психосоцијална поддршка или професионални услуги за ментално здравје. Ова значително ја обликува анализата, оставајќи важен празен простор и потреба од понатамошно истражување за тоа како децата ги разбираат овие услуги.

66 Република Северна Македонија (2024). Закон за правда за децата, чл. 166 (1).
67 Република Северна Македонија (2013). Закон за заштита на децата, чл. 56 (3).

# 4.2 ПРЕДИЗВИЦИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГИ

Психосоцијална поддршка за децата изложени на експлоатација и злоупотреба во Северна Македонија се обезбедува преку разни организации, вклучувајќи јавни институции, организации на граѓанското општество, училишта и приватни практичари. Овој дел разгледува некои од каналите за пристап до психосоцијална поддршка, заедно со предизвиците опишани од интервјуираните стручни лица.

Законски предвидените услуги првенствено се обезбедуваат преку Центрите за социјална работа и јавниот здравствен сектор, а организациите на граѓанското општество обезбедуваат психосоцијална поддршка и услуги во заедницата. Приватните психолози и психотерапевти ги надополнуваат овие услуги, честопати обезбедувајќи експертиза фокусирана на децата и траумата. Затоа, училиштата претставуваат една од клучните влезни точки за пристап до процесот на обезбедување услуги, при што професионалните служби (специјализиран училиштен персонал) ја поддржуваат психосоцијалната благосостојба на учениците и ги поврзуваат децата и семејствата со надворешни услуги.

### Центри за социјална работа

Центрите за социјална работа претставуваат централен дел од процесот на обезбедување услуги во Северна Македонија. Станува збор за јавни институции за социјална заштита во кои работат лиценцирани мултидисциплинарни тимови, вклучувајќи социјални работници, психолози, педагози и адвокати.[68] Тие работат преку модел на управување со случаи, според кој раководителите на случаите ги проценуваат потребите на корисниците, подготвуваат индивидуални планови за нивно задоволување, ги координираат услугите низ институциите и ги мобилизираат професионалните и другите ресурси потребни за да се обезбеди пристап до соодветна поддршка.[69] Во интервјуата, стручните лица се осврнаа на обемните обврски на центрите за социјална работа, нагласувајќи го прекумерниот обем на работа, недостигот од кадар и како тоа влијае врз способноста за обезбедување квалитетни услуги за децата и семејствата.

Еден психолог од Центарот за социјална работа илустрираше како прекумерниот обем на работа се акумулира врз малите тимови задолжени за справување со повеќе области истовремено:

> ***Случаи на семејно насилство и малолетничко насилство – еден тим се занимава со двете области. Нема доволно луѓе... само ние петмина работиме и на случаи на семејно насилство и а случаи на малолетничко насилство. За малолетници, секоја втора недела секој од нас добива околу 7 нови случаи во еден ден, плус 3 случаи на семејно насилство – тоа се 10 нови случаи одеднаш.*** **(FW)**

Осврнувајќи се на последиците од ова, таа додаде:

> ***Значи, ние сме преоптоварени со работа само колку да ги завршиме основните работи, и секако ќе има незадоволни, тоа е нормално, навистина е.*** **(FW)**

Таа укажа и на честата смена на вработените во Центрите поради прекумерниот обем на работа.

Друга психолог од Центарот за социјална работа го опиша обемот на обврски што ги имаат таа и нејзините колеги:

68 Република Северна Македонија (2019). Закон за социјална заштита, чл. 113.
69 Исто, чл. 4 (13).

## 4.2 ПРЕДИЗВИЦИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГИ

> ***[...] Јас сум единствениот психолог во [одделот] за целата територија на градот [еден од најголемите градови во Северна Македонија]. Има уште двајца други социјални работници. Работиме со деца од странство без придружба, со жртви и сторители, со возрасни баратели на азил, со повратници од реадмисија, деца жртви на сексуално насилство и педофилија, деца жртви на трговија со луѓе [...] соработуваме со НВО [...] Ние всушност нудиме сметување и услуги за дневен престој.* (FW)**

Работниците со директен контакт истакнаа и дека постои недостиг од специјализирани и достапни психосоцијални ресурси. Истата психолог – разговарајќи за големиот обем на работа во нејзиниот тим – ја нагласи ограничената достапност на советувалиштата:

> ***Имаме безброј предизвици, а немаме ресурси. По сите овие години на постоење на Центарот за социјална работа во [еден од најголемите градови во Северна Македонија], сè уште имаме само едно советувалиште – само еден ресурс. [...]. Искрено, и јас сум назначена да работам во советувалиштето. Но, со сите овие други обврски – како можам воопшто да постигнам? Јас се занимавам со управување со случаи, итни интервенции, старателство, условни казни, сè. Не можам да се поделам на седум луѓе за да работам седум различни работи.* (FW)**

Еден обвинител ги опиша овие ограничувања од меѓуинституционална перспектива, истакнувајќи дека понекогаш мора да му се даде приоритет на некој случај поради ограничените ресурси:

> ***И соработката со Центарот за социјална работа – кога станува збор за вакви случаи, и тие ќе бидат целосно вклучени". Сепак, за други, да речеме, помали инциденти или помалку сериозни случаи – иако за нас сите инциденти се значајни – тие немаат капацитет. [...] Мислам дека немаат доволен капацитет, како во однос на кадар, така и во однос на техничките средства.* (JP**

### Здравствениот систем или приватната пракса

Психијатриските и/или психолошките услуги не се дел од пакетот за примарна здравствена заштита во Северна Македонија, туку се категоризираат како специјалистичко-консултативна здравствена заштита.[70] За децата помали од 14 години, родителите или старателите го избираат матичниот лекар и мора да иницираат пристап до такви специјалистички услуги во име на детето. Вообичаено, за да се добие пристап до таквите услуги потребен е упат од матичен лекар, а услугите ги обезбедуваат или овластени јавни институции или приватни лекари кои имаат склучено договор со јавниот сектор.[71] Како резултат на тоа, пристапот до здравствена заштита зависи не само од достапноста на услугите, туку и од административните процедури и координацијата меѓу повеќе даватели на услуги.

70 Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. „Како осигурено лице може да избере лекар" [преведено од македонски]. Пристапено на 6 јуни 2026 г. https://fzo.org.mk/nachin-kako-osigurenoto-lice-da-izbere-lekar; Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. „Права на примарна здравствена заштита" [преведено од македонски]. Пристапено на 6 јуни 2026 г. https://fzo.org.mk/prava-od-primarna-zdravstvena-zashtita; Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. „II. Права на специјалистичко-консултативна здравствена заштита" [преведено од македонски]. Пристапено на 6 јуни 2026 г. https://fzo.org.mk/prava-od-specijalistichko-konsultativna-zdravstvena-zashtita.

71 Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. „Како осигурено лице може да избере лекар" [преведено од македонски]. Пристапено на 6 јуни 2026 г. https://fzo.org.mk/nachin-kako-osigurenoto-lice-da-izbere-lekar; Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. „Права на примарна здравствена заштита" [преведено од македонски]. Пристапено на 6 јуни 2026 г. https://fzo.org.mk/prava-od-primarna-zdravstvena-zashtita; Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. „II. Права на специјалистичко-консултативна здравствена заштита" [преведено од македонски]. Пристапено на 6 јуни 2026 г. https://fzo.org.mk/prava-od-specijalistichko-konsultativna-zdravstvena-zashtita.

Еден психотерапевт објасни дека овие процедурални барања можат да предизвикаат значително доцнење и дека долгите листи на чекање честопати го спречуваат навремениот пристап до услугите, дури и кога тие се формално достапни. Таа напомена дека иако услугите формално биле покриени од фондот за здравствено осигурување, термин можело да се закаже дури по две години поради ограничената достапност.

Ова значи дека специјализираните психосоцијални услуги не им се независно и директно достапни на децата. Дури и за поголемите деца, услугите остануваат достапни преку упат, а за да се снајдат во системот треба да го вклучат семејството, бидејќи родителите се носители на примарното здравствено осигурување или планот за здравствена заштита. Ова би можело да создаде дополнителни пречки за децата кои не сакаат нивните родители да знаат дека бараат услуги.

Како што е споменато погоре, пристапот до услугите е достапен и преку приватни лекари. Сепак, еден приватен психотерапевт раскажа дека приватните лекари остануваат во голема мера исклучени од јавните институции и системите за здравствено осигурување. Пристапот до приватни услуги бара од семејствата да го сносат и финансискиот и административниот товар, а дополнително зависи од нивната способност да се снајдат во овој паралелен систем.

Еден психотерапевт воопшто се осврна на недостигот од стручни лица специјализирани за работа со деца и како тоа, пак, влијае врз достапноста на специјализирани услуги за нив:

> ***[...] многу малку стручни лица избираат да работат со деца. На пример, има многу малку детски психијатри. [...] има само неколку во овој град, и ние си препорачуваме клиенти едни на други. [...] Исто така, тука нема многу обуки за работа со деца и млади луѓе; поголемиот дел од обуките се во странство.*** (FW)

Интервјуата дополнително покажаа дека пристапот до психосоцијалните услуги може да зависи од географијата. Еден психотерапевт напомена дека квалификуваните стручни лица за ментално здравје – особено оние што се специјализирани за работа со деца – се претежно концентрирани во урбаните центри, особено во Скопје. Во руралните и помалите градски заедници често недостигаат такви специјалисти, што значи дека семејствата ќе треба да патуваат или да користат приватни услуги, со што ќе направат дополнителни трошоци.

Работниците со директен контакт раскажаа дека семејствата патувале до Скопје за да добијат пристап до психосоцијална поддршка кога локалните служби не биле достапни или не ги задоволувале нивните потреби, честопати користејќи услуги од приватни лекари. Еден психотерапевт кој ѝ пружал поддршка на девојка, чии фотографии со сексуална содржина биле споделени без согласност, нагласи дека пристапот до услугите зависи од семејните ресурси:

> ***Девојката беше многу изгубена и ѝ требаше поголема поддршка, но поддршката зависеше од тоа колку можеа да си дозволат финансиски. Здравственото осигурување не ги покрива сесиите. [...].*** (FW)

Овие искази на стручните лица укажуваат на одреден степен на фрагментираност во обезбедувањето психосоцијална поддршка, каде што движењето низ лавиринтите на системот може да предизвика задоцнувања или потешкотии за децата и семејствата кои се обидуваат да пристапат до овие услуги. Централизацијата на услугите, особено во Скопје, недостигот од специјализирани услуги и приватни даватели на услуги може дополнително да создаде пречки во однос на достапноста, логистиката и трошоците. Сепак, бидејќи овие сознанија се засновани на интервјуа со група работници со директен контакт и стручни лица од правосудството, тие се ограничени и не можат да се однесуваат на целиот систем во Северна Македонија.

# 4.3 ПРЕЧКИ ЗА ПРИСТАП

Покрај некои од системските и институционалните предизвици опишани погоре, стручните лица се осврнаа на други размислувања за семејствата што би можеле да влијаат врз тоа дали ќе побараат услуги. Недостигот од доверба во институциите, загриженоста за квалитетот на грижата и стравот дека другите ќе дознаат за експлоатацијата или злоупотребата беа опишани како фактори од коишто можат зависат одлуките на семејствата. Еден психотерапевт од организација на граѓанското општество објасни:

> ***[...] жртвите што доаѓаат кај мене не веруваат дека ќе бидат заштитени. И ова постојано се повторува. Дури и оние со ресурси, врски и финансиски средства не му веруваат на системот. Не веруваат во правда и разрешување на случајот.*** **(FW)**

Осврнувајќи се на конкретен случај, тој ја истакна загриженоста на родителите во однос на тоа да продолжат да живеат во истата заедница.

Работниците со директен контакт истакнаа дека обезбедувањето услуги зависи од соработката меѓу институциите и семејствата и опишаа на кој начин слабите односи можат да ја ограничат ефикасноста на дадените услуги. Тие раскажаа дека семејствата внимателно им пристапуваат на институциите, проценувајќи дали може да им се верува на стручните лица и дали соработката со институциите може да ја загрози анонимноста на детето.

Работниците со директен контакт опишаа и случаи кога родителите ги избегнувале службите или давале отпор, или непријателски се однесувале не затоа што не се грижеле за детето, туку се грижеле да не се разбере за експлоатацијата и злоупотребата во заедницата и за неизвесноста на исходот откако ќе се вклучат институциите. Еден психотерапевт се осврна на случај каде што родителите сакале што побрзо да ја завршат психосоцијалната поддршка, одбивајќи ги препораките за понатамошен третман:

> ***[...] Им реков дека, во зависност од тоа што можат да си дозволат, можат да продолжат со советување на друго место. [...] Но, не. [...] И претпоставувам дека многу луѓе се однесуваат вака: „Ајде да завршиме со ова што е можно побрзо“.*** **(FW)**

Слично на ова, еден психолог од Центарот за социјална работа раскажа дека стигмата околу проблемите со менталното здравје може да ги наведе родителите да се спротивстават на препораките за понатамошен третман, поради загриженост дека нивното дете ќе биде етикетирано и околу социјалните последици ако другите дознаат дека тоа користи услуги.

Интервјуата со работниците да не се разберат го истакнаа фактот дека иако услугите може да бидат достапни, одлуките за барање услуги и соработката со службите може да зависат и од социјалните, емоционалните и економските ресурси на семејствата и нивната способност да се снајдат во институционалните лавиринти, како и од довербата во институциите и загриженоста околу социјалните последици ако експлоатацијата и злоупотребата им станат познати на другите.

# 4.4 ПРЕДИЗВИЦИ СО СОРАБОТКАТА МЕЃУ СЕКТОРИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГИ

Покрај пристапот до услугите, интервјуираните стручни лица идентификуваа и голем број пречки и предизвици за ефикасно обезбедување услуги. Како што е споменато погоре, овој извештај не е наменет да биде систематски преглед на квалитетот и ефективноста на процесот на обезбедување услуги, но сепак, интервјуата со над 30 стручни лица нудат важен увид во предизвиците со кои се соочуваат некои стручни лица во нивната секојдневна работа.

Во интервјуата со работниците со директен контакт беа изнесени главните проблеми што влијаат врз нивната работа и врз постапувањето по случаите. Еден од проблемите што го истакнаа стручните лица од сите институции – од центрите за социјална работа, организациите на граѓанското општество и училиштата – беше потребата од зајакната комуникација, споделување информации и координација меѓу институциите.

Еден училиштен психолог ја нагласи потребата од поформализирана комуникација и соработка, истакнувајќи ја потребата од:

> ***[...] нешто системско, врска меѓу полицијата, социјалните служби, Центарот за социјална работа, лекарите, нас. Бидејќи...Јас навистина не можам да стапам во контакт со социјалните служби. Телефонот не им работи; морам да најдам некој број на интернет, да испратам е-пошта, а потоа [...] може да бидат потребни три месеци да стигне негде. Значи, ни треба некаква врска, некои луѓе кои имаат директен контакт едни со други.*** (FW)

Други стручни лица напоменаа дека, во отсуство на формални комуникациски канали или контактни точки, тие би се потпирале на неформални мрежи и лични врски. Иако ова може да ја олесни комуникацијата и евентуално да ги забрза процесите, постои ризик од нееднаков пристап при постапувањето. Еден психотерапевт кој работи во приватна пракса напомена:

> ***[...] Јас сум терапевт кој е прилично добро поврзан со невладиниот сектор. Ги имам сите ресурси за препораки. Многу од моите колеги го немаат тоа [...] постојано се соочуваме со овие празнини во поврзувањето. Јас имам кого да препорачам, а некогаш и тие може мене да ме препорачаат. Но што е со институциите?*** (FW)

Стручните лица понатаму раскажаа дека ограничената комуникација и размена на информации меѓу институциите може да доведе до неизвесност околу тоа дали децата веќе биле во контакт со други институции, дали бил проценет ризикот или дали биле преземени мерки во случајот и дали детето добивало континуирана поддршка. Едно стручно лице од здравствена установа се осврна на доцнењата или недостигот на одговори од социјалните служби по формалните извештаи, оставајќи неизвесност околу следните чекори и одговорноста:

> ***[...] во одредени ситуации, центрите [за социјална работа] не ни одговараат на нашите извештаи. Тие имаат практика да одговараат во некои случаи, но тоа одзема многу време. Претпоставувам дека и самите имаат многу случаи. Не добивме никаков одговор од Центарот, не. Најверојатно затоа што се координираат со полицијата, а потоа инспекторот ја презема работата, претпоставувам, што во идеален случај не би требало да биде така.*** (FW)

За децата изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба (со помош на технологија) честопати се потребни услуги од повеќе сектори и интервенции од различни институции. Слабата комуникација и соработка меѓу институциите би можела да влијае врз пристапот до услугите за децата и нивниот квалитет. Со ова се ризикува да

дојде до доцнење или создавање празнини во процесот на обезбедување услуги и тоа може да влијае и врз довербата во овие институции.

### Празнини во континуитетот на грижата и услугите

Во неколку одделни случаи, стручните лица изразија загриженост за празнините во континуитетот на грижата и поддршката за децата. Поточно, беа забележани празнини во текот на напредувањето на случајот низ системот, и тоа во оние моменти кога надлежноста се префрла од една институција на друга".

Едно стручно лице во правосудството, осврнувајќи се на случај каде што едно девојче било сексуално изнудено, а потоа експлоатирано, опиша дека со институционалните реакции им се дало приоритет на мерките за акутна заштита. Сепак, според него, поддршката насочена кон закрепнување, социјалната реинтеграција и долгорочната грижа биле помалку систематски планирани и спроведени. Еден адвокат даде сличен осврт во врска со еден случај по завршувањето на кривичната постапка:

> ***Овој случај уште еднаш го истакна фактот дека недостигот од услуги за поддршка на жртвите, надвор од правната помош која и самата е несигурна и нерегулирана, ги остава жртвите во најголема мера препуштени сами на себе. Всушност, тие се препуштени на своите семејства или едноставно да се грижат сами за себе.* (JP)**

Друго стручно лице ја истакна потребата од поструктуриран процес, осврнувајќи се на случај кога детето ја напуштило установата за институционално згрижување.

Иако само неколку стручни лица ги начнаа овие предизвици, а околностите варираа, ова може да биде поттик за понатамошно истражување на континуитетот на грижата, интервенцијата насочена кон закрепнување и координираното следење од страна на повеќе сектори.

**Улогата на образовниот систем во процесот на откривање и начинот на реагирање**

Училиштата се средини каде што се одвива сексуалната експлоатација и злоупотреба со помош на технологија, но тие, исто така, се важен простор за превенција и место каде што возрасните можат да откријат експлоатација и злоупотреба, да добијат информации за злоупотреба и да ги упатат децата до соодветните служби.

Во своите интервјуа, стручните лица и младите жени кои биле изложени на сексуална експлоатација или злоупотреба како деца дадоа примери каде што училиштата интервенирале во случаи на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија. Еден училиштен психолог раскажа дека како едно девојче било сексуално изнудувано од нејзиното момче. Училиштето ги информирало родителите, го приспособило распоредот на девојчето за да ѝ даде време за емоционално закрепнување и договорило редовни сесии кај училишниот психолог. Во друг случај, опишан од стручно лице од правосудство, сексуални слики од 12-годишно девојче биле споделувани во врснички групи за разговор. Наставничката на девојчето го пријавила случајот во Центарот за социјална работа, кој потоа го пријавил во полиција која презела мерки, илустрирајќи како формалните канали за пријавување меѓу институциите функционирале ефикасно во овој случај.

Иако во неколку искази се раскажаа позитивни примери за тоа како училиштата идентификувале сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија и координирано реагирале, испитаниците, исто така, изразија загриженост во врска со реакцијата на училиштата и училишниот персонал.

Задоцнето реагирање или неактивноста од страна на училиштата: Некои работници со директен контакт разговараа за случаи кога училиштата не презеле соодветни мерки. Еден социјален работник опиша како случај

што вклучувал создавање и раширување на дигитално изменети сексуални слики од страна на врсници бил пријавен од училиштето во Центарот за социјална работа дури откако родителите пријавиле во полиција.

Според едно стручно лице од здравствена установа, училиштето не постапило по пријавата од страна на дете во училиштето за сексуално малтретирање од страна на врсници и изложеност на сексуална содржина од страна на возрасно лице во училишните простории. Мајката на девојчето побарала психосоцијална поддршка за него бидејќи детето почнало да го избегнува училиштето. Кога потоа девојчето ги споделило информациите за злоупотребата, стручното лице го пријавило човекот кој го изложил девојчето на сексуална содржина во полиција, а подоцна добило повратни информации од полицијата дека по истрагата се открило дека и други девојчиња во училиштето биле изложени на злоупотреба од страна на истото возрасно лице.

Некои стручни лица, исто така, напоменаа дека минимизирањето на инцидентите или ограничената реакција од страна на училиштата може да се должат на други причини, како што се зачувување на угледот на училиштето или загриженоста од негативни реакции кај родителите.

Недостиг на сеопфатни и сензибилизирани реакции: Во интервјуата, работниците со директен контакт и стручните лица од правосудството се осврнаа на тоа дека некои насилни однесувања можеби не се правилно препознаени или се потценети од страна на училишниот персонал.

Еден психолог од Центарот за социјална работа опиша случај со раширување сексуална содржина од девојче во училиштето. Училиштето го пријавило случајот во Центарот за социјална работа, но во пријавата била изразена загриженост за „однесувањето“ на девојчето и негативното влијание на видеото врз другите ученици, а не за злоупотребата на која било изложено девојчето:

> ***Немаше сензибилитет дека детето е жртва на насилство, на нешто, на што било, туку дека детето е проблем што тие, како училиште, не можат да го решат.*** **(FW)**

Стручното лице, понатаму, се осврна на тоа дека училиштето, исто така, не успеало да ја препознае својата улога во справување со врсниците што биле вклучени во споделувањето на видеото.

Стручните лица посочија и случаи каде што училиштата делувале со цел брзо да го решат тековниот проблем, но притоа нивната реакција била лишена од подлабока проценка на потребите на детето и немало соодветно понатамошно следење. Еден психотерапевт кој ѝ пружал поддршка на девојка чии интимни фотографии биле споделени без согласност од страна на врсник се осврна на ова:

> ***Беше оставено на училиштето да го реши проблемот, но мислам дека всушност ништо не се случи. Училишниот психолог беше информиран и контактиран еднаш, но потоа немаше понатамошен одговор. Процесот запре со признавање на она што се случило, без понатамошни дејствија, без зачестени состаноци и без континуирана работа со неа.*** **(FW)**

Структурни ограничувања во училиштата: Сепак, работниците со директен контакт, исто така, препознаа дека реакциите на училиштата во врска со насилство и злоупотреба може да бидат засегнати од структурни ограничувања и ограничувања на

## 4.4 ПРЕДИЗВИЦИ СО СОРАБОТКАТА МЕЃУ СЕКТОРИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГИ

можностите, вклучително и недоволен број вработени и административни оптоварувања. Еден психотерапевт се осврна на влијанието што ова може да го има врз способноста на училишниот персонал соодветно да реагира:

*Тие [училишниот персонал] се зафатени со други работи. Мислам дека се преоптоварени со административна работа, други случаи како малтретирање, проблеми во однесувањето и другите задачи што ги извршува училишниот психолог. [...]. Како резултат на тоа, тие многу малку пријавуваат и честопати сметаат дека не е нивна работа да ги вклучуваат родителите.* (FW)

Таа додаде:

*Па, прашање е и колку добро го знаат тоа. Имаат толку многу протоколи, нели?* (FW)

Истото стручно лице, исто така, се осврна на недостигот од доследност во бројот на специјализиран персонал, нивниот капацитет и обуката што ја добиваат. Таа посочи дека училишните психолози можеби не се достапни во училиштата надвор од градските центри.

Еден училиштен психолог посочи дека, според неа, потребна е поголема поддршка за справување со сложени проблеми и ситуации. Таа објасни дека треба да бидат достапни насоки од педагошката служба[72] при Министерството за образование и наука ако училиштата не се сигурни што е во нивна надлежност или за правилното правно дејство, но објасни дека поради ограничениот капацитет, сметала дека оваа поддршка не е достапна во практична смисла на зборот:

*На крајот, вината е префрлена на училиштето, иако всушност училиштето нема вистинска поддршка од никого. [...]. Значи, самиот закон [за педагошки служби] е одличен, но функционира само со двајца или тројца луѓе во службата, а сè што бараат од нас се податоци: Колку жртви имавте, колку инциденти во првото полугодие со бројки и колку во второто полугодие со бројки? [...] но случаите кога некој навистина побарал помош се такви што никој никогаш не добил вистинска поддршка, бидејќи службата не е соодветно екипирана.* (FW)

Податоците презентирани овде ги истакнуваат училиштата како места каде што се случува сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија, но исто така и како важни места за идентификување на проблемите со заштитата на децата, обезбедување поддршка и услуги за децата и упатување до други институции кога е потребно. Сепак, сознанијата покажуваат дека е потребно да се зајакне разбирањето на сексуалната експлоатација и злоупотреба со помош на технологија и нејзините штети, осигурувајќи се дека постојат јасни протоколи и дека нивното практично спроведување е разбрано, како и зајакнување на координацијата со други институции во училиштата за подобра заштита на децата.

72 Педагошката служба во рамките на Министерството за образование и наука го поддржува менталното здравје на учениците, ги води училиштата во процесот на справување со образовните и психосоцијалните проблеми и им помага на родителите преку советување и насочување. Таа овозможува пристап до детски психолози, развива услужни модели, ги следи образовните практики и предлага мерки за решавање на конфликти и промовирање здрава средина за учење.

# 5. ПРИСТАП ДО ПРАВДА И ПРАВНИ ЛЕКОВИ

# 5. ПРИСТАП ДО ПРАВДА И ПРАВНИ ЛЕКОВИ

Ова поглавје се фокусира на тоа како институциите и стручните лица во правосудниот систем ги задоволуваат потребите на децата, ги заштитуваат од понатамошно повредување и ги почитуваат нивните права, особено преку употреба на процедури кои се приспособени на децата. Исто така, се проценува степенот до кој законската рамка во Северна Македонија предвидува такви процедури.

Законот за правда за децата предвидува голем избор на заштитни мерки за децата жртви на криминал. Децата имаат право да бидат третирани со достоинство, да се почитува нивната приватност и да бидат заштитени од заплашување, одмазда и каква било форма на дискриминација. Тие, исто така, мора да бидат информирани за своите права на јасен јазик што е соодветен на нивната возраст и психофизичка состојба, а и тие и нивните старатели мора да бидат информирани за сите прашања поврзани со постапката. Законот дополнително го гарантира правото на децата жртви на кривично дело на посебна заштита од секундарна виктимизација или ревиктимизација, вклучително и правото да даваат изјави во услови приспособени на нивните потреби и развој, без непотребно одложување по поднесување на жалбата.[73] Случаите што вклучуваат деца жртви на криминал мора да ги решава тим за заштита од повеќе сектори[74], а од полицијата, обвинителите и судовите изречно се бара да посветат посебна грижа за нив.[75]

Децата жртви на криминал имаат право и на правен совет од адвокат обучен за правата на децата пред да ја дадат својата прва изјава.[76] Оваа помош е секогаш бесплатна во случаи на кривични дела против сексуалната слобода[77] и може да биде обезбедена од Министерството за правда, неговите регионални одделенија, правни клиники и овластени организации.[78] Децата, исто така, имаат право да бидат застапувани од адвокат во текот на целата постапка,[79] но законот не утврдува јасно дека таквото застапување треба да биде бесплатно. Иако бесплатното правно застапување е, во принцип, достапно за да се заштитат децата или жртвите на криминал во судските постапки, за да го добијат, децата и нивните семејства треба да поднесат барање и да докажат дека се финансиски подобни, што потенцијално може да го ограничи ефективниот пристап.[80] Сепак, позитивно е тоа што бесплатната правна помош вклучува поддршка при пополнување на ова барање.[81]

Интервјуираните стручни лица од правосудството посочија дека потребата од приспособување на правните процедури на развојните капацитети на децата и нивната посебна ранливост е добро воспоставена во пракса. Иако заштитните мерки, кои се приспособени на децата и вметнати во законодавството, беа широко прифатени од страна на стручните лица од правосудството како неопходни за спречување на повторна трауматизација, нивните искази, исто така, укажаа на нееднакво спроведување во пракса:

> ***Не секогаш имаме обучен персонал кој знае како да работи со деца или кој е задолжен за случаи поврзани со деца. Постои пренатрупаност и други проблеми што водат до... до потенцијална секундарна виктимизација.*** **(ЈР)**

---

73 Република Северна Македонија (2024). Закон за правда за децата, чл. 166 (1).
74 Исто, чл. 166 (4).
75 Исто, чл. 166 (3).
76 Исто, чл. 167 (1), 167 (2).
77 Република Северна Македонија (2010). Закон за кривична постапка, чл. 55 (1).
78 Република Северна Македонија, Бесплатна правна помош (пристапено на 4 април 2026 г).
79 Република Северна Македонија (2024). Закон за правда за децата, чл. 167 (1).
80 Република Северна Македонија (2009). Закон за бесплатна правна помош, чл. 8.
81 Исто, чл. 12 Република Северна Македонија, Бесплатна правна помош (пристапено на 4 април 2026 г.).

Во иста насока, еден адвокат од организација на граѓанското општество се осврна на напредокот во усвојувањето на пристапи приспособени на детето, истовремено истакнувајќи ги постојаните празнини во нивната примена:

> ***Со текот на годините, од она што го забележавме, обуките и придонесите од самите институции, како и од невладиниот и меѓународниот сектор, имаа навистина позитивно влијание врз подобрување на практиката". Сега имаме посвесни стручни лица кои се справуваат со овој вид насилство. Но сепак, дефинитивно се соочуваме со неидеални ситуации, а тоа е делумно така затоа што често е невозможно да се имаат идеални услови. На пример, не секогаш имаме соодветни простории за сослушување на децата, не секогаш имаме обучен персонал кој знае како да работи со деца или кој е задолжен за случаи поврзани со деца.** (JP)*

Сознанијата презентирани подолу ги одразуваат перспективите и искуствата на 16-те интервјуирани стручни лица од правосудството, надополнето со релевантни увиди од интервјуата со работниците со директен контакт. Треба да се напомене дека ниедна од петте млади жени кои биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија како деца немала контакт со правосудниот систем. Како такви, сознанијата презентирани во ова поглавје се засноваат исклучиво на исказите од стручните лица кои им помогнале на деца изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија. Затоа, сознанијата поврзани со пристапот до правда и правни лекови треба да се толкуваат имајќи го предвид отсуството на перспективите од децата.

# 5.1 НЕДОСТИГ НА СТРУЧНИ ЛИЦА ВО ПРАВОСУДСТВОТО

Законот за правда за децата наведува дека постапките што вклучуваат деца жртви на криминал мора да ги водат судии, обвинители и полициски службеници со познавање на правата на децата и правната заштита на децата во кривичните постапки со најмалку 10-годишно искуство во таа област.[82] Во пракса, треба да си го поставиме прашањето дали ова барање е изводливо. Еден обвинител ја истакна потребата од идентификување практични решенија за негово спроведување, посочувајќи на затворениот круг што може да се создаде, при што стручните лица без претходно искуство би биле ефикасно спречени да стекнат искуство во таа област:

***Таа [формулација] е проблематична сама по себе, бидејќи ако е таков случајот, во ред е – некои обвинители, судии и полициски службеници можеби имаат, но прашањето сè уште се поставува – ако немаат, како би ги стекнале тие 10 години искуство за да го исполнат условот. Пред воопшто да почнам, немам право да постапувам во такви случаи. (JP)***

Неколку интервјуирани стручни лица од правосудството, исто така, напоменаа дека, во пракса, од нив се бара да покријат широк спектар на случаи, што им ги ограничува можностите за стекнување и одржување на таквата специјализација. На пример, еден обвинител напомена:

***Не работам само на случаи со малолетничко насилство. Немаме толкав обем на случаи за еден обвинител да работи само на малолетнички прашања. (JP)***

Според стручните лица, предизвикот околу специјализацијата е усложнет од ограничувањата во однос на кадровскиот состав, што може да доведе до тоа од судиите да се бара да преземаат случаи надвор од нивната вообичаена област на пракса и, како резултат на тоа, да не бидат целосно запознаени со процедуралните заштитни мерки што се применуваат за децата жртви и сведоци на кривични дела. Во такви околности, постои ризик стручните лица да не бидат доволно подготвени да спроведат пристапи кои се приспособени на децата и им овозможуваат на децата смислено да учествуваат во постапките на начин што ги почитува нивните права и најдобри интереси.

Поголема загриженост од овој недостиг на специјализација предизвикува потенцијално ограниченото разбирање на природата и обемот на сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија кај некои стручни лица од правосудството и лица со директен контакт, што може да доведе до погрешно карактеризирање на кривичните дела. Еден правен советник од организација на граѓанското општество опиша случај во кој се работи за снимање на сексуална злоупотреба на деца во кој главниот сторител бил обвинет за сексуален напад врз детето, додека лицата кои го снимиле и го распространиле материјалот биле третирани исклучиво како сведоци, со што се заштитиле од кривично гонење:

***Снимката беше земена како доказ во постапката, но не беше квалификувана како посебно кривично дело на кое инсистиравме - за создавање порнографија и распространување на порнографски материјал“. Такво обвинение не беше поднесено од страна на Обвинителството. Не знам зошто […]. (JP)***

82 Република Северна Македонија (2024). Закон за правда за децата, чл. 172.

Во иста насока, двајца адвокати од организации на граѓанското општество раскажаа два одделни случаи поврзани со дигитално менување слики од деца за создавање сексуална содржина, кои биле класифицирани како злоупотреба на лични податоци според Законот за заштита на личните податоци, а не како кривични дела поврзани со материјал за сексуална злоупотреба на деца. Иако двата случаи се однесуваа на постапки извршени од деца, еден од адвокатите посочи дека ова не е примарниот фактор за оваа помалку строга правна квалификација, туку тоа во голема мера се должи на недостиг од свест за применливите одредби. Треба да се напомене дека едниот случај го водел Центарот за социјална работа, наместо да биде упатен до Јавното обвинителство, што покажува дека празнините во познавањето на стручните лица вклучени во раната фаза од одговорот може да доведат со целосно пренасочување на случајот од системот на кривично правосудство, со што се попречува ефикасниот пристап до правда и одговорност на жртвите.

Овие искази укажуваат на јазот меѓу формалното знаење и барањата за искуство, и нивното спроведување во пракса, што укажува на поголеми системски предизвици што можат да ја поткопаат доследната примена на заштитните мерки и ефикасното гонење на кривичните дела. Иако континуираното усовршување останува од суштинско значење за пополнување на празнините во специјализацијата, тоа само по себе не е доволно. Исто така, мора да се најдат решенија и за структурните ограничувања што го попречуваат развојот на специјализирана експертиза и ја поткопуваат ефикасноста на судството на друг начин, како и за поширокиот систем на идентификација и упатување на случаите. Овие проблеми се разгледани поподробно во следниов дел.

*Иако заштитните мерки, кои се приспособени на децата и вметнати во законодавството, беа широко прифатени од страна на стручните лица од правосудството како неопходни за спречување на повторна трауматизација, нивните искази, исто така, укажаа на нееднакво спроведување во пракса.*

## 5.2 СИСТЕМСКИ ПРЕДИЗВИЦИ

Во интервјуата со стручните лица од правосудството и работниците со директен контакт ги утврдивме системските ограничувања, особено недоволниот број вработени и ограничените кадровски и технички ресурси, како клучни фактори што влијаат врз функционирањето на правосудниот систем. Стручните лица од правосудството опишаа дека големиот обем на работа и ограничена институционална поддршка влијаат врз обработката на случаите и на временските рокови на судските постапки. Еден судија го сподели својот став дека овие предизвици не се изолирани, туку засегаат повеќе институции во рамките на целиот систем:

> ***Обвинителството и судовите се исцрпени. Имаме премалку судии. Што се однесува до обвинителите, не ја знам нивната точна состојба или колку добро се екипирани. [...] но знам дека нивната услуга е во полоша состојба од нашата, а ние веќе сме во лоша состојба. [...] Но, постојано се прашувам, како е можно ниедна институција, ниеден судија, ниеден обвинител, ниеден суд, ниеден службеник, ниеден социјален работник или кој било друг да не функционира правилно, а сепак ние тоа го третираме како нормално? Значи, јасно е дека проблемот е системски.*** (JP)

Слично на тоа, еден обвинител истакна дека со недоволниот број вработени лица се зголемува притисокот врз службата:

> ***Навистина си ја сакам работата. Но, за жал, секоја година барањата стануваат сѐ потешки и потешки бидејќи немаме доволно персонал. Немаме доволно луѓе, немаме доволно квалификуван персонал. Верувам дека за работата на еден обвинител да биде со висок квалитет, од суштинско значење е секогаш да има поддршка. Некој да води записник, дактилограф, некој да помага со списите на предметот, да составува судски покани. [...] Но засега, за жал, имаме сериозен недостиг од персонал. Сериозен. И сме преоптоварени.*** (JP)

Иако овие искази не се однесуваат конкретно на случаи со сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија, тие покажуваат подлабоки предизвици во рамките на правосудниот систем кои веројатно ќе влијаат на неговата целокупна ефикасност и капацитет да одговори на ваквите случаи на начин приспособен на детето. Во пракса, недостигот на персонал и големиот број на предмети навистина можат да доведат до одложувања и ограничен континуитет во постапките, поткопувајќи ја довербата на децата изложени на такви кривични дела и на нивните семејства во процесот, како што објасни еден правен советник од организација на граѓанското општество:

*Дополнително, она што ни ја отежнуваше работата беше тоа што во [градот] во последните пет години, судот имаше недостиг од судии. Имаше само неколку, и тие имаа преголем број на предмети. Рочиштата се закажуваа на секои три или четири месеци, што значи дека немаше добар континуитет. На пример, ако имавме едно во март, следното ќе беше во септември и така натаму. Ова дополнително влијаеше врз родителите, поткопувајќи ја нивната доверба во системот, и искрено, би рекол дека на сите што бевме вклучени во процесот ни дојде преку глава. Особено кога се смени судијата.* (JP)

Од горенаведеното произлегува дека се потребни одржливи јавни инвестиции во кадровски и технички капацитети во рамките на правосудниот сектор за да се справиме со ограничувањата на ресурсите, особено со оглед на нивниот придонес во одложување на напредокот на случаите што вклучуваат сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија.

## 5.3 ФАКТОРИ КОИ ПРИДОНЕСУВААТ ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ ОД ПОСТАПКИТЕ

Неколку стручни лица од правосудството изразија загриженост во врска со продолженото времетраење на судските постапки поврзани со сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија. Иако Законот за правда за децата бара случаите што вклучуваат деца жртви на криминал да се третираат како „итни“,[83] тој не поставува обврзувачки рокови за судските постапки, ограничувајќи ја практичната ефикасност на оваа заштита. Во некои од случаите опишани од интервјуираните стручни лица, одложувањата се чинеше дека се поврзани со подлабоки системски проблеми, како што се преоптоварен правосуден систем или предизвици во координацијата во самиот систем и со надворешните институции. Во други случаи, учесниците идентификуваа проблеми поконкретно поврзани со сложеноста на ваквите случаи, вклучително и тешкотии во исполнувањето на важечките законски барања и доказните аспекти.

На пример, еден судија се осврна на случај на сексуална изнуда од страна на врсници што го презел од друг судија. Случајот веќе траел 18 месеци, и во тој период детето сè уште не било испрашано. Тој ги припиша одложувањата на повеќе фактори, вклучувајќи ги тешкотиите во обезбедувањето присуство на вештаците вклучени во форензичките проценки на рочиштето, како и фактот дека не е спроведена никаква психијатриска проценка на детето:

> ***[...] постои предизвик да се соберат сите вештаци кои ги спроведоа форензичките проценки, бидејќи е потребно и нивното сведочење. [...] Значи, се најдов во ситуација каде што, откако го закажав рочиштето за септември и откако беа исполнети одредени услови, ги исконтактирав сите. За време на комуникацијата со последниот, психологот посочи дека во нивниот извештај недостасува психијатриска проценка. Тоа сега ме спречува да закажам рочиште.* (JP)**

Слично на тоа, еден правен советник од организација на граѓанското општество опиша случај во кој се работи за снимање со сексуална злоупотреба на деца, во кој судот се соочил со проблеми при прибирање на доказите и координација на вклучените вештаци, што довело до неколку одложени рочишта. Постапката беше пролонгирана до таа мера што семејството на детето на крајот одлучи да не го продолжува случајот:

> ***Што точно се случи на крајот, не знам, бидејќи во еден момент од постапката родителот рече: „Се предавам. Не можам повеќе да го трпам ова, ќе го решам на мој начин“. Инсистиравме дека не постои нешто како „мој начин, твој начин“, туку само законскиот начин. Тој постојано инсистираше дека му е преку глава од сето ова, од процедурите, од сè.* (JP)**

Ова покажува дека долготрајните судски постапки и зачестените прекини на постапката можат да придонесат за фрустрација кај семејствата, што на крајот може да ги наведе да се повлечат од процесот. Осврнувајќи се на конкретен случај што вклучувал долга жалбена постапка, еден социјален работник од организација на граѓанското општество , исто така, напомена дека таквите одложувања можат да доведат до постојана несигурност кај децата, што доведува со значителен емоционален стрес:

83 Република Северна Македонија (2024). Закон за правда за децата, чл. 173 (2).

> ***Бидејќи таа посетува психотерапија. Добро ѝ оди, но има моменти кога ќе се јави и ќе рече: „Не можам повеќе да го правам ова. Знам дека ќе ги пуштат, [...] ова трае предолго... што ќе се случи“? Ги доживува истите стари мисли, се фрустрира, но потоа се стабилизира. Сепак, повеќегодишното чекање за работите да се разрешат навистина многу влијае врз неа.*** **(FW)**

Враќајќи се на случајот опишан од правниот советник погоре, вклученото дете било исто така изложено на постојано заплашување и напад од страна на наводниот сторител, што покренува загриженост за тоа дали постојните механизми за заштита систематски се спроведуваат во пракса. Всушност, законот им дава овластување на судовите да изрекуваат посебни мерки за заштита на психофизичкиот интегритет на децата жртви на криминал,[84] вклучително и промена на личните податоци во службените документи;[85] лична заштита;[86] привремено или трајно преместување[87] или промена на идентитетот.[88] Овој случај укажува на потенцијалните последици кога таквите мерки не се применуваат ефикасно, вклучително и изложување на децата и нивните семејства на повеќе форми на притисок, што може да влијае врз нивната способност или подготвеност да продолжат со постапките. Сепак, податоците собрани за време на ова истражување не овозможуваат да се процени обемот во кој се појавуваат ваквите ситуации.

84 Република Северна Македонија (2024). Закон за правда за децата, чл. 175 (2).
85 Република Северна Македонија (2005). Закон за заштита на сведоци, чл. 28.
86 Исто, чл. 29.
87 Исто, чл. 30.
88 Исто, чл. 31.

## 5.4 ФОРЕНЗИЧКИ ИСПРАШУВАЊА

Законот за правда за децата предвидува дека децата жртви на криминал имаат право на посебна заштита при давање сведоштво, а судовите мора да ги применуваат овие мерки во случаи на сексуална злоупотреба.[89] Пред сослушување на детето, надлежните органи, заедно со релевантните тела, институции и организации за поддршка на жртвите мора да ја проценат ситуацијата на детето за да утврдат кои мерки се потребни.[90] Ова подразбира да се земе предвид возраста на детето, развојот и личните околности, како и природата на кривичното дело.[91] Во зависност од случајот, судовите можат да воведат заштитни паравани или да преземат други мерки за заштита на идентитетот и приватноста на детето и неговото семејство. Тие, исто така, можат да дозволат сведочење преку видеоконференциски повик или други технички средства за комуникација, да ја отстранат формалната судска облека, да ја исклучат јавноста или да го земат сведочењето на детето преку стручен посредник.[92] Децата жртви на криминал мора да бидат испрашани на начин што нема да ѝ наштети на нивната благосостојба, а полицијата, обвинителите и судовите треба да ги земат предвид индивидуалните карактеристики и потреби на секое дете.[93]

Законот за кривична постапка им дозволува на судовите да земат сведоштва од деца кои биле жртви на сексуална злоупотреба со помош на психолог, педагог, социјален работник или друго компетентно стручно лице. Прашањата од другите страни потоа се филтрираат преку тој експерт или судијата што ја води постапката.[94] Сепак, законот не бара изречно ваквите испрашувања систематски да ги спроведуваат специјално обучени стручни лица. Отсуството на оваа заштитна мерка може да доведе до тоа децата да бидат испрашувани од страна на персонал на кој му недостасуваат потребните вештини засновани на траума, со што се зголемуваат ризиците од повторна виктимизација, како што напомена еден адвокат од организација на граѓанското општество:

> ***Многу често, дури и во случаи на трговија со луѓе, сè уште се среќаваме со ситуации каде што жртвата е сослушувана повеќе пати, каде што сослушувањата се спроведуваат несоодветно, каде што лицето кое го води сослушувањето – а ние сме присутни за дел од сослушувањата – не се симнува на нивото на жртвата за да може да разбере што е прашањето или не ги разбира целосно нејзините одговори.*** **(JP)**

Неколку интервјуирани стручни лица ја истакнаа потребата од специјализирана обука за водење форензички испрашувања на деца. Осврнувајќи се на еден случај на којшто работела, друга адвокатка го сподели своето мислење дека особено обвинителите би имале корист од ваквите иницијативи за градење на капацитетите:

> ***[...] обвинителите кои работат со жртвите дефинитивно имаат потреба од специјализирана обука за тоа како да пристапат и да комуницираат. Една обука за работа со деца жртви не е ни приближно доволна за да се приспособи начинот на кој ги испрашувате. И воопшто не зборувам за начинот на кој се поставуваат прашањата. На пример, девојката објаснуваше колку понижено се чувствувала [кога била злоупотребена] [...]и потоа обвинителот ја праша: „Но, ти... ти не го сакаше тоа, нели?“ Во такви моменти морам да интервенирам.*** **(JP)**

89 Република Северна Македонија (2024). Закон за правда за децата, чл. 170 (1), 170 (2).
90 Исто, чл. 169 (1).
91 Исто, чл. 169 (2), 169 (3).
92 Исто, чл. 171.
93 Исто, чл. 173 (4), 173 (5).
94 Република Северна Македонија (2010). Закон за кривична постапка, чл. 232 (1), 232 (4).

Оваа потреба ја призна и еден обвинител, кој ја истакна ограничената достапност на можности за обука и посочи на отсуството на стандардизирани протоколи за сослушување деца жртви на криминал:

***[...] работата со деца е многу деликатна, многу чувствителна. И не станува збор само за задолжен персонал кој ќе работи со нив; туку и тие, исто така, треба да поминат низ конкретни обуки, работилници. Начинот на сослушување на децата жртви мора да биде специјално приспособен. За ова треба да постои соодветна рамка на прописи. [...] Ние, како стручни лица од правосудството кои сме во секојдневен контакт со вакви деца жртви, исто така, имаме потреба од обука. [...] Не е доволно обвинителот или судијата, сами по себе, да бидат сензибилизирани. И нам ни треба курс за ова.*** **(JP)**

Во случаи на сексуална злоупотреба на деца, судовите се должни да наложат видеоснимање на сведочењето на детето. Едно дополнително рочиште може да се одржи само во исклучителни случаи кога ќе се појават нови околности, под услов тоа да е во најдобар интерес на детето и да се спроведе со употреба на технички средства за комуникација.[95] И покрај овие заштитни мерки, еден интервјуиран адвокат го истакна фактот дека, во пракса, децата можеби ќе мора да им раскажат за злоупотребата повеќе пати на различни стручни лица пред да се одржи формалното снимено сослушување, што ефикасно ја поткопува заштитната цел на овие заштитни мерки:

***Според законот, утврдени се процеси и мерки за тоа кога детето ќе даде изјава, ние ја снимаме, а потоа се обидуваме сè да вклучиме во тоа едно рочиште, но додека да дојде тој момент, детето ја раскажува приказната многу пати. [...] и тоа ја преживува истата траума одново и одново.*** **(JP)**

Накратко кажано, овие искази сугерираат дека би можеле да се разгледаат понатамошни чекори за значително намалување на ризиците од повторна виктимизација што произлегуваат од форензичките сослушување, вклучително и воведување на експлицитен законски услов тие да ги спроведуваат стручни лица со специјализирана обука за пристапи засновани на траума и приспособени на децата. Таквиот пристап треба да биде поткрепен со развој на посебни, стандардизирани протоколи за сослушување во случаите со сексуално насилство, заедно со постојано инвестирање во градење капацитети за да се овозможи нивна доследна примена од страна на релевантните чинители. Воспоставувањето јасни процедури за да се овозможи видеоснимањето на сведочењето на детето да се одвива во најраната можна фаза – во согласност со неговите лични потреби, желби и околности – и ефикасно да се потпира на него во текот на целата постапка, е исто така од суштинско значење за ставање во функција на постојните законски заштитни мерки насочени кон спречување на зачестеното испрашување.

95 Република Северна Македонија (2024). Закон за правда за децата, чл. 170 (4).

## 5.4 ФОРЕНЗИЧКИ ИСПРАШУВАЊА

Во исто време, важно е да се напомене дека практиката на снимање или емитување во живо на форензичките сослушувања сè уште не е тестирана од перспектива заснована на траумата кај деца изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба што вклучува употреба на дигитални технологии кои може да имаат зголемена чувствителност кон снимање од страна на возрасен. Иако ова можеби не важи за сите деца, кај некои, присуството на камера може да предизвика чувство на ранливост, срам или страв од понатамошно изложување. Потребни се повеќе истражувања за да се увериме дека задолжителното видеоснимање е во согласност со принципите засновани на траума, урамнотежувајќи ја потребата од сигурни докази со психолошките потреби на децата, од случај во случај.

# 5.5 ПРИСТАП ДО ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК

Пристапот до паричен надоместок е суштински елемент на правото на правда за жртвите, обезбедувајќи и признавање и материјално обештетување за штетата што ја претрпеле. Според законодавството на Северна Македонија, жртвите на криминал можат да побараат паричен надоместок од сторителот со поднесување на имотно-правно барање за време на кривичната постапка.[96] Ова барање мора да се поднесе пред завршувањето на главната расправа во првостепениот суд и треба да ги содржи природата и износот на побарувањето, заедно со приложените докази.[97] Во случај на осудителна пресуда, кривичниот суд може целосно или делумно да го усвои барањето, а за преостанатиот износ да ја упати жртвата на граѓанска постапка.[98] Во случаи кога приложените докази се недоволни за да се донесе одлука, а прибирањето дополнителни докази неоправдано би ја одложило постапката, жртвата ќе биде упатена на граѓанска парница.[99] Ако судот го ослободи обвинетиот или ја прекине постапката, паричниот надоместок сè уште може да се бара пред граѓански суд.[100]

Од 2022 година, Северна Македонија има воспоставено државно финансиран механизам за обештетување на жртвите на насилни кривични дела, вклучително и сексуални престапи.[101] Според оваа рамка, жртвите можат да бараат паричен надоместок без оглед на тоа дали сторителот е идентификуван или дали е покрената кривична постапка,[102] под услов кривичното дело да е пријавено во полиција или обвинител.[103] Ниту еден од испитаниците не се осврна на овој механизам и затоа е нејасно дали се користи во случаи на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија. Во пракса, неговото влијание во такви случаи може да биде ограничено. Лицата кои се изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија веројатно би имале право само на паричен надомест што ги покрива трошоците за лекување и медицинските трошоци, ограничен на 2000 евра,[104] и солидарна помош до 500 евра,[105], што е релативно низок вкупен износ со оглед на сериозноста и честопати долгорочното влијание на овие кривични дела.

И покрај постоењето на овие законски канали, еден адвокат посочи дека пристапот до паричен надоместок во рамките на кривичните постапки останува недоследен во пракса. Тие опишаа случај на експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија, во кој судот не досуди никаков паричен надоместок и покрај стручната проценка и сведочењето на психијатарот што го потврди долгорочното влијание на кривичното дело врз детето. Адвокатот напомена дека ова не е изолиран исход:

> ***[...] Постојано ја гледам оваа недоследна пракса. Дури и кога има сведоштво од вешто лице и јасно барање за надомест на штета за време на кривична постапка, на жртвите им се одбива паричниот надоместок. И според нашето законодавство, и според меѓународните стандарди, [на детето] мора да му се досуди отштета. Но, судовите не го почитуваат тоа. Велат: „Само поднесете граѓанска тужба. Тужете [го обвинетиот] одделно.*** **(JP)**

Покренувањето побарувања за паричен надоместок пред граѓанските судови претставува дополнителен товар за децата, барајќи од нив да поведат нови постапки,

96 Република Северна Македонија (2010). Закон за кривична постапка, чл. 111 (1).
97 Исто, чл. 112 (2), 112 (3).
98 Исто, чл. 114 (2).
99 Исто, чл. 114 (2).
100 Исто, чл. 114 (3).
101 Република Северна Македонија (2022). Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство, чл. 9.
102 Исто, чл. 14.
103 Исто, чл. 13.
104 Исто, чл. 16.
105 Исто, чл. 20.

да мобилизираат дополнителни ресурси и повторно да бидат испрашувани за злоупотребата. Адвокатот го истакна потенцијално штетно влијание на ваквите процеси:

> ***Го изложувате [детето] на повеќегодишни судски спорови, принудувајќи го да преживее сè одново и постојано да го гледа [обвинетиот].*** **(JP)**

Перципираната сложеност и ризиците поврзани со граѓанските тужби го наведоа адвокатот да ги гледа наднационалните механизми, особено Европскиот суд за човекови права, како поодржлив начин за обезбедување паричен надоместок во овој случај.

Иако ова е само лично професионално мислење, оваа изјава сугерира дека домашните канали за обезбедување паричен надоместок, во некои случаи, може да се покажат како долги и неефикасни, што укажува на потребата од поедноставни процедури. Адвокатот посочи дека пресуда од меѓународен суд би можела да помогне во спроведувањето на таквата промена:

> ***Пресудата на [Европскиот суд за човекови права] би можела да поттикне програми за обука, акциони планови и обврски за известување до Одделот за извршување на пресуди, принудувајќи ја државата да покаже што прави за да биде усогласена.*** **(JP)**

*Покренувањето побарувања за паричен надоместок пред граѓанските судови претставува дополнителен товар за децата, барајќи од нив да поведат нови постапки, да мобилизираат дополнителни ресурси и повторно да бидат испрашувани за злоупотребата.*

# 6. НАПОРИ И МОЖНОСТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

# 6. НАПОРИ И МОЖНОСТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

Ефективната превенција бара јасно разбирање на факторите што лежат во основата на сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија и што овозможуваат таа да продолжи. Во ова поглавје се зборува за голем број превентивни напори во Северна Македонија, потпирајќи се на тековните политички и институционални иницијативи, како и на интервјуата со стручните лица и младите жени кои биле изложени на сексуална експлоатација или злоупотреба со помош на технологија кога биле деца, со цел да се разберат нивните перспективи. Сознанијата, исто така, истакнуваат одредени празнини, вклучително и потребата од координирани и одржливи интервенции со фокус на основните причини и факторите што ја олеснуваат сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија.

*Стручните лица повикаа на превенција што не е само збир од дискретни активности, туку континуирана институционална одговорност на повеќе сектори.*

# 6.1 ПОЛИТИКА И ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ИНИЦИЈАТИВИ

Стратегијата за компјутерска безбедност 2025 – 2028 година е клучна политичка рамка, бидејќи става силен акцент на заштитата на децата во дигиталната средина. Стратегијата ги истакнува плановите за вклучување на приватниот сектор во напорите за превенција преку воспоставување партнерства со технолошките компании и даватели на интернет-услуги за развој на алатки насочени кон заштита на децата од штетна содржина, електронско насилство и сексуална експлоатација. Други клучни мерки опфаќаат подобрување на законите за компјутерска безбедност со цел да се вклучат конкретни одредби за злоупотреба, вознемирување и експлоатација на деца со помош на технологија, создавање јасни механизми за пријавување на вакви кривични дела и промовирање на употребата на алатки за родителска контрола и побезбедно прелистување на интернет за помладите корисници.[106]

Дополнително, Стратегијата за компјутерска безбедност го задолжува Министерството за дигитална трансформација да отпочне, во соработка со надлежните министерства и засегнатите страни, развој на наменски План за заштита на децата и младите на интернет.[107] Ова претставува значаен чекор, покажувајќи јасно препознавање на потребата од координиран и проактивен пристап за заштитата на децата на интернет. Сепак, од мај 2026 година, нема јавно достапни информации што потврдуваат дека овој план е во тек. Во иднина, при развивање и спроведување на таков план, особено внимание треба да се посвети на систематско интегрирање на конкретни активности за спречување и реагирање на различните форми на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија, вклучувајќи проактивни мерки за справување со новите ризици како што се материјалите за сексуална злоупотреба на деца генерирани од вештачка интелигенција. За секоја активност треба јасно да бидат идентификувани водечките агенции или организации, да се дефинираат улогите и одговорностите, временските рокови и наменските буџетски средства за поддршка на ефективното спроведување и одговорност.

Друга важна цел на Стратегијата за компјутерска безбедност е создавањето на Национален центар за побезбеден интернет во рамките на проектот MKSafeNet. Центарот, кој ќе ги обедини експертите од јавниот и приватниот сектор, академската заедница и граѓанското општество, се очекува да одигра главна улога во напорите за превенција преку следење на онлајн заканите, зголемување на свеста за онлајн ризиците и механизмите за пријавување, како и зајакнување на националните капацитети за поддршка на децата, родителите и наставниците во обезбедувањето побезбедно дигитално искуство. Исто така, тој ќе биде наменет за обезбедување поддршка за жртвите на компјутерско насилство и други ранливи групи.[108]

Од мај 2026 година, проектот MKSafeNet активно соработуваше со Министерството за дигитална трансформација за основање на центарот, проширување на програмите за дигитална писменост, зајакнување на партнерствата со училиштата, приватниот сектор и креаторите на политиките и подигање на јавната свест за дигиталната безбедност преку настани како што е Денот на побезбеден интернет.[109] Покрај тоа, тој нуди голем избор на ресурси за безбедноста на децата на интернет преку својата веб-локација MKSafeNet, вклучувајќи упатства за алатки за родителска контрола и образовни материјали приспособени на децата, како што се боенки и едукативната видеоигра Find Miki.[110] Накратко кажано, овие случувања покажуваат зголемена посветеност кон поструктурирана и превентивно ориентирана рамка за онлајн заштита на децата во Северна Македонија. Во иднина, одржливите и ефикасни напори во однос на спроведувањето ќе бидат клучни за да се обезбеди овие напори да донесат значајни и трајни резултати.

106 Република Северна Македонија (2025). Стратегија за компјутерска безбедност 2025 – 2028 година, 30, 31.
107 Исто.
108 Исто.
109 Подобар интернет за децата (пристапено на 31 март 2026 г).
110 Видете Ресурси на MKSafeNet (пристапено на 31 март 2026 г.).

## 6.2 ПОТРЕБА ОД ПРЕВЕНЦИЈА ОД ПОВЕЌЕ СЕКТОРИ КОЈА Е ПРИСПОСОБЕНА НА ДЕЦАТА

Покрај постојните иницијативи споменати погоре, интервјуираните стручни лица се осврнаа на тоа како ги гледаат напорите и иницијативите за превенција во нивната секојдневна работа. Иако се осврнаа на низа превентивни активности во различни сектори, тие исто така го истакнаа недостигот од координација меѓу секторите околу превенцијата, зборувајќи за недостиг од координација во напорите за превенција меѓу секторите, вклучувајќи го образованието, социјалната заштита и органите за спроведувањето на законот.

Неколку стручни лица, исто така, опишаа дека иницијативите и програмите за превенција биле разединети, што укажува на тоа дека тие биле дел од краткорочни проекти финансирани однадвор, наместо да бидат дел од јасна, долгорочна национална стратегија околу превенцијата. Тие наведоа дека краткорочните иницијативи и недостигот од координација меѓу секторите придонесуваат за систем кој е реактивен по природа.

Во текот на интервјуата, стручните лица опширно зборуваа за напорите за превенција во училиштата, што е подетално објаснето подолу. Сепак, тие исто така ја изразија потребата од создавање долгорочни и одржливи програми за превенција, кои ќе бидат вметнати во институционалната пракса и поддржани од поширок јавен дискурс на национално ниво околу сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија и како таа да се спречи. На овој начин, стручните лица повикаа на превенција што не е само збир од дискретни активности, туку континуирана институционална одговорност на повеќе сектори.

# 6.3 НАПОРИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ВО УЧИЛИШТАТА

Во интервјуата, стручните лица се осврнаа на централната улога на училиштата во превенција на сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца (со помош на технологија). Спречувањето на насилството врз децата, вклучително и „компјутерското насилството", е вметнато во националните протоколи за основно и средно образование.[111] Овие рамки ги позиционираат училиштата како клучни чинители во превенцијата и подигањето на свеста, како и во раното идентификување и пријавување на насилство, со споделена одговорност меѓу наставниците, „стручните служби" и раководството на училиштето.

Еден училиштен психолог се повика на препораката од Министерството за образование училиштата да развијат и да спроведат свои програми во врска со менталното здравје и благосостојбата, кои би можеле да вклучат прашања поврзани со злоупотребата:

***Секое училиште требаше да создаде своја училишна програма. Тоа беше од министерот. Препорака е секое училиште да подготви своја програма и да спроведе работилници и активности.* (FW)**

Според интервјуираните стручни лица, напорите за превенција во училиштата се фокусираат главно на подигање на свеста, учење на децата да идентификуваат сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија и охрабрување на откривањето информации. Како што е споменато на друго место во овој извештај, стручните лица се осврнаа на децата кои имаат тешкотии да идентификуваат сексуална експлоатација и злоупотреба (со помош на технологија), особено во интеракциите со врсници. Еден работник со директен контакт од организација на граѓанското општество изјави дека:

***[...] младите луѓе, барем според моето искуство, покажуваат дека не го доживуваат [компјутерското насилството"] како такво и не се многу способни да го препознаат.* (FW)**

Еден училиштен психолог, дополнително, ги опиша превентивните активности во училиштата како спорадични и засновани на проекти:

***[...] спорадично е. Зависи од годината. Преку проекти [...] Оваа година, на пример имавме [...] сексуално образование. [...] Инаку, за компјутерското насилство, секоја година имаме сесии од ОБСЕ, бидејќи смее безбедно училиште. Дел сме од таа мрежа на безбедни училишта.* (FW)**

Таа понатаму нагласи дека иако политичките рамки ја поставуваат превенцијата како услов во училиштата, тие обезбедуваат ограничени насоки за тоа како да се спроведе.

Други стручни лица посочија дека образовните иницијативи во училиштата главно се спроведуваат откако ќе се случи инцидент, што ги прави реактивни, а не вметнати во училишните наставни програми.

111 *Прирачник за постапката за пријавување и заштита на ученици жртви на насилство, злоупотреба или запуштање (основни училишта)* (18-6570/1 од 2020 година). Достапно на: https://bit.ly/4rwiXtS; *Правилник за постапката за пријавување и заштита на ученици жртви на насилство, злоупотреба или запуштање (средни училишта)* (18-10074/2 од 2025 година). Достапно на: https://dspdp.com.mk/wp-content/uploads/2025/11/pravilnik-nacinot-za-prijavuvanje-zastita-na-u-enik-zrtva-na-koja-bilo-od-formite-na-nasilstvo-zloupotreba-zanemaruvanje.pdf.

### Иницијативи за подигање на свеста и едукација наменети за децата

Многу од активностите за превенција во училиштата, што ги споменаа стручните лица, се чини дека се фокусирани на подигање на свеста кај децата за тоа што претставува сексуалната експлоатација и злоупотреба (со помош на технологија). Иако интервенциите што им помагаат на децата да препознаат и пријават злоупотреба се важни, тие сами по себе не се доволни превентивни стратегии. Без истовремено справување со системските фактори и оспособување на возрасните да реагираат, овие иницијативи ненамерно можат да им ја префрлат одговорноста за спречување на злоупотребата на децата.

Еден пристап што може да се покаже како ефикасен е фокусирање на решавање на основните проблеми, како што се стигмата и срамот околу сексот и сексуалното насилство, како и штетните родови норми. Во интервјуата со неколку од младите жени кои биле експлоатирани и злоупотребени во детството, тие се осврнаа на потребата од поголема едукација за сексуалноста и врските. Една од младите жени ја посочи важноста на отворените дискусии и потребата од „*оваа тема да не биде толку срамна.*“ (YP) Друга ја истакна потребата од пристап што ја одразува неизвесноста и емоционалната сложеност на справувањето со односите и дигиталниот живот. Во нивните размислувања беше опфатена и важноста од обезбедување практична дигитална писменост, но нагласија дека индивидуалната претпазливост не може да ја замени одговорноста на возрасните и институциите.

Сеопфатното сексуално образование и образование за врски може да придонесе за градење на знаењето и свеста кај децата за нивните права, здравите врски, согласноста и може да им помогне на децата во поставување на границите. Сепак, и како што беше претходно напоменато, стручните лица се осврнаа на недостигот од сеопфатно образование за сексуалноста и врските. Ограничениот пристап до второто беше напоменат и во податоците од анкетата, кои покажуваат дека само 19 отсто од децата на 12 – 17-годишна возраст кои користат интернет во Северна Македонија добиле сексуално образование[112], било формално или неформално.

Стручните лица напоменаа дека има предизвици со иницијативите или програмите поврзани со сексот и сексуалноста. Тие напоменаа дека табуата и предрасудите честопати ги ограничуваат отворените дискусии околу овие теми, како што забележа еден училиштен психолог:

> ***Воопшто земено, разговорите за сексуалноста и за сексуалното вознемирување сè уште се донекаде табу теми овде. Прво треба да расчистиме со сопствените предрасуди, како возрасни лица воопшто, а особено меѓу наставниот кадар, пред да можеме тоа да им го пренесеме на децата.*** **(FW)**

Еден психотерапевт, исто така, објасни дека училишниот персонал може ненамерно да ги зајакне штетните социјални и родови норми:

> ***Посрамотувањето доаѓа и од наставниците. Значи, одеднаш ќе видите наставник којшто е изненаден од нечиј изглед. Почнуваат да воведуваат кодекси на облекување со кои, нели... мораш да се покриеш. Не смееш да... провоцираш [...] Девојчињата се оние кои повеќе, нели, на некој начин не треба да се покажуваат...*** **(FW)**

112 Овој термин се користи за да се отслика терминот што се користи во анкетата.

Иако сеопфатното сексуално образование и образованието за врски само по себе не може да спречи сексуална експлоатација и злоупотреба на деца, тоа може да им помогне на децата да се снајдат во врските, да го препознаат штетното однесување и да побараат помош кога е потребно. Тоа исто така, може да ги предизвика штетните општествени и родови норми што ги оправдуваат принудата и контролата. За да бидат ефикасни, на училишниот персонал му е потребна соодветна обука и ресурси, а овие напори мора да бидат дел од поширока, координирана стратегија за спречување на насилство врз децата.

Генерално, младите жени кои биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија зборувале помалку за превенцијата во однос на правилата, протоколите или кампањите за подигање на свеста, и наместо тоа, ја нагласија потребата ода емоционална безбедност, доверба и поддршка во врските. Од оваа перспектива, превенцијата беше сфатена како континуиран релациски процес во кој возрасните остануваат емоционално достапни, внимателни и љубопитни. Во однос на пораките за превенција, една од младите жени советуваше да не се користат кампањи за подигање на свеста предводени од возрасни и генерички пораки за безбедност. Таа опиша чувство на оддалечување од иницијативите за превенција кои се потпираат на предупредувања или апстрактни наративи за ризик, наведувајќи дека таквите пристапи често не успеваат да допрат до децата:

> ***Без разлика колку постери или инфографици се направени на Instagram и слични работи за компјутерско насилство или каков било „компјутерски“ проблем, па дури и нешта што се случуваат во живо, секогаш постои тој момент кога младите луѓе велат: „Добро, што знаат овие возрасниве“? (...) Ова нема да ми се случи мене. И зошто треба да ве слушам? Ќе го користам телефонот како што сакам, ќе користам интернет како што сакам.*** **(YP)**

Младите жени повикаа на превентивни напори што ја признаваат нивната независност, ги одразуваат секојдневните животи и искуства на децата и создаваат простор за отворени разговори со возрасните лица што пружаат поддршка; според нив, ваквите превентивни интервенции имаат поголема веројатност да бидат ефикасни.

# 7. ЗАКЛЮЧОК

# 7. ЗАКЛУЧОК

Десет проценти од децата на возраст од 12 до 17 години во Северна Македонија биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија, без значајни разлики во возраста или полот, само во период од една година. Во поголемиот дел од случаите (78 проценти) ова е извршено од некој што му е веќе познат на детето, што ја нагласува потребата од земање предвид на релациските динамики и контексти при дефинирање на стратегиите за откривање, превенција и одговор.

Иако националното законодавство вклучува неколку одредби со кои се криминализираат формите на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија – со неодамнешните измени што дополнително го зајакнуваат законодавството – сè уште постојат некои празнини, вклучително и недоследно применување на заштитата кај сите возрасни групи.

Иако мнозинството деца (88 проценти) откриле експлоатација или злоупотреба на која биле изложени во годината откако биле анкетирани, сознанијата покажуваат дека откривањето не треба да се сфати како едноставно или непосредно. Децата сè уште се соочуваат со значителни пречки за откривање информации, вклучувајќи срам, стигма и самообвинување, усложнети од молчењето околу сексот и сексуалноста, како и стравот од осуда и општествени последици. Квалитативните податоци потврдуваат дека децата мора да се чувствуваат слушнати, заштитени и ослободени од осудување за да откријат информации.

Податоците дополнително покажуваат дека децата многу ретко ја пријавувале злоупотребата или експлоатацијата на која биле изложени во полицијата, или барале формална поддршка преку социјални работници или телефонски линии за помош. Ова може да го одложи или спречи пристапот до професионална поддршка и услуги и правда.

Се покажа дека ефективното обезбедување услуги, меѓу кои и психосоцијална поддршка, е ограничено поради недостигот од ресурси, голем обем на работа, тешкотии во координацијата меѓу секторите и празнините во целосната поддршка. Иако сегашното законодавство предвидува широк спектар на заштитни мерки, има потреба од зајакнување на процесот на спроведување на правдата приспособен на децата во пракса.

Справувањето со сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија во Северна Македонија бара сеопфатен, меѓусекторски и системски заснован пристап со кој ќе се справиме со основните фактори што ја одржуваат сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија и овозможуваат таа да продолжи. Овој извештај завршува со препораки засновани на докази, подготвени во консултација со националните засегнати страни, за зајакнување на превенцијата, подобрување на одговорите приспособени на децата и обезбедување подобра поддршка на децата во Северна Македонија за да бараат и да добијат заштита, грижа и правда.

# 8. ПРЕПОРАКИ

За да се спречи штетата предизвикана од сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помошна технологија потребно е сеопфатно и одржливо дејствување од сите засегнати страни – семејства, заедници, владини претставници, агенции за спроведување на законот, стручни лица од правосудството и службите за социјална поддршка и националната и меѓународната технолошка и комуникациска индустрија.

Иако децата се дел од решението, штетата предизвикана од овие форми на сексуално насилство ги обврзува возрасните да дејствуваат за да ги заштитат; мора да внимаваме да не ја префрлиме одговорноста врз децата самите да се штитат од опасностите без наша поддршка. Следниве детални препораки за дејствување во Северна Македонија се групирани во шест клучни увиди од податоците во „Disrupting Harm" и се означени за различни групи засегнати страни. Сепак, сите овие препорачани активности се меѓусебно поврзани и се најефикасни ако се спроведуваат координирано.

# УВИД 1

**Десет проценти од децата на возраст од 12 до 17 години што користат интернет во Северна Македонија биле изложени на барем една форма на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија измерена со анкетата, во годината пред да бидат анкетирани, со слични стапки кај сите возрасти и за момчињата и за девојчињата. Сознанијата покажуваат дека децата се соочуваат со повеќе форми на злоупотреба преку интернет кои честопати се преклопуваат, вклучувајќи изложеност на сексуална содржина, непосакувани сексуални барања, намамување и сексуално изнудување. Иако некои форми на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија се криминализирани во Северна Македонија, сè уште постојат законски празнини, а заштитата не се применува доследно кај сите возрасни групи.**

**Релевантно за: Министерството за правда и Собранието на Република Северна Македонија.**

1. Да се измени законодавството за да се овозможи ефикасно гонење на сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија. Ова може да придонесе и за превенција преку зајакнување на одвраќањето и сигнализирање дека сите форми на експлоатација и злоупотреба се сериозни кривични дела. Бидејќи Кривичниот законик се ревидира почнувајќи од мај 2026 година, релевантните измени што треба да се земат предвид опфаќаат:

    a) Измена на Кривичниот законик за да овозможи сите кривични дела поврзани со сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија да се однесуваат доследно на сите деца помлади од 18 години, без да се прави

разлика. Ова значи да се отстранат разликите засновани на возраст, како што е моменталната разлика меѓу децата под 14 години и децата на возраст од 14 до 18 години, во одредбите што се однесуваат на изложеност на порнографска содржина (Член 193 (1)) и онлајн намамување (Член 193 (б)). Ова би било во согласност со податоците од анкетата „Disrupting Harm“ што покажуваат дека децата на возраст од 12 до 17 години се изложени на овие форми на злоупотреба со слична стапка, без оглед на нивната возраст. Оваа измена ќе овозможи децата да имаат еднаква заштита усогласена со меѓународните стандарди, при што казните ќе ја одразуваат нанесената штета, а не возраста на детето.

b) Измена на дефиницијата за материјал за сексуална злоупотреба на деца во Кривичниот законик (Член 122 (24)) за експлицитно да се опфати невизуелната содржина. Во ревидираната дефиниција треба јасно да се наведе дека материјалот што прикажува непостоечки деца, вклучувајќи и дигитално создадена содржина, исто така спаѓа во материјал за сексуална злоупотреба на деца.

c) Воведување одредби коишто ќе го криминализираат намерниот пристап или гледањето материјал за сексуална злоупотреба на деца, дури и кога не постои преземање или поседување, за да се затворат постојните дупки во законот и да се намали побарувачката.

d) Измена на релевантните одредби од Кривичниот законик за да се замени терминот *„детска порнографија“* со терминот „материјал за сексуална злоупотреба на деца“, за да се користи јазик којшто точно ја отсликува злоупотребувачката природа на таквиот материјал во согласност со Терминолошките упатства за заштита на децата од сексуална експлоатација и злоупотреба.[113]

e) Измена на одредбата за онлајн намамување (Член 193 (б)) за да се опфати злоупотребата што се случува целосно онлајн, со отстранување на барањето за физичка средба и проширување на заштитата врз децата што се постари од 14 години.

f) Измена на законот за експлицитно да се криминализира преносот на сексуална злоупотреба на деца во живо, или преку самостојна одредба или преку директно наведување дека постојните одредби за материјал за сексуална злоупотреба на деца и/или вклучување на децата во *„порнографски настапи“* (Член 193) важат и кога злоупотребата е пренесувана во живо и материјалите не се преземени или складирани. Уверете се дека кривичното дело го опфаќа и користењето на децата за такви цели и пристапот до злоупотреба пренесувана во живо.

g) Измена на кривичното законодавство во согласност со препораката од Комитетот Ланзароте од 2023 година, со што ќе се овозможи децата да не се гонат за создавање, поседување или доброволно споделување самостојно создадена сексуална содржина со своите врсници кога има информирана согласност и нема доказ за принудување, експлоатација или зла намера. Правната рамка треба јасно да ја разграничи заемната врсничка активност од експлоатирачкото или злоупотребувачкото однесување.

113 Меѓуагенциска работна група за сексуална експлоатација на децата, *Терминолошки упатства за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба: второ издание*, ECPAT, Бангкок, 2025 г.

## УВИД 2

**Постои еднаква веројатност девојчињата и момчињата да бидат изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија според податоците од анкетата. Меѓутоа, одредени фактори, како што се строгите родови норми, срамот и стигмата, како и нормализирањето на одредени злоупотребувачки однесувања – особено меѓу врсниците – можат да ги овозможат експлоатацијата и злоупотребата и да влијаат врз тоа како реагираат децата и другите околу нив. Недостигот од отворени дискусии за сексот, сексуалноста, здравите врски, телесната автономија и согласноста, исто така, може да придонесе децата да бидат помалку подготвени да се снајдат во врските, да препознаат злоупотреба, да проговорат и да побараат помош.**

**Релевантно за: Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за здравство.**

1. Развој, зајакнување и интегрирање на образование засновано на докази коешто е соодветно за возраста во врска со односите, границите и согласноста (вклучително и во дигиталната околина) во националната училишна програма. Содржината треба:
   a) Да ги опфати темите како што се согласност, телесна автономија, здрави граници, секс и сексуалност и сексуално насилство и во интимните и во пријателските врснички односи.
   b) Да ги објасни правата што децата ги уживаат во согласност со меѓународните и националните закони, вклучувајќи заштита од насилство и дека различните форми на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија се повреда на детските права.
   c) Да ги нагласи и оспори штетните родови стереотипи и ставови дека жртвата е виновна.
   d) Да ја подигне свеста дека постои поголема веројатност сексуалната експлоатација и злоупотреба да биде извршена од луѓе што детето ги знае, вклучувајќи и други деца.
   e) Да биде развиена во консултација со децата.

2. За да се овозможи ефективно спроведување на оваа наставна програма:
   a) Треба да се развие акредитирана обука за училишниот персонал во однос на тоа како да ја спроведе оваа содржина на чувствителен начин и како да постапи со откривањата.
   b) Треба да се развие план и начин на спроведување на наставната програма во соработка со децата за да се одрази нивната реалност.
   c) Треба да се развијат стратегии за да се допре до децата со посебни потреби и децата што се надвор од образовниот систем, имајќи ги предвид веќе достапните иницијативи.

3. Развој и спроведување на едукативни програми за родителите и старателите:
   a) Што ќе ја зајакнат способноста на родителите и старателите во однос на тоа како да пристапат и да разговараат за чувствителни теми како сексуалноста, односите, согласноста и експлоатацијата и злоупотребата (онлајн и во живо) на начини што ќе бидат позитивни и соодветни за возраста.
   b) Со коишто ќе се преиспита знаењето и однесувањето што води до, или потекнува од, срамот и стигмата поврзани со сексуалната експлоатација и злоупотреба и обвинувањето на жртвата, преформулирање на сите форми на сексуална експлоатација и злоупотреба како повреда на правата.
   c) Што ќе им го зајакнат разбирањето на родителите и старателите за дигиталните технологии, дигиталната реалност на нивните деца и можните опасности.

d) Што ќе промовираат отворена комуникација и доверба меѓу децата и старателите, вклучително и за употребата на дигитални уреди од страна на нивните деца.

e) Што ќе ги информираат родителите за достапните канали за барање помош и пријавување, како и што да очекуваат од нив.

**4.** Поддржување на горенаведените препораки со зголемување на свесноста за сексуалното насилство (со помош на технологија) и неговите различни манифестации и како тоа е криминализирано. Соработка со чинителите од различни нивоа, од државни до локални движења за да се увериме дека ова е поддржано од национално до локално ниво. Тука можат да се опфатат училиштата, младинските клубови, организациите на граѓанското општество, верските организации, локалните центри, како и стручните мрежи во сродните области, како што е спречувањето на насилството врз жените и девојките. Наместо да се распределуваат ресурси за нови иницијативи, да се размисли за интегрирање на овие кампањи во постојните иницијативи за заштита на децата, дигитална безбедност и училишни активности, вклучувајќи: родителски состаноци во училиштата, воннаставни активности и активности за подигање на свеста, постојните училишни стручни служби, постојните механизми за заштита на децата и упатување преку Центрите за социјална работа и дигитална писменост и образованието поврзано со ИКТ.

**5.** Спроведување одржливи програми и кампањи за подигнување на јавната свест:

a) Да се развијат и спроведат долгорочни програми и кампањи за подигнување на јавната свест што ќе ги оспорат општествените норми коишто ја олеснуваат и продолжуваат сексуалната експлоатација и злоупотреба, фокусирајќи се на намалување на стигмата и срамот и преформулирање на експлоатацијата и злоупотребата како повреда на правата.

b) Да се вклучат децата во развојот на програмите и кампањите.

c) Да се вложи во истражување, кое е засновано на траумата и приспособено на децата, за тоа како сексуалната експлоатација и злоупотреба со помош на технологија влијае врз децата од различен пол за да се овозможи достапност и интеграција на податоците во развојот на програмите и давањето на услугите.

d) Да се мобилизираат организациите што имаат влијание на национално, регионално и општинско ниво за заеднички развој, приспособување, распространување и поддршка на овие кампањи и програми. Тука можат да се опфатат медиумските институции, организациите на граѓанското општество, младинските организации и лидерите, меѓу другите.

# УВИД 3

**Онлајн платформите, особено социјалните медиуми и платформите за игри, се користат за да се олесни сексуалното насилство врз децата. Сепак, моменталната законска рамка во Северна Македонија им наметнува ограничени обврски на онлајн платформите за да ги заштитат децата. Зајакнувањето на националните, правните и регулаторните рамки е можност за поголемо вклучување на давателите на услуги како клучни партнери во процесот на превенција и реакција.**

**Релевантно за: Министерството за дигитална трансформација, Собранието на Република Северна Македонија и Министерството за правда.**

1. Да се воспостават формални механизми за постојан дијалог, соработка и координација меѓу владата, регулаторните органи и органите за спроведување на законот и главните платформи и даватели на услуги коишто работат во Северна Македонија. Овие механизми треба да претставуваат нешто повеќе од процес за споделување информации засновани на случаи за да се поддржат заедничките напори за превенција и да се овозможи координирана реакција во однос на новите онлајн ризици коишто ги засегаат децата.

2. Законски да им се наложи на платформите што се даватели на услуги во Северна Македонија да ѝ дадат приоритет на вградената безбедност, со што ќе се создадат пречки за сторителите и ќе се овозможи подобра заштита за децата. Ако има такви функции, тие треба да се развијат во консултација со децата и да се проценат. Тие може да опфаќаат:
   a) Стандардни поставки за приватност за сите деца корисници, ограничувајќи ја јавната видливост и непосакуваниот контакт.
   b) Ограничувања за непосакувана размена на пораки меѓу непознати сметки и деца.
   c) Поголема контрола врз системите за препорачување содржина за да се намали изложувањето на сексуализиран и ескплоатативен материјал.
   d) Јасни и пристапни функции за пријавување со објаснување за времето на обработка и што треба децата да очекуваат откако ќе пријават.

1. Во самата законска рамка да се бара проактивно откривање и брзо отстранување на материјалот за сексуална злоупотреба на деца. Тековните празнини во раното откривање и блокирање, вклучувајќи го отсуството од Законот за електронска трговија на какви било обврски за давателите на интернет услуги и платформите на интернет да ги следат и истражуваат потенцијално незаконските активности, ја нагласуваат потребата од појасни и поефикасни должности за грижа.

Северна Македонија треба да ги зајакне законските барања за давателите на услуги за:

a) Да се открива, означува и брзо да се отстранува материјалот за сексуална злоупотреба на деца во согласност со меѓународните стандарди.
b) Да се овозможи навременост и транспарентност на постапките за отстранување, препознавајќи ја сериозноста и долготрајноста на штетата предизвикана од континуирано кружење на злоупотребувачкиот материјал.
c) Да се воведат пропорционални обврски за идентификување, откривање и справување со материјалот за сексуална злоупотреба на деца и поврзаното однесување на нивните услуги, вклучително и во ситуации кога давателите на услуги во други случаи би немале одговорност за следење, обезбедувајќи заштитни мерки за приватноста и основните права.
d) Да се спречи повторно поставување на познатата штетна содржина преку употреба на соодветни технологии, како што е спарување хешови, за да се ограничи повторното распространување на претходно идентификуваниот материјал.

e) Да се појасни рамката за одговорност на посредниците преку условување на ослободувањето од одговорност со почитување на дефинираните обврски за должно внимание, вклучително проактивно откривање, отстранување и соработка со властите.

2. Зајакнување на спроведувањето на горенаведените препораки преку воведување мерки за надзор и отчетност. Ова вклучува изготвување редовни извештаи за транспарентност за Северна Македонија со податоци за откриените прекршоци пријавени до локалните власти, формирање посебно независно тело за надзор и обезбедување доследно и ефикасно изрекување казни и други мерки за одговорност при непочитување на правилата.

# УВИД 4

**Според анкетата, во повеќето случаи (88 проценти) децата изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија кажале некому за тоа. Мајките, другарчињата и браќата и сестрите најчесто се јавуваат како лица од доверба на децата. Сепак, сѐ уште постојат значајни пречки, како што се срам, страв од осуда и нормализирање на одредени видови насилно однесување кои мора да се надминат за да се овозможи рано откривање и ограничување на штетата.**

**Релевантно за: Министерството за социјална политика, демографија и млади и Центрите за социјална работа, Министерството за образование и наука и организациите на граѓанското општество.**

1. Зголемување на достапноста на возрасните лица од доверба кај коишто децата ќе може да побараат совет и помош дома, во училиште и во пошироката заедница преку:

   a) Зајакнување на способноста на наставниците, училишните психолози и другите возрасни лица коишто често работат со деца за да дејствуваат како безбедни и доверливи точки за откривање и барање помош.

   b) Интегрирање јасни протоколи за упатување со цел возрасните лица од доверба да знаат како да ги поврзат децата со службите за психосоцијална поддршка, заштита и органите за спроведување на законот соодветно, овозможувајќи им да имаат рамка за тоа како да ги проценат најдобрите интереси на детето и каква помош би била најсоодветна за нивната ситуација.

2. Зголемување на бројот на предвидливи начини за барање помош и пријавување приспособени на децата и семејствата. Предуслов за оваа препорака е да се има посебни линии за помош коишто се добро опремени, бесплатни и пристапни за децата

и семејствата, како и тоа персоналот да биде обучен за родово трансформативни пристапи коишто се приспособени на децата и засновани на траумата. Спроведувањето на оваа препорака би можело да се изведе преку:

a) Зголемување на видливоста на постојните линии за помош, механизмите за пријавување и службите за поддршка преку училиштата, младинските и општествените простори, медиумите и на интернет.
b) Развој на повеќе различни влезни точки за барање помош и пријавување преку интернет и во живо, вклучително и преку училиштата и општествените служби насочени кон младите. Важно е сите канали за пријавување да се спојуваат во еден координиран систем за да се избегне фрагментирање, да се зајакне процесот на следење и да се овозможи навремен и координиран институционален одговор.
c) Овозможување доверливост на начините за пријавување (и доколку има ограничувања, тие да бидат разбирливо објаснети за децата) и тие да бидат создадени во согласност со потребите и реалноста на децата.
d) Обезбедување канали за анонимно пријавување од страна на децата, водени од стручњаци кои можат да работат со детето за да проценат зошто тоа сака да остане анонимно и ако можат да му помогнат – на начин кој е приспособен на детето и заснован на траумата – да побара дополнителна помош од стручни лица или од доверливи лица од неговото опкружување.

3. Консолидирање на постојните секторски процедури во еден јасен национален протокол за пријавување и постапување, дополнет со упатства, приспособени на децата, кои го објаснуваат процесот на пријавување и достапните услуги за поддршка. Постојните кампањи за подигање на свеста и иницијативите за дигитална безбедност, исто така, би можеле да се искористат за да се промовираат каналите за пријавување и да се намали стигмата.

4. Спроведување понатамошно истражување насочено кон искуствата на старателите и семејствата за подобро да се разбере што е тоа што го олеснува пријавувањето, предизвиците со коишто се соочуваат при постапување со откриените информации и донесувањето одлуки во однос на тоа каде да се побара помош и да се пријави.

5. Развој на мерки за поддршка на децата кои можеби добиваат информации за сексуална експлоатација и злоупотреба од нивните врсници. Потребни се повеќе истражувања со оваа популација за да се разбере повеќе за нивните искуства и како би можеле подобро да им помогнеме. Можните начини на поддршка би можеле да вклучуваат:

a) Зајакнување на капацитетите кај децата и младите за разбирање на процесот на откривање информации и како да постапат со нив на начин што е чувствителен и безбеден за сите деца што се вклучени. Ова подразбира разбирање на ограничената поддршка што можат да ја обезбедат и препознавање на ситуациите кога треба да побараат помош од доверливи возрасни лица во заедницата и/или во службите за поддршка.
b) Оспособување на наставниците, училишните советници и другиот персонал, којшто е во контакт со деца, да можат да им дадат поддршка на оние деца кои добиле информации од своите врсници, препознавајќи го емоционалното влијание на ова.
c) Овозможување децата да бидат информирани за формалните служби за поддршка и да имаат доверба во нив, вклучително преку програми и настани за теренска работа.

**Релевантно за: Министерството за образование и наука.**

6. Поддржување на училиштата во спроведување протоколи насочени кон децата во однос на идентификување на експлоатацијата и злоупотребата (со помош на технологија), како да го поддржат

откривањето и како да ги поддржат децата откако ќе откријат, проценувајќи ги најдобрите интереси на детето и барањата и начините за пријавување.

7. Обучување на сите членови на персоналот како да реагираат на сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија на позитивен и соодветен начин и каде да ги упатат случаите во училиштето. Дел од овој одговор треба да опфати и како да им се даде поддршка на децата кои добиле информации за експлоатација и злоупотреба од нивните другарчиња и да се процени дали им е потребна понатамошна поддршка или упатување до службите.

8. Училишните советници и психолози треба да одат на дополнителни обуки за да разберат како да дадат првична поддршка и каде да ги упатат децата, задолжителните барања за пријавување и како да ги проценат најдобрите интереси на детето.

**Релевантно за: Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда и Министерство за дигитална трансформација.**

9. Ревидирање на процедурите за да се овозможи формалните пријави од децата до полицијата да можат да се процесираат низ системот дури и без учество на родителите. Децата што самостојно пријавуваат во органите за спроведување на законот треба веднаш да се упатат кај обучени социјални работници или психолози за да им се проценат потребите, најдобрите интереси и да им се даде поддршка да се доверат кај возрасно лице од доверба ако одговара во конкретната ситуација.

10. Преглед и измена на законските одредби за застарување што се предвидени со Кривичниот законик во моментов за укинување или проширување за сексуалните престапи против деца. Со ова ќе се овозможи задоцнетото откривање и пријавување да не бидат пречка за кривично гонење, имајќи го предвид фактот дека децата изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба со помош на технологија често пријавуваат долго по злоупотребата, вклучително и кога ќе станат возрасни.

**Релевантно за: Министерството за социјална политика, демографија и млади и Центрите за социјална работа, Министерството за образование и наука, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за дигитална трансформација и организациите на граѓанското општество.**

11. Инвестирање во зајакнување на довербата во институциите преку:
   a) Инвестирање во ресурси и континуирано градење на капацитетите и обучување на стручните лица што работат со деца. Ова може да овозможи децата и семејствата коишто бараат услуги или пријавуваат да бидат пречекани од персонал којшто е специјално обучен за правата и развојот на децата, сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца (со помош на технологија), за пристапи засновани на траумата и родово трансформативни практики.
   b) Развој на информативни кампањи и програми со вклучување на службите за заштита на децата, психосоцијалните служби, органите за спроведување на законот и правниот систем за да се обезбедат информации за работата и услугите на овие институции и нивните процеси со цел да се зголеми разбирањето кај децата, семејствата и пошироката јавност и да се изгради доверба.

# УВИД 5

**Законодавството во Северна Македонија бара од државата да обезбеди поддршка за закрепнување и повторна интеграција на децата кои биле изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба (со помош на технологија). Сепак, стручните лица изјавија дека испораката на услуги е попречена од ограничените ресурси, големиот обем на работа, предизвиците во координацијата и празнините во службите за поддршка.**

**Релевантно за: Министерството за здравство, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за образование и наука и Министерството за внатрешни работи.**

1. Обновување и зајакнување на меѓусекторските протоколи за справување со случаи на сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија (низ Центрите за социјална работа, училиштата, здравствените служби и полицијата).

2. Воспоставување обука пред и во текот на службата за спроведување на овие протоколи, вклучително и обука во повеќе сектори фокусирана на градење практични вештини и соработка меѓу институциите. Понудата на обуки треба да биде регулирана за да може да се овозможи само лекари и стручњаци да можат да нудат ваков вид обуки.

3. Зајакнување на меѓусекторската соработка преку:
   a) Воспоставување јасни и формализирани стандардни работни процедури и канали за комуникација и упатување меѓу институциите како што се Центрите за социјална работа, здравствените служби, училиштата и специјализираните даватели на услуги. Ова подразбира назначување задолжени лица за контакт во секоја институција, кои се јасно наведени. Ова може да биде дел од протоколите и стандардните работни процедури (спомнати под Препорака 1), но може да вклучува и воспоставување меѓусекторски тимови за сексуална експлоатација и злоупотреба на деца.
   b) Ревидирање на системите за управување со случаи и меѓусекторското споделување информации за да се овозможи споделување на знаењето меѓу институциите по потреба и тие да располагаат со деталите потребни за ефикасно справување со случаите и обезбедување на потребната поддршка.

4. Развивање на посилни капацитети на локално ниво преку обезбедување соодветни финансиски и кадровски ресурси за Центрите за социјална работа, како и за децентрализирани служби за поддршка.

**Релевантно за: Министерството за образование и наука.**

5. Интегрирање на сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија во постојната обука и обуките за зајакнување на способноста на училишниот персонал, во училишните протоколи за идентификување и справување со насилство и злоупотреба и во упатствата за практична примена на овие протоколи – како на пр. како да се идентификува злоупотреба, ограничување на протоколите, кои чекори може да се преземат, кога да се изврши упатување итн.

**Релевантно за: Министерството за здравство.**

6. Инвестирање во психосоцијална поддршка специјализирана за деца и да се овозможи нејзина достапност за децата од сите делови на земјата, вклучително и преку обезбедување бесплатен превоз ако има потреба. Проширување на постојните услуги, така што специјализираните услуги ќе бидат достапни бесплатно. Ова може да опфати договори со приватни практичари.

# УВИД 6

**И покрај релативно заштитната законска рамка, постојат структурни и системски предизвици кои можат да го поткопаат пристапот до правда приспособена на децата во Северна Македонија. Некои од предизвиците кои беа споделени од стручните лица од правосудството вклучуваа справување со широк спектар на случаи, што ја ограничува нивната способност за стекнување специјализација, недоволниот број на вработени лица и ограничувањата на ресурсите.**

**Релевантно за: Министерство за правда, Собранието на Република Северна Македонија , Академијата за судии и јавни обвинители, Судското и јавното обвинителство, Судскиот буџет, Министерство за финансии, Државниот совет за превенција и правда за деца, Центрите за социјална работа и институции за социјална заштита, здравство и други.**

1. Распределба на соодветни и одржливи јавни ресурси за да се зајакне човечкиот и техничкиот капацитет на правниот систем, вклучително и преку зголемување на бројот на судии, обвинители и помошен персонал за да се намали притисокот од бројот на предмети, да се спречи доцнењето и да се обезбеди навремено и ефикасно решавање на случаите.

2. Усвојување сеопфатни мерки за решавање на недостигот од специјализација меѓу стручните лица од правосудството во случаите што опфаќаат деца жртви на криминал, вклучително и сексуална експлоатација и злоупотреба (со помош на технологија). Ова треба да опфати интегрирање на специјализирана, меѓусекторска обука, приспособена на децата и заснована на траумата, во наставните програми на Академијата за судии и јавни обвинители, Центарот за обука на полицајци, Адвокатската комора и други релевантни институции. Оваа обука треба да биде задолжителна за судиите, обвинителите, полициските службеници и другите стручни лица од правосудството вклучени во постапките што се однесуваат на деца, и да се извршува и пред и во текот на службата. Треба да се воспостави и структурирана рамка за да се овозможи прогресивен развој на специјализираната експертиза во таквите случаи преку насочена обука, надгледувана пракса и постојан професионален развој за да се помогне за ефективно спроведување на барањето за 10-годишно искуство за стручните лица од правосудството.

3. Усвојување посебни законски одредби со коишто ќе се бара форензичките сослушувања на децата изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба (со помош на технологија) да ги водат исклучиво специјално обучени стручни лица, вклучувајќи форензички стручњаци и форензички психијатри. Ова треба да биде поткрепено со развој на стандардизирани протоколи за сослушување во случаите со сексуално насилство врз децата, заедно со постојано инвестирање во обуки и градење капацитети за да се овозможи нивна доследна примена.

4. Да се разгледа можноста за воведување на пилот-проектот „Барнахус“ за да се обезбеди координирана реакција приспособена на децата и заснована на траумата во однос на децата изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба, вклучително и случаите извршени со помош на технологија. Таквиот модел би ги обединил сите релевантни субјекти и служби – органите за спроведување на законот, обвинителство, службите за заштита на децата, службите за здравствена и психосоцијална поддршка – под еден покрив за да се намали секундарната виктимизација, да се подобри меѓуагенциската координација и да се овозможи децата да бидат сослушувани во безбедна средина од страна на специјално обучени стручни лица со спроведување на форензички сослушувања во согласност со доказните стандарди и најдобрите интереси, потреби и лични желби на детето.

5. Измена на Законот за правда за децата со цел да се зајакне постојното барање за итно постапување во случаите со деца жртви на кривично дело, преку воведување задолжителни и јасно дефинирани временски рокови за истрагата, судењето и жалбената постапка. Со оваа реформа треба да се воведат и механизми за спроведување и одговорност за следење на почитувањето на овие рокови, вклучително и систематски надзор и автоматско упатување до повисоки судови или надзорни тела за ревизија и поправни мерки во случај на доцнење.

6. Измена на Законот за кривична постапка за да се гарантира безусловен и систематски пристап до бесплатно правно застапување за сите деца изложени на сексуални престапи, вклучително и сексуална експлоатација и злоупотреба (со помош на технологија), без разлика на нивната финансиска состојба, од моментот на поднесување на жалбата, во текот на целата истрага и сите понатамошни фази од кривичната постапка. Покрај тоа, треба да се развијат соодветни постапки и механизми со кои ќе се овозможи брзо назначување на специјално обучените адвокати во таквите случаи коишто ќе бидат соодветно платени.

7. Усвојување на насочени мерки за да се овозможи доследно доделување паричен надоместок за децата изложени на сексуална експлоатација и злоупотреба (со помош на технологија) во рамките на кривичната постапка, вклучително и преку иницијативи за подигнување на свеста и зајакнување на обуките за судиите за проценување на штетите и важноста од навремено финансиско обесштетување во таквите случаи.

# 9. ПРИЗНАНИЈА


Извештајот за „Disrupting Harm“ во Северна Македонија е напишан од Јорун Арнд, Мариум Саид, Тијаго Афонсо, Андреа Варела, Камила Перера Аладро и Моника Шагер.

ECPAT, INTERPOL и UNICEF Office of Strategy and Evidence – Innocenti ја цента единствената можност да работат заедно за собирање докази за сексуална експлоатација и злоупотреба на деца со помош на технологија. Овој извештај е резултат на заеднички тригодишен труд за собирање и составување на овие докази.

Истражувањето немаше да биде успешно без ангажманот на многу поединци и партнери. Упатуваме срдечна благодарност и длабоко признание до нашите колеги во Северна Македонија, вклучувајќи ги УНИЦЕФ Северна Македонија, Првата детска амбасада во светот – Меѓаши и Националното централно биро на ИНТЕРПОЛ во Скопје. Покрај тоа, им се заблагодаруваме на сите претставници на институциите и организациите кои учествуваа во националното советување.

**Авторите би сакале да им се заблагодарат на нашите истражувачки партнери за нивната експертиза и соработка:**

- **Првата детска амбасада во светот – Меѓаши:** Ревизија на националното законодавство и политиките.
- **Катерина Мојанчевска:** Регрутирање и интервјуа со стручни лица од правосудството и со работници со директен контакт, кодирање, анализа и изготвување квалитативен податочен извештај.
- **Иво Куновски:** Регрутирање и интервјуа со млади лица коишто биле изложени на сексуална експлоатација или злоупотреба со помош на технологија кога биле помлади од 18 години.
- **Меѓународно социјално истражување на Ипсос и Ипсос Северна Македонија:** Спроведување на анкетата во домаќинствата, интервјуа со работниците со директен контакт и со стручните лица од правосудството за почетниот пилот-проект.
- **Сојузот на извидници на Македонија:** Регрутирање млади лица да учествуваат во интервјуа.

**Авторите би сакале да им се заблагодарат на следниве колеги за нивните ценети коментари и предлози:** Александра Ивановска, Иво Куновски, Катерина Мојанчевска и Олимпија Марковска.

**Авторите, исто така, сакаат да им се заблагодарат на колегите кои го разгледаа извештајот и придонесоа со својата експертиза:** Александра Ивановска, Анџела Бручи, Боре Пуцоски, Даниел Кардефелд Винтер, Гијом Ландри, Катерина Мојанчевска, Миријам Лонго, Олимпија Марковска и Серена Томазино.

На крај, сознанијата и увидите презентирани во овој извештај не би биле можни без учесниците во истражувањето да одвојат време да разговараат со истражителите. Упатуваме најискрена благодарност до сите деца, млади луѓе, родители и старатели, работници со директен контакт, стручни лица од правосудството, органите за спроведување

на законот и други стручни лица коишто
учествуваа во оваа студија.

# 10. ДОДАТОК: ДЕФИНИЦИЈА НА КЛУЧНИТЕ ТЕРМИНИ

**Сексуална злоупотреба на деца:** Тешко е да се опфати или дефинитивно да се класифицира што точно претставува еден чин на злоупотреба. Терминот „злоупотреба“ честопати се однесува на третирање на друго лице на суров или насилен начин. Терминот честопати се однесува и на чинот (на пр. насилно, без согласност), како и на ефектот од чинот, на пр. предизвикување телесни повреди, болка (физичка или емоционална), страдање итн.

Сексуалната злоупотреба на деца, поконкретно, се однесува на разни сексуални активности извршени врз деца (лица под 18 години), без оглед на тоа дали децата се свесни дека она што им се случува не е ниту нормално, ниту прифатливо. Може да ја извршат возрасни лица или врсници, и обично вклучува поединец или група кои ја искористуваат неурамнотеженоста на моќта. Може да се изврши без експлицитна сила, при што сторителите често користат авторитет, моќ, манипулација или измама.[114]

**Сексуална експлоатација на деца:** Ги опфаќа истите насилни дејствија спомнати погоре. Сепак, мора да биде присутен и дополнителен елемент на закана или замена за нешто (на пр. пари, засолниште, материјални добра или нематеријални компоненти како што се заштита, врска, па дури и само ветување за такво нешто) од трета страна и/или од сторителот.[115]

**Материјал за сексуална злоупотреба на деца**, вклучително и материјал за сексуална злоупотреба на деца генериран преку вештачка интелигенција: Фотографии, видеа, аудиозаписи или други снимки или какво било друго претставување на вистинска или дигитално генерирана (вклучително и генерирана преку/од вештачка интелигенција) сексуална злоупотреба на деца или сексуални делови од дете за првенствено сексуални цели.[116]

**Пренос во живо на сексуална злоупотреба на деца:** Сексуална злоупотреба на деца што се извршува и се гледа истовремено во реално време преку алатки за комуникација, алатки за видеоконференциски повици и/или апликации за разговор. Во повеќето случаи, сторителот кој бара злоупотреба во замена за пари или друга материјална корист, физички

114 Меѓуагенциска работна група за сексуална експлоатација на децата, *Терминолошки упатства за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба: второ издание*, ECPAT, Бангкок, 2025 г., стр. 31 – 34.
115 Исто, стр. 39 – 44.
116 Исто, стр. 63.

се наоѓа на друга локација од детето/децата и помагачите на злоупотребата.[117]

**Онлајн намамување на деца за сексуални цели/заведување деца за сексуални цели:** Градење врска со дете преку технолошки средства со намера за сексуално злоупотребување или експлоатација на детето.[118]

**Сексуално изнудување врз деца:** Уценување на лице со помош на самостојно создадени слики од тоа лице со цел да се изнудат сексуални услуги, пари или други придобивки, под закана за споделување на материјалот без согласност на прикажаното лице (на пр. објавување слики на социјалните мрежи). Честопати, влијанието и манипулацијата, типични за сторителите на намамување во подолг временски период (понекогаш и неколку месеци), брзо преминуваат во закани, заплашување и присилба откако лицето ќе биде убедено да ги испрати првите сексуални слики од себе.[119]

**Сексуално вознемирување:** *„Која било форма на непосакувано вербално, невербално или физичко однесување од сексуална природа со цел или намера за повредување на достоинството на една личност, особено при создавање заплашувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или навредлива средина“*, како што е дефинирано во Истанбулската конвенција (чл. 40), единствената меѓународно правна дефиниција на терминот.[120]

**Деца кои покажале штетно сексуално однесување:** Овој термин се однесува на сексуално однесување или развојно несоодветно сексуално однесување што го покажуваат децата и младите, а кое е штетно или насилно.[121]

За понатамошни упатства за терминологијата и клучните аспекти, погледнете ги Терминолошките упатства за заштита на децата од сексуална експлоатација и злоупотреба.[122]

117 Исто, стр. 86.
118 Исто, стр. 95.
119 Исто, стр. 97 – 98.
120 Исто, стр. 36 – 38.
121 Исто, стр. 160.
122 Меѓуагенциска работна група за сексуална експлоатација на децата, *Терминолошки упатства за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба: второ издание*, ECPAT, Бангкок, 2025 г.